**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение Дваесет и деветата седница**
**на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 4 јули 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10, 5 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тито Петковски, Али Ахмети, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, Лилјана Иванова, Благој Голомеов, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Каролина Ристева, Недим Мемишовски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Ѓорѓи Оровчанец, Сасшко Кедев, Марија Којзаклиска, Ристо Пејоски, Блажо Стојаноски, Никола Груевски, Ганка Самоилова - Цветанова, Слободан Чашуле, Ѓорѓи Трендафилов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на сесдницата.

Продолжуваме со претрес по информацијата за состојбите во АД "Елекстростопанство на Македонија" и селективна примена на правото во процесот на реформите со отпуштање на вработените.

Одиме по редоследот на пријавени.

Макрадули Јани, не е тука.

Китановски Илија, не е тука.

Ќурчиев Никола, не е тука

Драган Ѓорѓиев,. повелете.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Почитуван Претседателе, Почитуванипретставници на ЕСМ, почитувани партеници.

Во периодот од 1999 година па се до 2002 година кога во ЕСМ имаше исклуживо политичко раководење на компанијата, не се забележа никаква инвестициона активност односно имаше континуирано негативен тренд на произведена електрична енергија од минус 3,3% годишно. Тоа значи дека во еден период кога го немаме зголемено обемот на работа во однос на производството и дистрибуцијата на електричната енергија, се вршеја претежно предизборни вработувања без притоа, да има реална потреба за нови работни места.

Бројката од над 1500 нови вработувања за период од четири години, не само што не го зголеми обемот на производство и дистрибуција на електрична енергија, туку гоо намали квалитетот на работа во скоро сите подружници на ЕСМ, посебно во однос на процентот на наплата на електрична енергија во однос на зголемување на загубите на електрична енергија итн.

Во врска со бројот на вработените во подручница на Електродистрибуција Струмица ќе ги наведам следните податоци:

Во 1993 година во електродистрибуција Струмица имало 119 вработени. Бројот на вработени наредната 1994 година се намалува на 114, за во 1996 година се намали на 100 вработени. До крајот на 1998 година бројката на вработени во Електродистрибуција Струмица изнесува 96 вработени лица. Оваа бројка за неполни четири години од 1998 и 2002 година се зголемува на 149 вработени лица. Тоа значи разликата од 57 нови вработени во Електродистрибуција Струмица дополнително финансиски го оптоварува ЕСМ, годишно, во износ од 340 илјади евра односно за период од 4 години од сума од 1.370.000 евра.

Овие нови 57 вработувања се покажаа како нерационални и непрофитабилни, бидејќи обемот и квалитетот на работа во електродистрибуција Струмица, во периодот после 1999 година се намалува. Имено во периодот пред 1998 година процентот на наплата беше секој пат на 90%. Некој пат достигнуваше дури и над 94% наплата, додека во 2002 година процентот на наплата изнеува помалку од 64%.

Понатаму загубите на електрична енергија во Електродистрибуција Струмица во 1998 година изнесуваа 11,24% а во 2002 година тие се покачуваат до 17,57%, или повеќе од 6,3% разлика во загуби на електрична енергија. На прв поглед овој процент за неупатени лица не претставува ништо, но ако го квантифицираме во бројки и во износ, го имаме слендото: 190 милиони киловати годишно помножено по разликата во загуби на електрична енергија што изнесува 6,33% и по цената на жинење на киловат час, тоа е износ од 570.000 долари годишно, или за четири години , од 1998 до 2002 година електродистрибуција Струмица го оштетува ЕСМ за сума од 2.300.000 евра.

Ако землеме дека учеството на Електродистрибуција Струмица во вкупната потрошувачка на дистрибуциите на РМ изнесува само 3,6%, тогаш на ниво на ЕСМ, сразмерно на овој процент оваа загуба на електрична енергија би изнесувала околу 64.000,.000 евра, нанесена Штета на ЕСМ.

За светски стандард загубите за пренос и дистрибуицја на електрична енергија се движат од 8 до 10%. Загубите на електрична енергија кои се движат над овие граници најчесто се резултат на дивото приклучување на корисници на електрична енергија, со што се врши кражба на елекетрична енергија не ЕСМ.

Знаеме дека во одредени подружници на ЕСМ овие загуби на електрична енергија изнесуваат и до 25%. тоа се должеше над тивкото премолчување и недомаќинското раководење на раководните тимови скоро во сите подружници на ЕСМ, со ислучок на некои, во изминатите 4 години, дури и директна инволвираност на некои од вработените во изведување на дивите приклучоци, се со цел да се задоволат одреднеи категории на лица, особено во предизборните периоди.

Во текот на 1999 година па се до 2002 година, преку електродистрибуција Струмица инвестирано е во објекти чија сопственост е на трети лица. Со ваквиот начин на работа, со користење на средствата спротивно на предвиденото, на инвестиционит епрограми за 2001 - 2002 година, во делот на електродистрибуција Струмица и ненаменското користење на финансиските средства на ЕСМ, директно е оштетено со преку 10 милиони денари.

Понатаму, поедини вработувања во електродистрибуција Струмица, при градба на ниско напонски мрежи и изведување на приклучоци, го оштетиле ЕСМ за сума од 1 милион денари која сума е присвоена и за истите се води истражно судска постапка.

Во електричната мрежа на електродистрибуција Струмица вградени се околу 300 парчиња демонтирани стари поштенски столови, со што е направена штета од околу 100 иљјади евра.

И покрај овие дополнителни финансиски оптоварувања предизвикани од новите 57 вработени кои го отежнуваат нормалното работење на електродистрибуција Струмица во делот кој се однесува на спонзорство, донации, реклами, репрезентации, претходните 4 години се работело многу дарежливо.

Кога би го споредиле финансиското работење на Електродистрибуција Струмица во првите 5 месеци знажи од 1.01. до 31 мај, 2002 и 2003 година може слободно да се консттира дека во 2003 година имаме намалување на вкупните трошоци за 13.400.000 денари. Односно намалување за 23% во однос на претходната година за истиот период.

За да ја избегнеме субјективноста и пореално да согледаме дали навистина имаме преработеност во нашите подружници на ЕСМ, би сакал пак да се навратам на бројот на вработнеи во електродистрибуција Струмица и да направам една компарација со електродистрибуциите во Петрич и Сандански кои се наоѓаат во соседна Бугарија. Имено, електродистрибуции Струмица, Петрич и Сандански, меѓу кои постои целосна соработка, опфаќаат општин со приблично ист број на жители, имааат приближно ист број на потрошувачи на електрична енергија и приближно иста потрошувачка на електрична енергија. Со еден збор исти параметри кои ја карактеризираат поедина електродистрибуција. Електродисрибуција Петрич има вкупно 60 вработени, додека електродистрибуција Сандански има 70 вработени, а кај нас во електродистрибуција има дури 149 вработени. тоа значи од два до 2 ипол пати повеќе на дистрибуции со исти параметри. Понатаму, значи дека во време кога е неминовна либерализација за енергетскиот сектор што подразбира законски отворање на пазарот и овозможување на конкуренција ме!у сите учесници на истиот, неизбежно се наметнува потребата од започнување на процес на економски, технолошки и сруктурални промени во ЕСМ, притоа подготвувајќи се зај приватизација на одделни делови на ЕСМ, заради поттикнување на инвестициона активност во енергетскиот сектор и подобрување на ефикасноста во

производство на дистрибуција на електрична енергија. Ова може да се постигне со напуштање на практиката за политичко раководење на ЕСМ и ангажирање на стручен и професионален менаџмент, со што би се обезбедило финансиско стабилизирање на ЕСМ, техничка санација на електроенергетскиот систем на Македонија и итно започнување на инвестициски циклус и изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија.

(со седницата продолжува да раководи Лилјана Поповска потпретседател на Собранието на РМ).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

одлуката на АД ЕСМ да отпушти преку 1100 вработени не се голема вознемиреност на македонската јавност, како поради оправданоста односно неоправданоста на самиот чин на отпуштање, така и поради начинот на кој селекцијата е извршена односно отпуШтањето од работа само на вработените кои засновале работен однос во последните 3-4 години, значи во времето на претходната Влада.

Од она што посебни би се задржал е отпуштањето на 226 вработени во Кичево односно 212 во РЕК Осломеј и 14 во Електродистрибуција Кичево, што буквално за градот Кичево и за околината значи економска и социјална катастрофа не само за семејствата на тие луѓе, туку и пошироко. Заради оваа состојба и заради овој акутен проблем и Советот на општина Кичево заседаваШе и даде едногласна поддршка на барањата на вработените за преиспитување на

одлуката за нивно отпуштање. Се надевам дека и денес ние ќе имаме доблест таа поддршка да им ја дадеме на луѓето кои се борат да го зачуваат едно од основните нивни права а тоа е правото со сопствен труд да заработат за живот за себе и за своите семејства.

Одлуката за прогласување на структурален и економски вишок, како и начинот на нејзиното спроведување е неиздржана и неоправдана од повеќе причини.

Прво сметамдека не се исцрпени сите внатрешни можности за заштеди и преструктуирање во компанијата, па дури потоа да се прибегне кон оваа, сепак, непопуларна одлука и мерка и за раководството на ЕСМ.

Во претходните дискусии во текот на вчерашниот ден имаше повеќе кнкретни размислувања, предлози и мислам дека раководството на ЕСМ може да ги земе предвид во размислувње за еден од начините за ублажување на оваа состојба односно еден од начините на кој може да се изврши одредена заштеда Ѓ, без да се изврши одредено отпуштање на вработените.

Втора причина и законски и формално правна е, сепак за да има една валидна одлука за прогласување на структурален и економски вишок, Законот за работни односи бара воведување на поголеми промени и новини од технологијата и производството, кои , барем колку што мене ми е познато ги нема, или ги нема во теков обем.

Ако се работи за проект за намалување на јавната администрација, како што добива публицитет во јавноста оваа одлука и тоа не можеме да го подведеме баш под оваа категорија затоа што, барем што се однесува до вработените во РЕК Осломеј, оние што се најдоа на списокот, буквално се непосредни производители, работници

во рудникот, на транспорниот систем, на траките, или пак високообразовани стручњаци, инженери кои во никој случај не може да се бројат во јавна администрација.

Една од за мене најважните причини за неиздржаноста на тезата на вишок работници е и тоа што, додека од една страна се прогласува вишок од 212 работници во редовен работен однос, од друга страна се ангачираат или се ангажирани преку 100 работници, преку надворешни фирми, што дефинитивно ја потврдува неиздржаноста на тезата навистина за вистински вишок на работници во рудникот и термоелектричната централа Осломеј Кичево. Мислам дека во овој случај нема потреба да ги набројуваме фирмите, ниту пак луѓето кои дополнително се ангажирани, воопшто не им го оспорувај правото да си бараат и да добијат работа, затоа што тоа е нивно елементрано право и мислам дека не би било фер кон нив.

Исто така, најголемиот дел од овие вработени во РЕК Осломеј со години наназад работеле преку надворешни фирми во Термоелектраната посебно во рудникот , на најтешките работни места, добро се оспособени и ја познаваат работата, само што ја имале таа несреќа, решенијата за работен однос да ги добијат во последните година или две, и мислам дека навистина сите импликации покажуваат односно водат кон оваа констатација. Толку и да се трудиме да размислуваме поинаку, или на тоа да му дадеме еден контекст на програма на анализа за структурни промени, сепак, констатацијата е дека навистина , луѓе кои со години наназад работеле во производствениот процес, директно се прогласени за структурален или економски вишок, токму заради тоа што во периодот од последните година или две добиле решенија за редовен работен однос.

Мислам дека во секоја компанија, ако навистина се утврди преку бројност на вработените, она што е најнормално, што треба да се направи е, во исто време додека правите анализа и програма за пуштање на редовно вработени, апсолутно е неизводливо, приоритет за останување на работа  да имаат оние работници кои се ангажирани преку надворешни фирми, затоа што природата на работите, посебно во рудникот е таква што овие вработени би можеле и сигурно би извршувале работи и дејности по налог на раководителите кои би биле од подруг обем на опис и попис што го имаат на работните места. Отпуштањето на 212 вработени од ТЕ Осломеј а во исто време, останување или ангажирање на преку 100 нови или постојни работници кои работат преку надворешни фирми, навистина е работа која тешко може да се објасни на јавноста и на оние луѓе кои се отпуштаат од работа.

Уште една работа паѓа в очи а тоа е дека, тоа што и претходно го кажав, буквално сите вработени кои се најдоа на овие списоци се вработени во последните четири години, што нвистина укажува на една можна политичка заднина или една тенденција, сите оние кои се вработени  од претходната Влада да бидат прогласени за технолошки вишок, а сето тоа е запакувано во анализата и програмата за структурални промени во компанијата, посебно преку бодирањето, во рамките на колективниот договор, кое бодирање , иако може би за него би требало да се разговара и да се размислува во времто кога е правен тој клективендоговор. Тоа бодирање дозволува такви субјективизми и изобилува со такви субјективизми и импровизации, што едноставно по приципот пиши бриши, буквално раководствата или раководителите, она што претходно го имаат смислено она што претходно го одлучиле за

одредени структури, за одредени работни места, или за одредени лица кои се на работа, можат да го реализираат и тоа преку овие субјкетивни критериуми. Имаме таму за бодирањето, буквално за ангажирање на работното место односно за извонредно ангажирање, за просечно или воопшто, разлика од 0 до 90 бодови и тоа, буквално, кандидатот или работникот кој е бодиран може да го исфрли од, така да кажам игра, од работното место, без разлика дали и колку има освоено или добил бодови по другите критериуми кои не дозволуваат такво субјективно третирање.



ИЛИЈА КИТАНОСКИ: (Продолжение)

Мислам дека и покрај ваквите и објективни и субјективни критериуми правени се доста корекции за да се дојде до таа бројка, или до тие луѓе кои што биле предвидени однапред да бидат избркани од работа. Мислам дека најповеќе овој дел што се однесува до бодирањето, мислам дека ќе падне на првиот формално правен тест на кој што ќе биде подложен.

Она што сакам посебно да го потенцирам, со што би се сложил и со излагањето во текот на вчерашниот ден на генералниот директор на ЕСМ, дека РЕК Осломеј за Кичево и за целиот регион значи буквално рбет на стопанството. Точно е дека за Кичево и за кичевчани РЕК Осломеј значи живот за градот и за целиот регион и точно е дека на сите нас ни е тој комбинат неопходен за нормално живеење, за нормален економски живот и развој на градот. Меѓутоа, исто така е точно и нормално е најголемиот дел од луѓето, од населението својата егзистенција на овој, или на оној начин да ја бараат токму во вработување во Комбинатот, односно во РЕК Осломеј. Исто така е нормално залагањето на сите нас оние луѓе кои што веќе оствариле

редовен работен однос во компанијата, односно во рудникот Осломеј, ќе повторам, на тешки работни задачи, сепак тоа е рудник од отворен, мислам површински коп, меѓутоа е рудник, да им се овозможи да продолжат да ги хранат своите семејства со чесен труд, со пот, затоа што верувајте 70% барем од луѓето кои се најдоа на тој список се единствени хранители на своите семејства, има и самохрани родители и социјални случаи. Така што мислам дека државата во овој случај на овој, или на оној начин во тие семејства, кај тие луѓе секако ќе треба да интервенира, односно да дотира. Мислам дека е многу подобро на тие луѓе да им се овозможи на нормален начин со пот и со труд да си ја заработат егзистенцијата за себе и за своето семејство.

Поддршката што тие луѓе ја бараат од нас како пратеници, мислам дека сепак е најмалото нешто што можеме да го сториме за нив без посебно да навлегуваме во широки елаборации за состојбата, за оправданоста итн. Сите знаеме декам реформите се неопходни, дека треба да има реформи, меѓутоа реформите не треба да се сведуваат само на голо отпуштање од работа без проекти кои што ќе навестуваат, или ќе наведуваат на кој начин тие реформи ќе донесат благосостојба во наредниот период.

На крајот, би сакал уште еднаш да апелирам до сите колеги да дадат поддршка на барањата на вработените кои што се најдоа на списоците за отпуштање и да се солидаризираат практично со нивните колеги одборници од Советот на општина Кичево кои што на својата седница одржана на 27.06.2003 едногласно, значи сите одборници, сите советници од сите советнички групи од ВМРО-ДПМНЕ, од СДСМ, од ЛДП, од ДПА и од ПДП ги донесоа следните заклучоци. Дозволете да ви ги прочитам.

"Советот на општина Кичево на седницата одржана на 27.06.2003 година ги донесе следните заклучоци.

Прво, да се преиспита одлуката за прогласување технолошки вишок на вработени донесена од страна на ЕСМ АД во државна сопственост Скопје. И посебно при преиспитувањето да се обрне внимание на критериумите применети за бодирање поединечно за секој вработен. Да ги извести вработените за престанок на нивниот работен однос. Уште еднаш да се отстранат сите можности на сите нивоа за враќање на работниците кои што се отпуштаат.

Второ, да се исцрпат сите можности на штедење и рационално работење во компанијата, заради тоа што се ангажирани работници од надворешни фирми, а од друга страна се отпуштаат редовно вработени. Поголемиот број од работниците кои што се на списокот на програмата за прогласување на технолошки вишок не се административни работници, туку се ангажирани директно во процесот во работење во рудникот и во Електраната. И да се настојува да не се земаат во предвид за прогласување на технолошки вишок работниците од општина Осломеј, бидејќи истите во рудникот се во мал број.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесување. Совет на општина Кичево".

Уште еднаш би апелирал до сите колеги навистина да ги надминеме сите дневно политички конотации, затоа што сепак ова е тема и точка која што апсолутно не заслужува таков третман. Исто така тема и точка за која што опозицијата, односно ВМРО-ДПМНЕ апсолутно не е против реформите кои што се неопходни и во јавната и во државната администрација, меѓутоа сепак тоа да биде на еден поосмислен, поинвентивен начин со вистински структурни реформи кои

што ќе значат навистина надеж за подобра благосостојба и на вработените во јавната администрација и на сите овие компании и државни органи кои што треба да бидат предмет на тие реформи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставник на Министерството за економија, генерален директор на Електростопанство на Македонија, колеги пратеници. Фокусирањето и транспарентноста на прашањето што денес се најде на дневен ред пред пратениците на Собранието на Република Македонија целосно го потврдува позитивниот слух на актуелната власт да се содејствува со тековните носечки и пред се витални проблеми кои претставуваат пресек на општествено-економскиот, стопанскиот, но секако и политичкиот миг. Очигледно повеќе од факт е дека збиднувањата кои не опкружуваат последните денови, а кои својот повод го извлекуваат од реформските процеси на АД Електростопанство на Македонија, не се ниту беззначајни, ниту маргинални, а уште помалку од некоја статична природа. На една страна се работи за нужни, неопходни и по своја суштественост незаобиколни процеси на консолидирање на рационално оперативниот концепт на ангажирање на работната сила, а на друга страна редукција на бројот на превработеност. Разбирливо задира во битието на човекот, неговото семејство, неговата споивост со општествената целина. Во таа смисла јас би сакал да укажам на два битни моменти во тој домен. Мноштвото аналитички согледувања јасно упатува на фактот дека спецификата на

проблемот разбирливо не не остава спокојни и рамнодушни, бидејќи се работи за наши сограѓани, соседи, пријатели, роднини, особено кога се работи за престанок на работниот однос, процес што станува своевидна нужна опседнатост на сите нас. Притоа, да не заборавиме дека мноштвото и доминантно дозирање на овој проблем наводно во името на грижа за граѓанинот се генерираше во периодот на владеење на претходната власт која наместо со својот политички репер, и видокругот да ги стави објективните и рационални визии на стопанската целина на капацитетите во Република Македонија, таа изразуваше лажна надеж воопшто кон сите граѓани, воведувајќи го ирреален и ирационален развоен концепт. Разбирливо во таквиот замаглен развоен пат одделни капацитети и јавни претпријатија не ретко беа во статус на центри во кои непродуктивно се форсираа и мегаломански зафати во кои се создаваше меѓу простор за појава на криминогени дејства на одделни водечки групи и естаблишменти, наспроти објективните и секојдневни потреби на граѓаните во процесот на економијата, здравството, образованието и другите сфери да им се обезбеди достоинствен живот, стандард и перспектива. Ако кон сето тоа се додаде и фактот дека таквите појавипретставуваа своевидна активистичка кампања, тогаш уште посигурен и повоочлив станува заклучокот од каде што ова навистина не е прашање за потценување. Сега е сосема видливо дека оние кои што партиципираа во создавањето на овие состојби, сега се партиски душегрижници и спасители. Навистина за зачудување.

Почитувани пратеници, наспроти сето тоа актуелната власт со сиот свој мобилитет во услови на сложени општествени текови, актуелни внатрешни и надворешни состојби и трансформации, структуирања и преструктуирања, студиозно, темелно и пред се

аргументирано и стручно ги вложува своите максимални напори свесни за времето во кое живееме не за да се обезличат, туку квалитативно сега да се доформулираат развојните процеси и трансформации кои разбирливо во себе носат и одделни придружни непосакувани последици, за потоа да се обезбеди стабилен и долгорочен развоен континуитет. Притоа, сите усилби се стремат во рамките на рационалните параметри да се респектира човекот работник, но тој респект не да биде спротивен на равојните програми и планови што се од општ интерес за сите. Истовремено нашето тежиште е работникот да биде составен дел на стабилните и квантитативни општествено економски процеси во интерес на долгорочните ефекти и вредности, а не само во контекст на едномандатни прислужности.

Во овој контекст јас би сакал да се осврнам на работата на подружница РЕК Осломеј во минатиот период. Состојбите во комбинатот драстично почнаа да се нарушуваат уште на почетокот на 1999 година. Јас би истакнал неколку енергетски показатели колку за споредба врз база на кои би се донеле неколку заклучоци.

Производството на електрична енергија за 1998 година изнесува 869 милиони 037 илјади киловат часови што претставува најголемо производство од постоењето на комбинатот. За ова производство потрошени се само 814 тони мазут, што значи помалку од 1 грам по киловат час кој мазут е потрошен само за стартирање на термоелектраната кога се вклучува од ладна состојба додека мазутот скоро е елиминиран за поддршка при согорувањето. За сето ова е ископан и потрошен милион 312571 тон јаглен. Што се случува? Наредната 1999 година, замислете произведено е само 342 милиони 608 илјади киловат часови, што значи скоро една третина од

минатогодишното производство, т.е. производството во 1998 година, за што е ископано помалку од половина јаглед од оној што е ископан во 1998 година или 633 илјади 395 тони. Истото се случуваше и во 2000 година каде што е произведено 462 милиони, или скоро една половина од она во 1998 година и поранешното, во 2001 година 706 милиони, во 2002 година 474 милиони киловат часови. Од сето ова се гледа дека со нивното неангажирање и нестручно водење на комбинатот не успеаа да ги постигнат ниту просечните норми на овој капацитет кој за овие капацитети се движи спрема европските и светските норми некаде околу 650 милиони киловат часови годишно. Раководната структура која беше поставена прв пат се соочи со оваа проблематика и ниту од далеку не ја познаваше суштината на технолошкиот процес, а најмалку покажуваше интерес да ги надмине тие состојби. Ова неангажирано водење од страна на раководниот кадар беше оставено исклучиво на работниците кои благодарение на својата совест, искуство и желба за остварување на подобри резултати го остваруваа производството на електрична енергија. За несреќата да биде уште поголема и повисокото раководство на ЕСМ беше од ист ков и не наоѓаше можност најверојатно и по осознавањето на работите да укаже на некои слабости во раководењето и организирањето на процесот на нашиот комибинат. Уште на почетокот беа примани партиски кадри без ниеден ден работно искуство и беа поставувани на раководни места од кои нормално толку можеше да се очекува да дадат свој допринос. Но, што е најтрагично во сето тоа не покажуваа интерес за осознавање на технолошкиот процес со цел да се даде свој морален допринос во остварување на подобри и поголеми работни резултати во работењето на овој комбинат. Од сето ова произлегуваат и некои финансиски резултати. Вкупните неизмирени

обврски на подружница РЕК Осломеј кон добавувачите заклучно со 31.12.1998 година изнесуваа 60 милиони денари. Додека пак истите заклучно со31.12.2002 година изнесуваа приближно 10 пати повеќе. Додека пак истите обврски од страна на ЕСМ на АД ЕСМ за истиот период се зголемени за околу 70%. Додека пак побарувањата на ниво на АД ЕСМ се зголемени дури за 135%.

Спонзорствата во подружница РЕК Осломеј се зголемени за 8 пати. Има склучувано договори каде што после потпишувањето на основниот договор, потпишувани се анекс договори кои ги надминуваат и висините на основниот договор. Во споредба сегашниот ремонт е завршен без ниеден потпишан анекс договор. За поголем дел од вршените јавни набавки не е водена книга, регистар за јавни набавки. Исто така, вршени се набавки кои не се во согласност со Законот за јавни набавки, а вршено е и избор на најповолен понудувач, иако конкурирале еден или двајца понудувачи. Додека пак во Електродистрибуција и покрај нискиот процент за наплата кој е сведен скоро на половина од остварениот кој во континуитет до 1998 година се движеше 97, 98, дури до 99% наплата. На инкасаторите не им е направена контрола во работењето цели 4 години. Во истиот овој период не е планирана никаква инвестициона активност. Во текот на овие 4 години РЕК Осломеј не направи ништо на полето на ревитализација која во континуитет се реализираше до 1998 година со цел да се продолжи векот на опремата, ниту пак е направена некоја модернизација, или пак да неречеме реконструкција се со цел да се добие во заштеда, или усовршување, односно поедноставување на процесот.

Сега би сакал пак да се вратам на оствареното производство на јаглен од каде што се гледа дека во три од четири

грејни сезони не е обезбедено доволно количество енергетско гориво во количини кои се потребни според програмата за работа во зимски услови. Според тоа, во три грејни сезони термоелектраната во поголем дел не работеше, или пак работеше со снага помала од технички минимум од која снага може да трпи само опремата. Од сево ова досега искажано може да се констатира дека немало никаков зголемен обем на работа кој би бил оправдување за зголемување на вработеноста. Дури постигнат е обратен ефект. И со овие вработувања не се постигнати просечните норми на комбинатот. Наспроти сите збиднувања во овој момент околу зголемувањето на вработувањето како пример ќе посочам и дел од програмата за рационализација која ја отпочнавме во периодот уште од 1997 година и со трансформацијата и делувањето на споредните дејности од ЕСМ како што се друштво со ограничена одговорност Форд кој заклучно со 31.12.1998 година имаше 15 вработувања, моментално број 145 вработувања. Друштво со ограничена одговорност Сепарација кое на 31.12.1998 година имаше 12 работници, а сега брои 95. Ист е случајот и со Мотел Бисер Крушино кој од 25 сега има 40 вработувања. Сите овие вработувања реализирани се без да има и најелементарна потреба од ангажирање на нови работници, а ново вработените добиваат договори за работа на неопределено време, за работни места за кои секојдневно им се измислуваат и утврдуваат коефициенти кои ги надминуваат досегашните критериуми за вреднување на работните места.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Мал дел од овие вработувања се остварени со јавен оглас, а поголемиот дел од вработувањата се остварени со преземање и тоа со преземање од фирми каде што биле фиктивно пријавени три до пет

дена. За илустрација би посочил дека во Подружница РЕК Осломеј на крајот на 1998 година имало вработени 688, каде што во текот на целата календарска година работниот однос им престанал по основ на технолошки вишок на 17 вработени. На нивно место во текот на целата година примени се вкупно 58 работници. Додека во Електродистрибуција по истиот основ на технолошки вишок работниот однос им престанал на 13 вработени, а вкупно во истата таа година примени се само 14 вработени. Додека, пак, во периодот на 1990 година вработувањата во РЕК осломеј вака се движеле. Во 1998 година имало 700, од 688 во 1998 година,м во 1999 на 700. Во 2000-та година исто така 700, во 2001 701, а во 2002 година се случува она за кое што сега разговараме, така што вработени се околу 280, што значи дека целокупното вработување е остварено во периодот од осми месец до после изборите 2002 година, каде што се примени вкупно 281 работник. Уште да истакнам дека преку други фирми во Термоелектрана се ангажирани 150 работници, а во Рудник уште 50 работници. Сега, овие работници во Тудник и во Електрана сведени се на половина.

Врз основа на овие согледувања направена е анализа од страна на акционерското друштво ЕСМ и на Управниот одбор на АД донесена е Одлука за утврдување на потреба за воведување на економски, структурални и слични промени, кои се неминовни за постигнување на конкурентност на европскиот пазар, каде што се стремиме да бидеме и ние. Во Одлуката е констирано дека има потреба од воведување на овие промени, како и утврдување на бројот на вработени на кои им престанува нивното ангажирање во АД ЕСМ. На истата седница на Управниот одбор на АД ЕСМ донесена е и Програма за спроведување на гореспоменатата Одлука. Истата одлука е испратена на разгледување и

до Синдикатот на ЕСМ, кој враќа одговор дека треба да се продолжи со реформите. Во два наврати во овој период дадеа е можност за доброволно т.е. спогодбен престанок на работниот однос, со исполнување на услови за пензионирање, кое право за жалба го искористиле само 21 работник. Останатите се бодирани според дадената програма, а оние кои се најмалку бодирани се наоѓаат на списоците.

Од сето ова сакам да кажам дека на сите работници кои се наоѓаат на списоците, имаат право да достават жалби до Второстепената комисија, т.е. Управниот одбор на АД ЕСМ, каде што уште еднаш ќе се направи анализа и на сите извршени бодирања и доколку има неправилности, сите на кои ќе се утврдат тие неправилности, ќе бидат иземени од списоците, а работниците ќе бидат вратени на работното место. А, одговорните за тоа ќе сносат одговорност.

Исто така, сметам и оптимист сум во оваа насока дека е направен чекор напред и мислам дека се прави можност да се создатат услови за враќање на сите млади, квалитетни и талентирани кадри на работните места.

Меѓутоа, посебно ме загрижува за вчерашната појава на дел од работниците на кои им престанал работниот однос собрани во толпи се упатуваа пред сопствените куќи на раководните кадри во РЕК "Осломеј", како и прет сопственото живеалиште на пратеникот од Кичево, со цел да се прават тензии и внесува страв кај сопствените семејства. Во овој контекст, би сакал да кажам дека најмалку во сето ова се виновни вработените на кои им престанува работниот однос. Сета вина ја има поранешната раководна структура, која се охрабри да манипулира со сопственото членство и да врќи лажно вработување со голем интензитет

пред самите избори, спротивно на Законот за борба против корупција, кое вработување продолжи со уште поголем интензитет после изборите. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Ѓорге Паљошковски.

Извинете господине Паљошковски, за реплика се јави господинот Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Би сакал да реплицирам на излагањето на колегата Илиевски во оној дел во кој што можам, бидејќи сепак, тој беше вработен во РЕК "Осломеј", така што сигурно има податоци, кои што јас ги немам во овој момент, меѓутоа, сепак  една работа што е многу битна, а која што слуајно или намерно ја пропушти во однос на работењето на раководството на РЕК "Осломеј" и во однос на количините и интензитетот на работа на Термоелектричната централа и ископот на јаглен. Мислам дека испушти да каже дека во текот на изминатиот период односно во време на претходното раководство се направи најголемата капитална инвестиција и новиот коп Осломеј-Запад, кој што е на ТЕЦ "Осломеј", практично и го продолжи векот на траење за нови 10 до 15 години, што значи дека е една важна инвестиција, една голема работа, една битна работа за самата егзистенција на РЕК "Осломеј" е направена во тој период. Така, практично, сите тие количини на ископот, кој што биле помали од претходната, односно една година што е земена како репер, се резултат на крајното исцрпување на претходното наоѓалиште кое што ги трошеше последните резерви и вршењето паралелно на откривка на новиот коп Осломј-Запад. Мислам дека во тој

дел апсолутно ќе се сложиме и ако сакаме и тоа да го политизираме и ако веќе се кажува она што било претходно и што е направено, навистина треба да се биде реален и да не се политизира. Очигледно е дека се сака да се политизира со се и сешто, но, добро, тоа едноставно го оставам на колегата. Исто така, би сакал да реплицирам во оној дел на бројот на вработувањата во последната година. Јас и во моето излагање кажав дека, за жал, најголем дел од тие луѓе добиле решение во текот на последната година, меѓутоа, еден огромен број од нив години наназад, можеби во време и на претходното раководство и на пред тоа раководство, работеле во рудникот, посебно во ТЕЦ на најтешките рабтни места и работеле преку надворешни фирми, само што, уште еднаш ќе повторам, нивната несреќа е што тие решенија ги добиле, се валоризирале во време на претходната власт, односно последната година. Мислам дека во овој дел треба навистина да се каже и да се биде реален, да не се прави црно-бела слика, затоа што во време на претходните три години е отворен новиот ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, три минути изминаа.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

За време на претходните три години е отворен новиот коп Осломеј-Запад, набавен е транспортниот систем и пуштен е во употреба и ТЕЦ "Осломеј" сега се снабдува со јаглен од тој коп.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Илиевски реплика на репликата.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Навистина, жал ми е што сум испуштил некои работи и сега имам право да ги корегирам. Точно е тоа што опремата за Осломеј-Запад набавена ни е 1998 година, уште еден БТО систем кој беше пуштен во употреба уште во 1998 година. Според планот што го имавме со генералниот директор во 1999 година планиравме Осмомеј-Запад да биде отворен и да работи. За жал, до 2002 година Осломеј-Запад сеуште не е отворен и не може да работи. Исто така, вработувањето од овие 58 што ги кажав од 1998 година, токму се за пополнување на работните места на тој нов БТО систем, кој го пуштивме во употреба уште во 1998 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ако нема други реплики, тогаш збор има господинот Ѓорге Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Јас би кажал следното, од почетокот на новата Влада до денес, бројот на невработеноста постојано се зголемува. Последната официјална бројка на бројот на невработените лица во Република Македонија односно до крајот на мај до крајот на оваа година изнесува 384.294 лица. Исто така, во евиденцијата во Заводот за врбаботување постојано расте. Владата на СДСМ за надминување на овој актуелен

проблем за невработеноста, донесе Закон таканаречен Бранков закон за поттикнување на вработувањето. Амбициозниот проект на Владата на СДСМ, предвидуваше за две години да вработи 20000 лица и да потроши 33 милиони евра. До сега, од овој проект Владата на СДСМ односно Коалицијата за Македонија од таканаречениот Бранков закон вработени се само 1745 лица заклучно до 20 јуни. Во тој случај за зголемувањето на вработувањето не помогна Бранковиот закон. Згора на тоа на огласната табла на Дирекцијата и подружниците на Електростопанство на Македонија, овие денови беа истакнати списоци за испуштени работници од вкупна бројка 1100 лица, кои се прогласени како технолошки вишок. Овие лица по истакнувањето на списоците беа видно вознемирени и нервозни, затоа што нивната понатамошна егзистенција е загрозена, дури и загрижувачка. Својот револт и нервоза го искажаа со мирен протест пред ЕСМ, пред Владата на РМ, пред македонскиот Парламент и другите државни институции. Актуелното раководство на ЕСМ, кој бројот на вработените го намалува, според сознанијата биле чисто партиски убедувани. Работниците веќе го добиле известувањето дека на 1јули им престанува работниот однос и сметаат дека со ништо не придонеле да бидат третирани како граѓани од втор ред. Ова технолошко прогласување во ЕСМ е обична чистка на работници што биле блиски на претходната власт и кои се вработени од 1 јануари 1999 година. При отпуштањето не се водело сметка од страна на Владата и раководството на ЕСМ дека 90% од отпуштените ќе се најдат на улица без никакви средства за живот. Неводејќи сме4тка дека во евиденцијата на Заводот за вработување бројот се зголемил на невработените.На нивното предизборно ветување дека од секоја фамилија во Македонија ќе има по еден вработен, во конкретниот случај

излезе обратно. Од секое семејство ќе биде отпуштен од работа по еден. Од подружницата на ЕСМ во Струмица отпуштени се од работа 15 работници, кои претежно се млади луѓе, материјално се слаби и социјално загрозени. Ниту еден друг од семејството немаат вработено. Сите негативности во работата на ЕСМ во Струмица се префрлаат на новите вработени од 1999 година, па наваму. Со тоа признаваат дека ова отпуштање е од партиска природа, а не резултат на економските и технолошките промени.

Од напред наведената ситуација го повикувам и го прашувам лидерот на Сојузот на синдикатите на Македонија, зошто до сега седи со скрстени раце и делува незаинтересирано со случајот на ЕСМ, од кој гледа, слуша и чита од јавните гласила дека се гонат од работа 1100 работници. Во оваа ситуација лидерот е должен и негова законска обврска да ги штити правата на работницит,е бидејќи од нив живее. Потребно е на нив да им се придружи во нивните протести. Ако на македонската јавност не е познато зошто лидерот седи со скрстени раце и делува незаинтересирано, тоа е оobelоденето уште од порано кога заседаваше со премиерот пред парламентарните избори во 2002 година...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, говорите за човек што не е присутен и дури и му се обраќате. Тоа не е според Деловникот. Ве молам да се корегирате.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Од премиерот пред парламентарните избори 2002 година и од страна на лидерот на СДСМ му беше ветено дека ќе биде кандидат за претседател на државата, на претседателските избори во 2004 година.

Од тука, настанува неговата незаинтересираност. До колку не се заложи лидерот на ССМ заедно со премиерот да стават мораториум на отпуштање на работниците во ЕСМ и за понатамошното најавено отпуштање од работа од Министерството, под итно да си дадат оставка, бидејќи од тоа се гледа дека работат само за нивни лични и приателски интереси.

Исто така, му предлагам и на генералниот директор Панде Лазаров на ЕСМ да ја повлече оваа негова одлука за отупштање на 1100 работници, кои се прогласени за технолошки вишок. Мислам дека ќе биде разбирлив, од причини ако добро ја слушна и ја разбра добронамерната дискусија вчера на колегата Марјан Ѓорчев, да постапи по истата и во тој случај ќе избегне клетви од 1100 семејства по него и по неговото семејство. Затоа, господине генерален директор, добро размисли. Тоа ми го порачаа да ви го кажам отпуштените работници од ЕСМ од Струмица. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

На списокот има и други присутни пред мене, меѓутоа, имате право и да тактизирате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред вас беше пријавен Никола Ќурчиев од вчера, меѓутоа тој не е присутен, а друг нема.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Има уште еден, го криете, но не е важно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, службите да проверат кои се присутни тука.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сам проверив, нема потреба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, без инсинуации, господине Крстевски, господин Јани Макрадули сае одјави пред десетина минути.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Треба да констатирате дека се повлекува.

Во секој случај сакам една повеќе или помалку на почеток деловничка забелешка, навистина, веќе правиме преседан во парламентарната демократија и во нашата уставна и собраниска пракса да расправаме по тема на која претставник на Владата на Република Македонија не присуствува, односно барем надлежен министер, ако не и самиот премиер. Тоа е едната работа.

Второ, мислам дека арогантниот однос на Владата по прашање кога пратениците предлагаат на дневен ред да не градат мислење и став, во случајов пак Владата, ја нарушува релацијата на контрола на Парламентот врз извршната власт.

Што се однесува до денешната расправа со право е поставено, бидејќи ако денес пројде една ваква пракса во која одредена политичка гарнитура со политички мотиви врши реваншизам преку процесот на отпуштање на работници, тогаш натаму ќе се нарушат сите принципи на кои ги градевме до сега реформите во јавниот сектор. Мислам дека се потешко и потешко ќе наоѓаме заеднички точки на кои навистина правите вистински реформи, вклучувајќи го во тоа и ЕСМ, ќе треба да ги направиме заедно. Ова го велам, затоа што овој проблем со електросистемот на РМ не е од вчера, не е само наследен на минатата власт, не е ни само на претходната власт, туку во целиот повоен развој на РМ ние се соочуваме со проблемот на електросистемот.

ИВ/1.-НН /ОМ

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (Продолжение)

И денешната расправа која се врти само околу овој потек, кој е чисто политички мотив има можеби некои економски мотиви, можеби некои сегменти во работата на Електростопанство каде што навистина се намалува админситрацијата и т.н., покажува дека ние вистински концепт за развој на електросистемот и на ова претпријатие немаме. Наместо ние како пратеници да ги соочиме овде вистинските виновници и вистинскит еносители и кочници на тој концепт ние денес го притискаме генералнито диртектор на Електростопанство кој пред нас не може во ниедна постапка да одговара, затоа што ние ните сме му работодаватели, ниту сме го именувале, ниту сме основачи на Електростопанство, ниту тој има обврска за својто финансиски ангажман да одговара пред нас пратениците. Значи сé е наопаку поставео, а повеќе од јасно, јавна тајна е дека постои коалиционен договор заради лошото раотење на стопанството се поголемиот број на невработеност постои политички договор да се отпуштат одреден број луѓе во јавните

претпријатија и установи и на нивно место да се стават политички подобни или блиски до владеачките партии.

Тоа не е пракса само на оваа власт, тоа било и порано и пак е причина или последица на  немањето на реформи и концепт како да се оди понатаму. Денеска ќе беше многу попродуктивно ако ние разговаравме за тоа како нашиот електросистем ќе биде инкорпориран во евроспкито електросистем, кои се тие развојни перспективи и кои се организациони потези кои се нужни да се преземат за да тоа се направи.

Отпуштањето на 1000 луѓе со селективен пристап во кој нема ни елементарна студија за организационата поставеност, кадровскито состав, компарација помеѓу новите знаења и тоа што постои во Електростопанство да нема ни еден потег кој би значел одвојување на несуштинските делови на претприајтието, да нема ниедна релација која ќе значи подобрување или зголемвуање на продуктивноста мислам дека само  посебе покажува дека за овој потег политиката е таа коај ги надредила работите така како што ги надредила. Впрочем и генералниот директор на штрајкувачите тоа им го кажа, им го призна и ги упати на Владата, ние не сме во можност повторно со Владата да оствариме разговор.

Не, затоа што сите наши јавни претприајтија се златни кокошки и до процесот на приватизацијата тие ќе бидат извор на моќ на стопанската, финансиската и политичката алигархија во оваа држава. Тие тука не се појавуваат затоа што со тоа многу вешто ги сокриваат бизнис релациите што постојат и подршките што ги имаат од овие претпријатија, кои заради статусот на природен монопол сеуште позитивно работат во стопанството.

Дека постои политички договор кој доби своја форма во еден закон, а пред неколку дена го изменивме Законот за јавни претпријатиај каде што и на јавнит епретприајтија кои по дефиниција се само претпријатија коиимаат државна сопственост, значи основач е државата, политичка одредба е од Рамковниот договор за пропорционална застапеност на етничките заедници во Република Македонија. За тој Закон јас гласав против бидејки тој не се темели на никакви економски принципи кој единствено треба да се применуваат кога се во прашање работата и успешноста на субјектите во стопанството, било да се работи тоа и за јавните претприајтија.

Второ, сакам да го истакнам примерот на приватизацијата на макеоднскито Телеком каде што постои одредба за заштит ана вработените до 2007 година. Не ми е јасно зошто овде се избрзува ако во Студијата, за која дебели пари плати Република Македниај за да дојде до меѓународно признат тендер за продажба на дел, или на удел на Електростопанство,зошто тој проблем не се решава во пакет со приватизацијата на Електростопанство. ЗоШто нема иницијатива за одвојвуање на несуштинските делови на претприајтието . Со тоа ќе се покаже сигнал дека се прави минимален обид дел од овие кадри кои сигурно по своето знаење стекнато, нека биде и во последните 1, 2 и 3 години, сигурно се потребни во процесот на производство бидјеки се работи за производство, не е тоа трговска фирма.

Кога го кажувамподатокот околу промената и усогалсувањето ги имам предвид и одговор барам зошто се избркани 18 македонци од подружницата во Дебар. Дали вие сваќате дека ние макеоднците во Западниот дел на Македониај сме малцинство во однос на другите етнички заедници. Зошто таму е направен тој чекор? Затоа

штопринципот на правичнос, ако така го гледаме и низ формата на организирање на јавнит епретпријатија и обратно треба да се земе. Тоа е директен атак на социјалниот момент на тие луѓе и сигурен сигнал дека тие луѓе треба на друго место во Македонија да си бараат егзистенција. Мислам дека таквите одлуки треба да се повлечат, а кога веќе со политика се бавите во оваа рабтоа бавете се до крај.

Да кажам дека со некои што имаме различни и професионални ангажмани, јас сум еден од тие што водел јавнопретпријатие и многу добро знам низ каква пресија може да помине директор на јавно претпријатие кога некој во власта сака да задоволи некој личен или друг критериум. Со мојот стил сум се одбранил колку што сум можел, времето покажа дека јавното претпријатие за Аеродромски услуги во време од 1993 до 1996 година беше најдобро претпријатие во Република Макеоднија со најдобри перфоманси. Од 1996 година, по моето заминување 11 или 12 директори се променети. Денес јавното претприаЈтие за Аеродромски услуги кое е едно суфисцитирано претпријатие со страшни перфоманси во комуникацијата и транспортот стана претпријатие загубар што е нонсенс во регионот со оглед на компаративните економски и транспортни предности кои ги има. Ни емора да се запреме, мораме да ја употребиме науката, мораме да ја употребиме современата наука за управување на менанџмент, да ги видиме формите на приватизација и глобализација и да се вклучиме во тој процес. Се друго ќе биде сведено на дневна политика и на постоењето нејзино. Државата ги супстутуира загубите и глупостите, се извинувам на изразот, во јавните претпријатија. Многу малку овде ќе се докажуваме ако се навраќаме на работата од последните две години, четири или осум години и т.н. Во прашање е немање концепт за развој и

реформа на јавнито сектор. Впрочем во денешен Фокус и претставникот на СДСМ во управниот одбор на Телекомот, почитуваниот професор од Правниот факултет Давитковски тоа го кажува и мислам дек анајрационално би било директорот да смогне сили да ја повлече одлуката, да направи компромис со Владата, да ги преиспита критериумите и да направи голема отстапка од овој несакан чин за отпуштање на работници по политичка линија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Сакам да реплицирам на господинот Крстевски по две прашања.

Прво, на неговото искажување дека во Макеоднија нема концепт за развој на енергетиката и за развој на Електростопанството.

Сакам да потсетам дека се направени бројни студии и од странски консултанти, и од домашните стручњаци меѓу кои се вбројува и МАНУ вов рска со концептот за развој, етнички развој на енергетиката во Република Макеоднија и енергетиката воопшто.

За дел од студиите што се направени вов рска со структурниот развој на Електростопанство на Македонија јас вчера зборував тука, а зборуваше и директорот на Електростопанство на Македонија.

Покрај тоа уште минатата Влада ги започна преговорите, а оваа Влада ги потпиша преговорите, обврските према движењето на Атинскито кворум , поточно Меморандум во кој што се точно прецизни обврски со точно прецизирани крајни рокови во кои што треба да ги изврши структурните реформи во Електростопанството. Според тоа

имајки вакви планови со точно дефинирани датуми на преструктуирање мислам дек ане вреди да се каже дека не постојат никакви планови.

Другото прашање на кое што сакам да реплицирам е предлогот на колегата Крстевски дека проблем на вишокот вработени во Електростопанството во Македонија оваа Влада треба да го решава заедно во пакет со проектот на приватизацијата.

Да потсетам дек апроект-плаот за приватизација на Електростопанство на Македониај беше проект на минатата Влада, а сегашната Влада има проект за трансформација, реформи на Електростопанство на Македонија и успешна комерцијализација над претпријатието и негово комерцијално вклучување на регионалниот пазар на електрична енергија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има господинот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Науката во Македонија и стручната јавност, факултетите и т.н. дека се занимавале со прашањето на развој на електросистемот во Макеоднија е неспорно. Јас во тој правец би се согласил со госпоѓата, меѓутоа оваа наука забегуваше, така да кажам , дали заради трендовите, дали зарадиодносите кои со години беа во една друга држава во која Макеоднија беше членка, имаше идеи за нуклеарни централи, имаше и многу други идеи кои и ден денес според гласот на науката се многу прифатливи, меѓутоа реалноста е сосема друга.

Македонија најмногу струја добива од РЕК Битола и од Косово. Директорот е тука, за десетина години ќе се ицрпат количините на јаглен

и единствен алтернативен елемент кој може да го одржи е гасот. 15 години во државата не можеме да се договориме како да ја привршиме приватизацијата и да дадеме  импулс на изградба на гасовод. Според тоа во книгите пишува, сигурно дека има идеи, меѓутоа нема реализација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор господинот Никола Ќурчиев.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ:

Почитувани колеги пратеници,

претпоставувам дека сите пратеници без разлика на нивнат аполитичка определба говеорејки за прашањето што е на дневен ред ќе бидат свесни и ќе го имаат во предвид вистинското значење и тежината на процесот што отпочна во Електростопанството на Македонија и се разбира можните последици кои што произлегуваат од него.  За жал материјалто кој што ни беше доставен во прилог на дневниот ред, како и досегашната дискусија посебно на колегите од опозицијата упатуваат на констатација дека или проблемто не се разбира илине сака да се разбере или пак едноставно е со друга намера , истиот да добие друга димензија.

Во повеќето дискусии одредени наши колеги сами се прашуваат сами одговараат, точно онака како што најмногу им одговара и се разбира говореа за систематизацијата, за критериумите, за процедурите, за синдикалните избори, модели за вработување, системи на мерки и т.н. и т.н. Се разбира даваа предлози односно нудеа алтернативни

решенијакако да бидат спроведенир еформите промовирајкипринципи кои се многу поблиски  до договорната отколку до пазарната економија и така во недоглед.

Ценејки ја нивната голема загриженост не само за вработените во Електростопанство на Македонија, туку и за идните поколенија првото логично прашање кое што се наметнува е зошто сите овеи прашања, сите овие размислувања се навистиан предлози со тежина не се отворија, не ги разгледаа и не ги дадоа во првиот миг ког апред 4 години раководењето во Електростопанство го презеде нивниот реформски менаџерски тим на чело со господинот Арнаудов. Или можеби го направиле тоа ама Ламбе не ги послуша.

Колеги пратеници,

Како и да е навистина како луѓе сакаме да веруваме дека без оглед на политичката определба не постоиниту еден од 120-те пратеници во овој Парламент што може да посака и да подржи отпуштање од работа и влошување на социјалната положба на нашите граѓани. Затоа не е добро да се наметнува атмосфера и дебатата идебатата да се носи во правец на вештачко делење на пратениците во воа Собрание на пратеници кои што се за , пратеници кои се против и евентуално пратеници кои што се воздражани за отпуштањата во Електростопанството.

Ми се чини дека поставувањето на оваа точка на дневен ред, намерата беше сериозно да продискутираме за она што во моментот им тежи и ги мачи околу 1000 вработени во Електростопанството на Македонија кои реално се соочуваат со можноста  да останат без работа. Колку што знам сите партии кои што учествуваа во работата на Собранието се имаат изјаснето дека реформите се неопходни и

потребни. За реформите впрочем навистина долго слушавме и во изминатите 4 години. И пратениците од опозицијата, а уште пвоеќе од позицијата повеќе од јасно е дека меѓу другото реформите се и тежок и болен процес кој носи последици за какви што зборуваме ние денеска. Знаеме дека реформите ни претстојат не само во Електростопанство на Македонија, туку во целиот јавен сектор, во државната администрација. Но не се само реформите. Што правиме со икс фирми што ги имаме во државата, стопанството, стопанските фирми, земјоделските комбинати кои исто така во изминатите 4 години се донесени на дереџе што прашање е на ден кога вработенит еод нив ќе се најдат на улица, а за волја на вистината добар дел од нив веќе се на улица. Значи, не се во прашање само 1000 вработени кои веќе го имаат или ќе го имаат проблемто за кој навистина вреди да се дискутира денеска. Само еден пример да наведам од Гевгелиски Винојуг. Има 1000 такви работници кои што не од денес, или од вчера туку веќе 2- 3 години наназад се наоѓаат во оваа положба како што се наоѓаат овие 1000 вработени од Електростопанство.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ: (Продолжение)

Дали и за нив опозицијата ќе свика седница односно зошто не ја свика во моментот кога почнаа нивните проблеми и кога опозицијата беше во позиција да ги решава. Не заборавајте дека е огромен бројот и на оние кои воопшто немале можност да бидат вработени во изминатиот период. Значи, имаме комплексен проблем во врска со најсуштественото прашање за секој човек - вработувањето и во конкретниот случај отпуштање од работа заради структурални,

економски, технолошки и други промени во јавниот сектор на државата. Дали значи дека за недела - две или по месец - два опозицијата повторно ќе побара итна седница на ова Собрание, повторно ќе се наместиме пред камерите за да не види јавноста и ќе докажуваме кој повеќе сочувствува и кој повеќе се грижи за интересите, за потребите, за проблемите на граѓаните при тоа најголемото очекување, се разбира, е како да се петстави загриженост, што да се направи повеќе за себе, да се добие поен повеќе, а не нешто корисно и конкретно за тие луѓе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас чинам дека политичкиот натпревар заврши на 15 септември. Затоа, колку и да е неприфатливо навистина и колегите од опозицијата ќе треба да попричекаат нова шанса кога можеби евентуално и би поминале вакви политики какви што се обидуваат сега да наметнат. Судбината на овие луѓе што се навистина на голема мака и во сериозна неволја не е добро, не е во ред да се користи за политички тренинзи и разигрувања.

Според она што во материјалите го напишале координаторите на ДПМНЕ и ЛП ние сме пратеници во Собранието на држава што сака да биде дезмократска и да се развива и сите наши идеи и размисли, да не речам нашиот збор и постапки ги темелиме на здрави политички, економски и социјални основи. При тоа, според она што многу пати до сега сме имале можност да се декларираме, а и опозицијата е потенцирано и во нивната информација за сите нас дека реформските зафати со нагласена економска оправданост и запазена социјална компонента се сосема природна работа.

Понатаму, во делот на информацијата по една таква оптимистичка најава на политика за генерална подршка на реформските

процеси во државата, дадена од страна на опозицијата, продолжува со две, би рекол, чудни оценки, ќе парафразирам од ноември 1998 година до ноември 2002 година ДПМНЕ ги започнал најголемите реформи во државата и тоа не само во Електростопанство на Македонија, туку во сите сегменти и тие реформи биле базирани токму на здрави економски и социјални основи.

Според ДПМНЕ и ЛП тој исправен и здрав курс до тогаш невиден развој и напредок во сите сфери на државата, како и позитивни и реални реформи по 15-ти септември значи по нивното симнување од власт од страна на народот, се разбира, биле запрени и започнала економска стагнација и процес на селективна примена на правото. Незнам на што е засновано ова мислење, меѓутоа, чудна теза.

Исто така, оценувајќи ги состојбите во Електростопанство на Македонија колегите од опозицијата потенцираат главно четири работи. Според нив случувањата во Електростопанство на Македонија се почеток на реализирање на стратегија на селективен пристап во реформите. Не им се допаѓа анализата, елаборатот и предлог програмата за утврдување на потребата од реформи во Електростопанство на Македонија, сметаат дека Електростопанство на Македонија согласно показателите од заврната сметка за 2002 година не е во финансиска криза и според тоа не треба да отпуштаат работници, туку да се примаат многу повеќе од овие што треба да си заминат.

Имаат некои, така да ги наречам, процедурални забелешки на примената на законските одредби, синдикалните правилници, регуларноста на постапките и врз основа на сето претходно кажано убедени се и тврдат дека постапката за отпуштање од работа на над 1000 вработени во Електростопанство на Македонија е политички

реваншизам. Ваквите тврдења од страна на ЛП и ВМРО-ДПМНЕ образложени преку претходните дискусии кои имавме прилика да ги слушнеме најблаго речено немаат врска ниту имаат допирна точка со реалната состојба ниту со вистината. Знаете, кога е во прашање политиката колку и да сме умешни и речовити, не би можеле да ги санираме последиците, да ги избегнеме штетите ако не ги земеме во предвид и причините. Затоа, пред да го кажам моето мислење, пред да ја дадам мојата оценка за актуелните состојби во Електростопанство на Македонија јас ќе кажам накратко нешто за причините, па ако сакате и за причинителите.

Прво, коментарот или тезата за некаков селективен пристап кон реформите не држи од причини што ставот на парламентарната позиција и Владата на Република Македонија избрана од неа е многу познат. Реформи, без оглед на процесот, тој процес колку и да е тежок и болен ќе има и тоа секаде каде што веќе утврдивме дека е тоа неопходно. Се разбира, ако сакаме да одиме напред. Ако опозицијата се предломислила по тоа прашање нека повели и нека каже.

Второ, сметам дека утврдувањето на потребата од економски и технолошки структурални и други промени во било која фирма е сериозна и сложена работа. Всушност, тоа е процес кој бара време, стручност и компетентност. Од документите што имав прилика да ги прочитам, што имав можност да ги видам воопшто не ми е јасно врз основа на што пратениците, стручњаците или анализите кои ги прават во опозицијата, како заклучиле дека таков документ на Електростопанство на Македонија не содржи никаква анализа и дека не е квалитетен.

Третата работа е дали Електростопанство на Македонија е во добра или во лоша финансиска ситуација. Еве само неколку показатели.

За бројот на вработените и трошоците во Електростопанство на Македонија. Во декември 1998 година Електростопанство на Македонија има 7.945 вработувања. Во декември 2002 година значи по големите реформи на тогашната власт во Електростопанство на Македонија работат 1.527 работници повеќе, односно 9.472. Во 1998 година Електростопанство на Македонија за плати на вработените трошело 37 милијарди евра плус 1.000 евра на име други трошоци за вработените.

Во 2002 година за плати на вработените се потрошени 27% повеќе или 47,5 милиони евра додека за другите трошоци на вработените истата година исплатени се цели 10 милиони евра.

Што се однесува до побарувањата на Електростопанство на Македонија на 31 декември 2002 година од АД Електростопанство на Македонија констатира или констатирани се ненаплатени побарувања во износ од околу 211 милиони евра. 125 од индустриски потрошувачи, 75 од домаќинства и 12 милиони евра од останати. За волја на вистината Електростопанство на Македонија ненаплатени побарувања имал и пред тоа. На пример, на 31 декември 1998 година тие неплатени пбоарувања биле 135% помалку и изнесувале 91 милион евра. На 31.12.2002 година АД Електростопанство на Македонија констатира неизмирени обврски или долг во износ од 58 милиони евра. На 31.12.1998 година неизмирени обврски биле 70% помалку и изнесуваат само 34 милиони евра. Толку околу бројките кои навистина треба да бидат значаен параметар за финансиската состојба на фирмата.

Бидејќи кажав дека причините ги сметам за многу важни при барањето начини да се ублажи состојбата и последиците ќе набројам неколку аргументи кои можеби ќе ја потврдат или ќе ја побијат тезата дека од 1998 година до 2002 година од денешната опозиција во позиција на власт ги отпочнале најголемите и како што успеав да разберам многу успешни реформи во државата.

Еве како тие нивни толку фалени реформи се одразиција конкретно во Електростопанство на Македонија. Ќе се послужам со показатели за социјалната компонента значи за грижата за работниците така и за економската оправданост и неселективната примена на законите и процедурите. Во 1998 година за реклами и спонзорства Електростопанство на Македонија има потрошено 19,34 денари. За истата намена во 2002 година од касата на Електростопанство на Македонија потрошени се 569% повеќе средства или близу 2 милини евра.

Што се однесува до инвестициите и програмите највпечатлив е секако спомнатиот случај со ХЕ Козјак за чија изградба од 1994 до 2002 година знаеме колку беа потрошени средства, меѓутоа, мошне интересно дека од 30 септември 2001 година до 30 септември 2002 година реформското и домаќинското, се разбира, тогашно раководство претпоставувам мотивирано заради здрави економски, социјални и политички побуди водејќи сметка за фирмата и вработените не ги плаќало доспеаните обврски кон Кинеската банка за камати и провизии во износ од близу 9 милиони долари. Овој домаќинлак и стручност не чинат плус дополнителни 9 милиони долари капитализирани на главницата.

Што се однесува до материјално - финансиското работење и другите реформски чуда спомнав дека трошоците за реклами и спонзорства се покачени на повеќе од 500%. Меѓутоа, многу е впечатлив клучот по кој се давани спознорства главно на организации и клубови чии основачи или функцинери биле, претпоставувате од која страна. Неверојатно се зголемени и трошоците за бензин, службени патувања, репрезентација, при тоа без контрола никаква мерка на трошок на фирмата вклучувајќи не само за бензинот, дневниците и сместувања, патувале не само службени, меѓутоа, во повеќето случаи, приватни лица без Електростопанство на Македонија да има потреба или минимална оправданост од тоа. Наводно, за потребите на фирмата за потребните набавки вон секаква процедура, се разбира, купувани се скапи одела од ексклузивни бутици, има безброј случаи на давање големи аванси на лица кои воопшто не биле вработени во претпријатието, се разбира, ниту се вратени тие ниту ќе бидат вратени. Исплаќани се милионски суми тогашни германски марки како аванс на фирми за услуги кои никогаш не се извршени. Вешто е избегнуван или подобро речено целосно изигран Законот за јавни набавки при што се купувани стоки и материјали, договорани, се разбира во четири очи кои се далеку поскапи вон сите кретериуми, стандарди и квалитети.

Сега, дали треба да набројувам кога ќе речам дека дури електроматеријали како што дознав и видов се набавувани дури и од кебапчилница.

Почитувани колеги, за нерационално трошење на средства за материјалите за ремонти вообичаено било да се постапува кон изведба на објекти кои не се во инвестиционата програма, кои немаат никакво значење за вкупното подобрување на мрежата.

Вакви и слични работи можеме да зборуваме навистина во недоглед и да се повикуваме на работниците повеќе од 1000 кои навистина на овие високи температури не слушаат, а ние во оваа рзладена сала се натпреваруваме кој ќе има подолг говор.

Затоа, почитувани колеги пратеници јас навистина не успеав да разберам дали дискутирајќи за состојбите во Електростопанство на Македонија, грижејќи се за судбината на вработените што ќе бидат отпуштени, требаше да разбереме нешто, или некој сакаше да ни каже нешто.

Навистина не се согласувам затоа што сметам дека на ваков начин не е ништо друго, туку едноставн кажано арчење повеќе пари од државната каса за некакви да не кажам и во овој случај, партиски интереси.

Во Електростопанство на Македонија ако зборуваме или за сметка на него знаеме како се работеше во изминатите четири години, како токму како што рекоа дел од колегите причините кои ја доведоа оваа состојба и зошто навистина токму во овој момент работниците повеќе од 1000 се донесени на ова дереџе кое е сега.

За жал, сакале или не, сметката ќе мора да ја платиме сите и граѓаните кои се корисници на услугите од Електростопанство на Македонија како и вработените, меѓутоа, и ние како Парламент.

Затоа би сакал да апелирам од нашиот Парламент да не правиме еднаш да бидеме суд и да даваме пресуди, да даваме исправна или правнилна примена на некакви акти или толкување на законите како што ни треба или ни значи, друг пат да зборуваме за контрола и санкционирање на работењето на некакви си синдикални организации, трет пат да зборуваме за менаџерки тимови, форуми, за некакви стручни совети и т.н. и т.н.

НИКОЛА ЃУРЧИЕВ: (продолжение)

Во тоа име, пртпоставуваме дека многумина граѓани знаат дека состојбите во ЕСМ и состобата што ја имаме денеска е резултат на изминатиот период. Не треба да се потсетуваме како одеше наплатата и што ни се случуваше месец дена или ден пред изборите и како се собираат сметките за наплата за електричната енергија. Меѓутоа, искрено, и покрај сите грижи што сите ги имаме, претпоставувам, во овој момент, влужувајќи ја загриженоста на актуелната Влада да не ги повторува грешките на претходната, се надевам дека пожитуваните колеги од ВМРО-ДПМНЕ ќе успеат да го надминат овој проблем за кој што сакаат денеска да зборуваме, ќе ги видат реалните состојби, а не да профитираме иcлучиво политички.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен г-динот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво би сакал г-дин Ќуржиев да му реплицирам во една работа, г-дине Ќурчиев вие како генерален секретар на СКМ ПДП треб да се научите дека името на опозиционата партија овде, десно не е ДПМНЕ (реакции од страна на пратениците)  туку е ВМРО-ДПМНЕ. Сега јас намерно направив лапсуз за да видите како тоа звучи.

Инаку, кога веЌе зборувате за реформи, ве слушам внимателно меѓутоа, следејќи ја политиката на Владата во целиот овој изминат период откако сте после 15 септемврти, од реформи гледаме само отпуштање од работа. И, тоа не само во ЕСМ, туку и во сите други јавни претпријатија. И сега, за какви реформи г-дине Ќурчиев слушавме во

предизборната кампања? За вакви реформи не. Туку, како главна поента на вашите најави во кампањата беше борбата со невработеноста, поточно вработување и борба против сиромаштијата. На обратен нажин, сега испаѓа нешто сосема друго.

По однос на тоа какви реформи правела опозицијата, јас ќе ви кажам само една разлика. Опозицијата правеШе акви правеше реформи, меѓутоа, барем вработени не отпушташе. Ех сега, дали биле успешни или не народот пресудил на 15 септември и сега сте вие на власт., нормално вие ќе си одговарате за тоа што сте ги кажувале. Дали оозицијата секј месец или секој втор месец ќе иницира вакви праШања, јас да ви кажам, да, секогаШ ќе иницира прашања кога станува збор за судбината на РМ, особено од институционален карактер. Инаку, во едно сте во голема заблуда политичкиот натпревар г-дине Ќурчиев не заврши на 15 септември. Тврдам дека  допрва ќе почне на 15 септември. Може би на 15 септември ќе заврши. Барем така има најави не само од политички партии туку и од синдикати и други граѓани на РМ, кои не се премногу задоволни од вашето владеење досега.

Инаку, по однос на состојбите што зборувавте овде и изгледа добро ја извртевте тезата, бидејќи цело време зборувавте за состојбите во ЕС како некој работел недомаќински, вие како големи домаќини сето тоа ќе го регулирате, ќе го исправите. Какви домаќини сте Ве знаеме, ве знае и народот, но начинот на кој Што сето тоа ќе го направите, може би сите дубиози ќе ги покриете, се ќе решите, меѓутоа народот најверојатноо ќе го оставите на улица. Тоа се реформи за кои вие зборувате и што оваа Влада очигледно барем досега ги прави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика г-динот Ќурчиев.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ:

Господине Караџовски, јас навистина искрено се извинувам што може би ми се случило да го погрешам името на партијата на која што припаѓате, меѓутоа и во моето обраќање спомнав дека ако мислите дека има празнини, некакви недоречености или воопшто некакви неквалитетни решенија во Законите што ги донесовме ние или било кој, кој, овој дом, а кои што имат допирна точка со прашањето за што денеска дискутираме и разговараме, дајте да разговараме токму за тоа колку што е можно побрзо. Наша обврска е за овие работници од аспект на нашата надлежност да обезбедиме се што е потребно истите да имаат навистина еден демокртски амбиент, една квалитетна и регуларна процедура под услови што сите ќе бидсат рамноправни. И, во тој дел се согласувам да донесеме заклучоци и јавно ќе бидам за тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сум пратеник, и, како што сте забележале досега никогаш во име заради тоа што сум бил министер во минатата влада никогаш не сум повикал на тоа. Меѓутоа, овој пат ќе направам исклучок, бидејќи ноторна невистини се кажа по однос на изградбата на козјак и наводно задолжување во минатиот мандат од 9 милиони долари, како што разбрав на кредит со Кинеската страна.

Треба да знае г-динот Ќурчиев дека Договорот за опремата на ХЦ Козјак е потпишан од претходната Влада на г-динот Црвенковски и е потпишан со фирма - човек што во текот на изведбата на работите пропаѓа. Заради околјностите, што економски, што политички во текот на 1999 година е прекината работата. Се водеше спор, се водеа преговори,

се бараше решение за нешто што некој друг замешал. Најдобар начин да се излезе од таа ситуација што има и меѓународен и правен и економски карактер.

Денешниов договор што го има ЕС односно РМ преку одобрување на заем од 90-тина милиони долари е последица на лож договор со кинеската страна и тука никаква вина нема претходната влада г-дине Ќуржиев. Туку, напротив кога го носевме овде кредитот, немавме сили да го раскинеме тој договор, бидејќи г-дине Ќурчиев ние купуваме опрема што нема европски стандарди, туку допрва ќе бидат проблемите. Ги платиме сите дубиози на лошо склучен договор со фирма - човек во време кога некој друг бил на власт.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Ќурчиев.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ.

Само една реченица.

Многу добро знам кој го потпиша тој Договор и ако треба г-дине Крстевски да зборуваме за договори фирма - човек, верувајте ми дека ќе треба да зборува најмалку уште половина час. Се разбира, за договори што ги правеше претходната  Влада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Понатаму нема реплики.

Продолжуваме со дискусија.

За збор се јави г-ѓа Роза Топузова - Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Почитувана потпретседателке.

Почитувани пратеници.

Денеска, веќе втор ден говориме за еден актуелен мошне горлив проблем што од сите нас заслужува многу посериозен пристап. Моето обраќање ќе го започнам со една консттација, за сите вас познато, дека во Македонија, како држава, се соочуваме со најголемата ставка на невработеност во период од нејзиното осамостојување до денеска. Секако дека е тоа резултат на најразлични фактори што сега овде не би ги образложувала, меѓу кои е најзначаен лошиот менаџмент на националната економија, со децении наназад.

Овде би сакала да потенцирам дека еден од најголемите приоритети на ЛДП е токму решавање на проблемот на невработеноста и борба против сиромаштијата што ммогу често овде беше спомнувано. Затоа, затоа имаме целосно разбирање за сите луѓе кои ќе се најдаст во позиција да ја загубат својата работа, а со тоа и единствениот избор на егзистенција, па принципиелно сме против отпуштање на веќе вработените.

Но, од тоа што следи во моето понатамошно излагање, македонската јавност сама ќе оцени дали сегашната или претходна владеачка гарнитура не водела грижа за тие што веќе биле вработени во ЕСМ и за оние кои стихијно биле вработувани во периодот непосредно и по изборите. Овде ќе се осврнам на состојбата на подружницата на ЕСМ во Прилеп, средина што впрочем ја претставувам во Собранието на РМ.

Имено, во Прилеп, кога со право можеме да го наречеме еден од најсиромашните, најопустошените градови од економска точка во нашата држава, сосема е јасно дека секое отпуштање од работа може лошо да се рефлектира на економската состојба на граѓаните и на самиот град и да предизвика одреден револт. Убедена сум дека со презентирање на податоци што придонесоа да имаме денес вакви случувања во

прилепското електростопанство, граѓаните ќе имаат можност да согледаат кој и како ги доведе во оваа состојба. Сметам дека е крај на хипокризија, некој кој во последните години дал значаен придонес за ваквата состојб во подружницата на ЕС, со самото тоа што тој истиот ја раководел, за жал во моментов е отсутен, инаку актуелен пратеник од прилеп, г-динот Благоја Стојановски, секаде покажува невидена загриженост и притоа да изнесува невистини, се со цел да се амнестира од одговорноса.

Иако не ми е својствено, а не е ниту во духот на ЛДП да се обвинува претходната власт за она што го направила, сепак сметам дека е неопходно да се изнесат одредени факти за граѓаните да бидат подобро запознати со она што се случува деновиве а е резултат на едно недомаќинско работење во ова претпријатие.

Имено, за да се согледаат сите неправилности и во вработувањето, ќе се осврнам на периодот од 1996 до 2002 година во ЕС во Прилеп. Ја земам 1996, до 1998, односон последните години на владеењето на СДС за да не ме сватите како пристрасна во донесувањето на моите заклучоци.

Кога овие податоци ќе се расчленат по гони може јасно да се види небулозата во вработувањето. Па така, во 1996 година нема ниту еден вработен. За во 1997 година да имаме само еден вработен, а веќе во 1998 година двајца вработени. Оваа тенденција горе-долу продолжуваат и во следните години, со тоа што во 1999 година има седум вработувња а во 2000 година само 1. За да, во 2001 година имаме 37 вработувња, а во 2002 година 19. Значи, во изминативе две години се остварени вкупно 56 вработувања или 90% од вработувањата во подружницата на ЕСМ во Прилеп.

Од особено значење е да се направи анализа на нажинот на вработувњето во изминатие години. Заклучно со 1999 година, вклучувајќи ја и 1999 година, со институцијата оглас се вработени 7 луѓе, при што е почитувана оваа институција, што Ќе се согласите со мене дека е најобјективниот начин за вработување, особено во јавниот сектор. Веќе од 2000 година започнува искористување и злоупотреба на еден институт што потоа често има масовно е практикуван од претходната власт познат како вработување со преземање. За тоа, како се вршени овие вработувања во Прилеп нема потреба посебно да елаборирам. Но, ќе го спомнам фактот дека најголем број од вработените во ЕС Прилеп се извршни преку фирмата "Теракота" инаку позната како производител на вакви кадри за целокупниот прилепски јавен сектор.

Никако не сакам погрешно сватена дека сите кои биле вработени по пат на преземање се некомпетентни или дека се непотребни за ЕСМ. Сепак, ни се наметнува прашањето за тоа како се јави ненасушна таа потреба за толку масовно вработување непосредно пред и по изборите.

Друго што би сакала да потенцирам се однесува на стручноста на нововработените. Имено, во овие 64, не само што нема најдобри студенти и особено талентирани кадри, како што стои во образложението на Брањето  за свикување на оваа седница, туку се вработувани луѓе кои не ја задоволуваат потребната образовна структур за вработување на ЕСМ.

Од 64 вработувања во изминатие 4 години, само 4 и тоа сите 4 се примени во првите години, овде го вклучувам и директорот на Подружницата, моментно актуелен пратеник, се со високо образование од кои пак само 2 се електроинжењери. Повторно ќе нагласам, несум против нови вработувања. Но, од податоците  со кои располагам сосема

е јасно  дека во Подружницата во ЕСМ во Прилеп не било толку неопходно да се вработуват угостители, трговци, столари, дрводелци, и останати несоодветни занаетчии. Се прашувам каде се вашите стручни кадри и талентирани студенти ако се има предвид дека само во периодот од  2001 до 2002 година ставката за интелектуални услуги е зголемена за 15%. Значи, од 2001 до 2002 година , а само за илустрација, во претходните години ваква ставка воопшто и не потоела.

За да се комплетира сликата со вработувњата во ЕСМ во Прилеп, потребно е да се имаат предвид и уште еден вид на вработувања а тоа се вработувања со договор за дело. Така, во периодот од 1 јануари 1999 година до 5 мај 2002 година со договор на дело во Прилеп работеле 4 лица и тоа профил кој со својата стсручност одговара на потребите на ЕСМ, за да во периодот од 5. 08 2002 до 5.11.2002 година, значи непосредно пред и по изборите за само три месеци, по истиот овој основ се вработени 22лица. Овде би сакала да спомнам дека само за чување на алатите при интервенциите на Маркови Кули, што претставува посебна тема за дискусија биле ангажирани 7 чувари, не баре се чуваш некој трезор на Светската банка. Да биде трагедијата уште поголема, знаеме што се случуваше на локалитетот па по се изгледа дека многу поефтино ќе не чинеше да се работеше со алати за еднократна употреба отколку да се потрошеа толку пари за неефикасна и несоодветна чуварска служба.

ВИИ/1.-  ЛП/МП

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА: (Продолжение)

Во оваа ситуација би сакала да го споменам и целиот проект за осветлување на Марковите кули. Секој кој барем малку се разбира од оваа проблематика е свесен за нестручноста со која е

изведен проектот, неправилностите и дубиозите во текот на неговата реализација и несериозниот пристап кој постоел во тој период.

За таа цел овде и пред македонската јавност би сакала да презентирам одредена документација. Имено, со Одлука на Управниот одбор на Електростопанство од 25.07.2002 година се одредуваат средства во износ од 5 милиони денари за реализација на Проектот за осветлување на Манастирот "Свети Архангел Михаил" и локалитетот Маркови кули. Но не само сето тоа е изведено на еден невиден вандалски деструктивен начин, кој што нанесе непроценлива и ненадоместлива штета на локалитетот Маркови кули, кој е локалитет од особено значење за Република Македонија, туку се направени и низа неправилности при изведувањето на постапката. Всушност, проект за изградба во моментот на донесување на оваа одлука не постоел, што значи немало ни потребна документација за градење. Наместо предвидените 5 милиони денари за реализација на објектот, по не знам каква основа, се потрошени повеќе од 8,5 милиони денира. Објектот е ставен под напон во почетокот на септември 2002 година, без да се изврши официјален технички прием, ниту пак има извештај за техничката исправност. Заради нерегулирани односи во смисла на тоа кој е носител на проектот и кој ќе стопанисува понатаму со истиот, денес, односно во последно време дојде до значително оштетување и сега целиот комплекс остана без електрична енергија, каблите останаа расфрлени по локалитетот и на крајот епилогот е добро познат: ништо не е направено, се е неупотребливо и што е најстрашно, го загрозува животот на посетителите на овој локалитет.

На крајот, за да не ја заморувам македонската јавност со бројки кои многу добро отсликуваат како се управувало со подружницата

на Електродистрибуција во Прилеп, сосема накратко би споменала само уште неколку факти.

Иако од сегашниот директор имав намера да слушнам овде да изнесе нешто за зголемувањето на инвестициите во овој период, за нови инвестиции или пак реализација на наплатата, сето тоа изостана. Затоа, пак, издатоците за набавен канцелариски материјал се 138 илјади во 1999 година, осумкратно се зголемиле во 2002 година и пораснале на 1 милион денари. Трошоците за репрезенатиција од 719 илјади во 1999 година пораснале за 2,5 пати и изнесуваат преку 1.800.000 денари. Што се однесува пак до контраверзната ставка за други материјални трошоци, од 800 илјади во 1999 година се зголемиле ни за помалку ни за повеќе туку за 20 пати во 2002 година и изнесува 18 милиони денари.

Последниот податок што ќе го изнесам се однесува на прегледот на фактот како непланските вработувања се одразиле при исплатата на личните доходи на ЕСМ, што во бројки би изнесувало вака. Имено, во 1996 година за плати биле исплатени 43.316.000 денари, а во 2002 година истата ставка изнесува 62 милиони, значи повеќе од двојно.

Овој последно изнесен податок, како и претходно споменатите факти и аргументи јасно покажуваат кој се однесувал несериозно и неодговорно и со самото несоодветно вработување, при самото вработување веќе ги отпуштил вработените во ЕСМ не само во Прилеп туку во целата држава. Токму поради ова за сегашната безизлезна ситуација во која ќе се најдат илјадници семејства на веќе вработените, а во моментот на оние кои се наоѓаат на листата за отпуштање од ЕСМ, одговорноста мора да се бара кај оние кои сега од оваа говорница најжестоко и без минимум морал не критикуваат кога се обидуваме да го средиме хаосот кој го оставија зад себе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Можеби лично не сум повикан, но бидејќи доаѓам од Прилеп, ќе гледам ако можам нешто да одговорам во врска со сето она што беше кажано.

Прво, не сум толку компетентен да зборувам за работењето на Електродистрибуција во Прилеп и мислам дека тоа всушност не беше точка на дневен ред овде, туку отпуштањето на вработените од ЕСМ, односно зборуваме на ниво на Македонија.

Со оглед на се она што го искажа колешката, ако сета оваа состојба која што ја кажа може да се среди само со отпуштање на вработени, тогаш навистина не знам дали само тоа е начин на решавање на работите. Ако го слушавте внимателно генералниот директор на Електростопанство, тој кажа дека во досегашниот период, откако тој ја презема првата палка, има позитивни нагласувања односно позитивни чекори во однос на заштеди итн, што значи со начинот на новото организирање се дошло до подобри резултати.

Сега се поставува прашање дали сето ова што го кажа колешката во однос на Марковите кули, инвестициите итн, сето тоа ќе се среди затоа што ќе бидат отпуштени 18 вработени од Електродистрибуција - Прилеп или можеше да се изнајде начин, како што е направена промена на претходниот директор со нов директор итн, не можеше ли да се изнајде начин тие вработени да се задржат токму заради тоа што доаѓаат со образование кое не бара некое шефовско или

директорско место, туку тоа се работници од кои има потреба во процесот на производство, односно она што го бара таа единица.

Според тоа, сега не реплицирам во однос на она што колешката го кажува, бидејќи ги немам тие податоци, нету пак можам да ги знам, меѓутоа, зборувам за начинот, дали е тоа единствениот начин да се избркаат вработените и со тоа се ќе се среди во Електро Прилип.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за госпоѓа Роза Топузова Каровска.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Очигледно во целина не сме се разбрале и не се однесува за излегување од темата на дневен ред и од точката, затоа што во принцип сум противник да не се говори по дневниот ред, туку јас само сакав да отсликам една ситуација која доведе до масовно отпуштање на вработените во Електростопанство.

Што се однесува до бројките и податоците кои ги изнесов, навистина не одат во прилог на решавање на ситуацијата и можеби не се тема за денешна дискусија, но секако претставуваат потреба за покренување една поголема одговорност за оној кој ја довел подружницата на Електростопанство во Прилеп во оваа ситуација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор г. Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на ЕСМ, колеги пратеници,

Во овие два дена кажани се многу работи, многу аргументи, лажни, вистински, така што и она што планирав да го кажам е веќе слушнато. Затоа, ќе се обидам сепак моите аргументи и моите анализи да ги прикажам на подруг начин.

Слушајќи ја расправата во овие два дена, не можам а да не ја почнам мојата дискусија со еден мал расказ. Расказот почнува вака: се сретнале двајца колеги и првиот му вели на вториот: "Здраво Перо, како си, не сме се виделе одамна. Многу си се изменил, порано беше висок, а сега си мал". "Јас не сум Перо, јас сум Митре", одговара вториот. "Навистина си се сменил, порано беше дебел, а сега си слаб", продолжува првиот. "Ама разбираш ли, јас сум Митре" извикува вториот. "Леле, дури и името си го сменил".

Можеби овој расказ е шегобит, но има своја поента, а поентата е дека постојат луѓе во дадена ситуација, а јас би рекол и партии, за кои не постојат аргументи, вистини, објаснувања, туку само она што тие во тој миг го имаат во своите глави или за своја цел. Тоа беше демонстрирано вчера и денс во дискусиите на опозицијата. И покрај сите презентирани податоаци, аргументи, стручни анализи неоспорно точни, бидејќи се добиени од службите, опозицијата упорно и упорно ги повторуваше нивните исти, јас би рекол лажни аргументи.

Прв заклучок од еден ваков однос и водење на расправа и дискусија е дека може да се постави една теза, со која мислам дека сите вие ќе се согласите и не сме далеку, а тоа е дека случајот ЕСМ и отпуштање на 1100 вработени се користи на најпопулистички начин за личен и партиски маркетинг и стекнување на евтини политички поени.

Оваа моја теза, која во натамошниот тек ќе се обидам да ја докажам, ќе биде лајт мотив на целата моја дискусија. И веќе веднаш имам еден доказ од дискусиите вчера. Како инаку да се сватат предлозите од опозицијата за намалување на платите, со што би се заштедиле финансиски средства и со тоа не би требало да се отпуштат вработените. Овие предлози едноставно идеолошки се страни на партијата ВМРО-ДПМНЕ како партија на десница, затоа што ако ваквите размислувања се доведат до апсурд, бидејќи ЕСМ може да вработи уште 10 иљјади со спуштање на платите, тогаш проблемот на невработеноста во Македонија може брзо да се реши.

Секако, познато ни е дека ваквата филозофија како ударна, популистички предлог кој што треба да го слушнат 1100 невработени сега што ќе бидат, ваквата филоозофија е позната како филозовија и идеологија на празни стомаци, идеологија не на социјализмот, туку на ортодоксниот социјализам и затоа како во прикаската што ја прочитав, околу несакање да се слуша вистинското име, а г. Караџоски не е тука, јас се извинувам за тоа и немам намера - претпоставувам дека ДПМНЕ и не може да ме убеди дека се вика ДПМНЕ туку СПМНЕ, Социјалистичка партија на национално единство.

Почитувани пратеници, аргументацијата за мојата теза би ја започнал со анализа на поднесените образложенија и поднесеното барање за свикување итна седница и информацијата која ја подвлекува тоа образложение. Господинот Ќуркчиев нешто кажа, но јас малку ќе го проанализирам од друг аспект. Имено, ако навистина сме загрижени за она што се случува со отпуштањето од социјален аспект, од хуман аспект, тогаш најмалку што заслужуваат тие 1100 е сериозно да се прочита и образложението и информацијата која тоа образложение го

поткрепува. Тоа го кажа минатиот пат и еден од пратениците дека тоа навистина е толку несериозно напишано образложение бидејќи нема ниеден елемент по тоа образложение што ги поткрепува аргументите во барањето.

Да почнеме прво од самиот наслов. Во барањето пишува дека се ба ра итна седница со единствена точка на дневен ред - Отпуштање во Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија, а материјалот или информацијата има наслов Информација за состојбите во АД Електростопанство на Македонија и селективна примена на правото во процесот на реформите за отпуштање на вработени. Значи насловот се проширува, дури се даваат и додатни појаснувања како селективно, што за мене зборува дека предлагачите не седнале барем да го усогласат она што го пишува во барањето и она што го пишува во Информацијата. Можеби оваа разлика е мала и формална, но јас ја читам онака како што ја читам, а вие оповргнете ја.

Проширувањето на барањето со Информацијата за состојбите во АД Електростопанство на Македоноја како што реков за мене само едно значи. Имено, ако беше само отпуштање на вработените, тогаш предлагачот знаеше дека тоа е правна материја и дека генерално овој Парламент не треба да се меша во судската власт. Тоа и вчера го констатиравме. Дури го констатира и опозицијата со тоа што кажа дека тоа е всушност решение кое и не е решение, бидејќи може по година две да се влечат тие процеси. Од тој аспект беше потребно да се доведе уште некоја тема, а тоа се состојбите во Електростопанството и она што според мене не можеле да го сватат предлагачите е дека тука отвориле голема расправа со тоа проширување, затоа што дискусијата за тие состојби во Електростопанството е дискусија за работата во

Електростопанството во минатиот период од 4 години. Како што беше кажано вчера дека Електростопанство е голем систем, инертен систем, и тоа е она што велам дека е демагошки, не можеме да зборуваме за состојбите во Електростопанство за овие 6-7 месеци, бидејќи она што ќе се направи пред 4 години, 5 години, како што е кажано вчера, после 5-6 години добива свое ефектуирање во состојбите во Електростопанство. Но од друга страна, состојбите во Електростопанство имаат и своја политичка тежина, бидејќи тука веќе зборуваме за еден систем кој што е рбетот на државата и сега тука можеме политички нешто да ќариме. И тоа беше дискусијата на единствениот дискутант од Либералната партија. Најмалку зборуваше за отпуштените од работа и за состојбите во Електростопанство, повеќе зборуваше генерално за реформите во државава.

Но да продолжам со анализа на образложението. Во образложението се констатирани 4 тези односно аргументи.

Прво, се констатира дека Јавното претпријатие ЕСМ незаконски ги отпушта вработените.

Се констатира дека отпуштањето е селективно бидејќи се отпуштаат вработени од 1.01.1999 година, значи оние вработени кои се преземени за време на претходната власт. Велам преземени, бидејќи ќе кажам нешто и за тоа, за структурата на тие 1800 кои се зголемениот број вработени од 1998 година.

Трето, се констатира односно вели се смета дека во овие отпуштања има и партиски реваншизам.

И на крај, што мислам дека е најбитно ако се однесуваме и ги разбираме работите хумано и човечки, како четврто се вели дека најголем дел од отпуштените се социјални случаи, самохрани мајки,

роднини на загинати бранители, најдобри студенти на генерација, регрути на отслужување на воениот рок итн. Навистина не ми е јасно што е ова итн, бидејќи ова е во контекст на набројување на одредени категории што се навистина хумани како изрази, но тука се вели и така натаму. Ако некој сериозно се грижел за овие луѓе, барем овде една коректура би направил во четвртиот став, би го исфрлил тоа "и така натаму". Формализам за да се напише нешто и да се стави.

Она што може да се заклужи од предлогот за итна седница, а истото тоа може да се заклучи и во Информацијата е дека предлагачите не се против отпуштањата од ЕСМ. Таму се тврди дека нивните наоди дека отпуштањата се незаконски, никаде не стои дека ЕСМ не треба да отпушта. Тоа го слушнавме сега каде што одредени пратеници од опозицијата велат дека треба да се направат напори за да се вратат назад овие отпуштени со таа ортодоксна социјалистичка идеја.



ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ: (продолжение):

Дали тоа значи, ако некоја друга група на вработени се отпушти, на пример тие кои се вработени пред 1999 година, или тие за кои предлагачите ќе сметаат дека не е партиски реваншизам, ќе имаме помалку или воопшто нема да имаме фамилијарни и други лични трагедии.

Јас бидејќи сакам својата теза да си ја потврдам, јас од ова заклучувам дека на предлагачите најмалку им била грижа за тие кои сега ќе се најдат на Бирото и дека нивната цел за оваа седница не е хуманоста, туку некоја дневно политичка корист. Тоа всушност тие и не го кријат, бидејќи третиот по ред нивни аргумент вели: "Сметаме дека во овие отпуштања има и партиски реваншизам". Ова е интересна конструкција затоа што потписниците на оваа иницијатива, почнуваат со

сметаме. Значи вие сметате дека постои партиски реваншизам. Зошто не се потрудивте , освен што сметате и да пресметате, па да ја почневте реченицата со тврдиме, затоа што ако се потрудевте да ја направите таа пресметка, ќе констатирате дека не е баш така, бидејќи, ако се спроведува партиски реваншизам, а не се користела метода и критериуми која беше одобрена по сите, да кажеме начела и принципи, од Синдикатот. Верувајте ако тоа го направевте да утврдите колку е тука партиски реваншизам, верувајте ќе беа засегнати најблиските на некои пратеници кои седат од мојата лева страна, како и на поранешни и сегашни функциондери на поголемата партија во опозиција. Ќе беа и тие на листа. Затоа не тврдите нешто, а тоа е во прилог на мојот аргумент дека сепак ова е една дебата, чисто за собирање на политички поени, односно дека оваа итна седница може да се сфати и како обид да се смири личната совест во стилот на она, еве све направивме, но тие се на власт, што можеме.

Врвна хипокризија за мене е редоследот на аргументите.

За вакви чувствителни теми, најмалку што можевте да направите е да седнете и да размислите како ќе ги ставите аргументите. Мојата логика и кога јас тоа би го работел, би го ставил најсилниот аргумент кој ни најмалку не мириса на политика, бидејќи тоа ќе го разберат сите. Но, вие отпочнувате  со правните размислувања, потоа велите има селективно отпуштање, тоа веќе во себе има политички елементи, за после во третиот заклучок тотално да се откриете и да кажете, сметаме дека има политички реваншизам. И она што за мене е најтрогателно и најбитно во сета оваа голгота околу овие отпуштања, вие тоа го ставате последно. Претпоставувам дека сакате некако, со силните зборови "самохрана мајка", "социјални случаи",  да ја замаглите онаа третата,

вашата единствена јасна политичка порака дека се ова реваншистички постапки.

Јас немав намера да ја правам оваа анализа на образложението толку детално, но тоа е уште еден доказ дека тоа е напишано само заради тоа ние да имаме, господинот, еден од потписниците кој две седници овде го нема, координатор на една пратеничка група, тој го потпишал и незнам каде е сега. Сепак тоа зборува за моралниот однос кон нешто што е потпишано и каков однос треба да се има кон тој свој потпис. Но, впрочем ние имаме искуства за почитување на своите потписи.

Како што реков, јас немав намера да го анализирам ова, но се вратив назад да видам дали она, кога ја читав Информацијата и таму што заклучив, се вратив назад да видам дали тоа всушност може да се осети и види, барем меѓу редови и по самото образложение. Што прочитав во Информацијата:

Во Информацијата, на страна 6 пишува: "Понатаму како потврда дека најавените отпуштања во ЕСМ сеамо чистка на владеачката коалиција, а не последица на темелна анализа или реализирани форми од кои се наметнува потребата за намалување на потребите, би ги навеле следните факти и докази кои во целост ви ги доставуваме во прилог". Уште еднаш повторувам " ви ги доставуваме во прилог".

Нормално, го побарав прилогот. Го нема. Ги прашав службите дали нешто помалку ми дале и дали постои прилог, тие ми рекоа дека тоа е тоа што е добиено и од службите се дистрибуира. После не долго размислување сватив дека Информацијата коа е доставена до предагачите е сработена од некој друг и со прилозите доставена до нив. Искрено да ви кажам, ова сознание ме затекна. Едноставно ме фрапира

и се прашувам, зарем е можна таква несериозност и неодговорност кон материјалот, за една толку важна и болна точка, за расправа, издигната до ниво на итност. Зарем е можно да не се прочита, еднаш да не се прочита и редактира, да се отстранат ваквите можни фалинки на Информацијата и истата да се стокми како прилега, бидејќи таа треба да ја докаже вистината за она што се тврди во образложението, на аргументите дадени во образложението, како и потребата за итноста. Зарем е можно изготвувачите да помислат дека, ама баш никој не ги чита материјалите. Јас верувам дека 20-те кои се потпишани, можеби по задолжение, само еден ги прочитал, но барем првите двајца кои потпишале барање за образложение би требало тоа да го прочитаат. Тоа не се колеги без политичко и друго искуство. Тоа се колеги што имаат државничко и политичко искуство.

Јас само можам да кажам дека О, каква леснотија на живеење во пратенички удобни фотељи. Тогаш се вратив да ја анализирам Информацијата и нормално ја изведов онаа теза која сакам јас сега да ја докажувам.

Сега да поминам на информацијата.

Информацијата има наслов - Информација за состојбите во АД Елктростопанство на Македонија и селективна примена на правото во процесот на реформите со отпуштања на вработени.

И од самиот наслов се гледа несериозноста на предлагачите, мислам на тие првите двајца што потпишале затоа што, мислам дека другите 20 потпишале а не прочитале, бидејќи со проширувањето на Информацијата со делот - Информација за состојбите во АД ЕСМ се разводнува и фокусира главната цел за расправа, а тоа е проблемот на отпуштање на работниците. Отварате простор, простор, да го кажеме

она што го кажавме до сега, иако ќе го кажевме да беше само насловот со отпуштање на работници.

Ако веќе требало тоа да се стави, правилна конструкција на насловот би била - Информација на состојбите во АД ЕСМ, предизвикана со селективна примена на правото во процесот на реформите, со отпуштање на вработените. Тука ако малку повеќе размислувавте ќе ни го скратевте маневарскиот простор, бидејќи е предизвикана од една актуелна активност, непопуларна, но потребна. Но, дискусијата на единствениот пратеник од ЛДП сега ни даде до знаење што заправо е тоа и дека тоа не е случајно така ставено.

Дали е ова толку тешко да се уочи, или е тоа уште еден доказ на комоцијата и неодговорноста со која е пристапено од страна на предлагачите, не знам, но во секој случај ние сега имаме две теми по кои можеме да расправаме. Но, за мене е најбитен фактот дека ваква формулиран наслов го дава и одговорот на тоа кој е главниот виновник што сега мора да се применуваат непопуларните мерки, како што е отпуштање. Како што реков порано, неможеме да зборуваме за состојбите во АД ЕСМ само за овие седум месеци, бидејќи овие седум месеци се резултат на нешто што се направило пред четири години, како што пратеникот Борозан рече, ако сега не почнеме и ако уште доцниме, за 10 години може да бидеме сите во мрак.

Ако се вратам на Информацијата, имам впечаток дека само дел од првата страна е напишана тука во Парламентот, од страна на предлагачот, или во централата на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што се користи политички јазик, односно има определен политички став. Ако се отстрани првиот пасос кој претставува веќе типизиран исказ за демократскиот и економскиот развој, во вториот пасос се вели: "Би истакнале дека ВМРО-

ДПМНЕ во периодот кога го имаше добиено мандатот да ја води Владата на РМ, ги започна најголемите реформи во државата и тоа во сите сегменти, реформи кои беа базирани токму на здрави економски, социјални и политички основи". Пратеникот Караџоски во репликата си даде одговор. "Тоа што ние го правевме на 15 септември народот кажа". Се согласувам.Тоа што ние ќе го правиме, незнам на кој 15 септември мисли, ќе каже повторно народот.

Во третиот пасос се дава оценка за перформансите на сегашната Влада и притоа се тврди дека процесите на позитивните и реалните реформи се целосно запрени и се додава: "при што започна не само економската стагнација, туку и целосно економско уназадување на државата, со зголемување на социјалните состојби". Претпоставувам дека овде требало да стои социјалните тешки, проблематични состојби, или социјалните немири, бидејќи социјални состојби е нешто што виси во воздух. Требало некој да ја прочита оваа информација, па барем овие некоректности да се исфрлат, инаку, знаете како, ради реда ја праќаме и нешто ќе ушаќариме политички на дебатата. Да продолжам со цитатот "и што е можеби посебно важно започна процес на селективно применување на правото".

Јас прифаќам една анализа или во случај информација да започне на овој начин, сепак и овде се судираат разни политички ставови, каде што ќе се тргне со одредени констатации кои за пишувачот, претпоставувам, се апсолутни вистини. Тука можеби не треба многу да се убедуваме. Аргументите би требало да бидат тие, главни убедувачи. Но исто така треба да се прифати фактот дека тие констатации во понатамошниот текст треба и да се докажат. Ако сме сериозни луѓе, треба нешто што констатираме и да докажеме. Затоа и бев многу

нетрпелив да ја прочитам информацијата до крај, бидејќи навистина ме интересираше како тоа преку случајот на ЕСМ ќе се докаже дека позитивните и реалните реформи целосно се запрени и дека на сцена е целосно економско уназадување на државата и дека започна процес на селективно применување на правото.Сега тука морам да дадам едно мало извинување.

Јас тоа го напишав вчера, откако ги сослушав бројките, ги зедов, тоа подоцна ќе го покажам, сватив дека и на ЕСМ тоа може да се докаже. Тука од мене едно извинување што ова го кажувам, затоа што и преку ЕСМ може да се докаже и јас ќе го докажам тоа подоцна. Но, јас во Информацијата навистина барав аргументи. Но, колку и да барав, не можев да ги најдам. Можеби само една единствена реченица, а тоа е четвртиот пасос на првата страница што започнува со: "Стратегијата, да се спроведе селективен пристап во реформите е започната токму во ЕСМ". Друго, натаму колку и да читате, колку и да се обидувате не можете да најдете ни еден аргумент што овие два ваши политички ставови ќе ги поткрепат во воведот на вашата Информација. Дури и овој исказ кој е составен од осум збора е контрадикторен.

На пример, што значи тоа "селективен пристап во реформите и селекција". По која основа. Ако се мисли по партиска основа, а тоа се мисли, тогаш не знам како тоа зголемување на ДДВ, сега зборуваме за реформи, што исто така е еден реформски, можеби болен, но реформски потез, како тоа  меѓу граѓаните ќе ги погоди баш членовите од една партија, а другите нема да ги погоди. Или да кажеме, кога носиме закони што ние велиме дека се реформски, вие велите не се, како законот посебно ќе ги препознае членовите и симпатизерите на СДСМ, а баш на

вашите членови, непопуларните закони ќе влијаат. Ве молам, кога се пишува нешто би требало да се напише со сериозност.

Претпоставувам дека конзистентна и прецизна формулација на ова што го прочитав како почеток од речeницата би требало да гласи: "Селективен пристап во примена на правото и законите, а во случајов на ЕСМ Законот за работни односи". Тоа веќе е коректно. Но, зошто пак предлагачот би се напрегал да биде конзистенте, прецизен и логичен, кога главната цел не е да се поведе суштинска расправа за проблемот, туку да се спечалат сите политички поени врз грбот на напатените граѓани, напаѓајќи ја власта и позицијата.

Почитувани пратеници, понатамошниот текст и не е вредно да се анализира, бидејќи повеќе ми личи на некој синдикален извештај, за тоа што директорот Панде Лазаров правел, како да ние сега треба да му побараме негова интерпелација. На три страни се зборува, пишува, како директорот барал и тоа разни информации и тоа, знаете како, прецизно и точно со дата, со саат, кое време, од кого, информациите што вчера господинот Панде Лазаров објасни дека, а тоа сите го знаеме дека секое раководство кога ќе дојде на функција прво сака да си види каква е состојбата барем од кадровски аспект, но нормално ние тука бараме и некоја политичка позадина.

Понатаму на предната страна имате објаснување за содржина на тие барања и слични нешта, како и една страна за процедурата која треба да се помине односно да го помине елаборатот и Предлог-програмата за утврдување на потребата, од воведување на економски, структурални и слични промени. Од седум страници информација имаме скоро четири страници текст што јас и воопшто незнам зошто постои тука, работи кои што, и вие да сте некаде раководител, кои што се

правени во согласност со колективен договор, во согласност со потребите, во согласност со начинот на работење на секоја раководна структура. Но, тоа е главниот аргумент.

Потоа имаме на половина страна, што мислам дека е трагично за овој Парламент таква информација да се предлага, имаме на половина страна оспорување на работи, господинот Василие Србиноски да го потпише Елаборатот дека е во согласност со сите законски и други норми.

ИЏ/1.-ЈМ/ОМ

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ: (Продолжение)

Ние овде расправаме и тоа имаше доста дискусија можеби по еден час, два, три, расправаме за синдикалните случувања и состојби во ЕСМ, а можеби и пошироко. И тоа е да кажеме една петина, една четвртина од информацијата која што ние требаше да ја анализираме и да ја прочитаме, каде се тука 1100 вработени. Дали некој синдикален водач таму бил избран со 15 или со 20 луѓе, дали тоа било по законите, правилниците на Синдикатот, дали било коректно, или не било коректно , тоа е суштината сржта на Информацијата и ние тука за тоа расправаме. Јас искрено верувам дека и поднесувачите на оваа Информација, потписниците на барањето за итна седница ако ја прочитале Инфорамцијата го уочиле овој апсурд, бидејки меѓу нив постојат парламентарци и политичари со искуство Но, од друга страна кај нив и нема потреба за тревожење, бидејки целта е друга. А ако не ја прочитале Информациајта, повторно потврда за мојата теза. Испаѓате со Информација, со една жешка тема, а не сте ја прочитале Информацијата.

Во Информацијата имате страна, страна и половина аргументација дека одлуката за таканаречен технолошки вишок е незаконита и е во директна спротивност со член 125 од Законот за работниодноси и член 190 од Колективниот договор. Јас искрено да ви кажам, а претпоставувам дека тоа беа и ваши аргументи во претходната власт каде што ние во принцип не можевме ништо да опонираме. Не сакам да ценам дали е нешто законски, или не е законски. Дали нешто е направено по закон, или не е направено по закон, мислам дека на Парламентот тоа не му е работа. Тоа добро го знаат предлагачите и затоа и проширена е самата тема со состојбите во ЕСМ. Вистинскиот одговор на оваа аргументација е , повелете , нека се покренат судски процедури како што и вие имате сега правен комитет и ние имавме правен комитет, го советувавме нашето членство заради партиски отпуштања и шиканирања да одат и правдата да ја бараат на суд. Кога го донесувавме Буџетот една голема дупка во Буџетот беше заради тоа што судството донесе одлуки и решенија во корист на оштетените и државата мораше да ги плаќа. Но, што не ги плати тогаш кога беа донесени тие судски одлуки, тоа е друга работа. И на крај после повеќекратно читање на Информацијата дојдов до констатација дека само делот на страна 6 насловен како очигледни факти кои не треба да се докажуваат. Ако имаме малку чувство, коректно, вакв наслов никој нема да го свати сериозно. Ве молам, нешто што не треба да се' докажува. Па се' треба да се докажува, затоа е и политичката борба, бидејки постојат различни размислувања. Но вие одите во инфорамцијата со став каде што еве, следниве 4 точки не треба да се докажуваат. А што имате во 4-та точка. Понатаму, цитирам: "при вака

тешка финансиска состојба се врши увоз на електрична енергија за 50% повеќе во однос на претходната година, иако оваа зима беше со доста повисоки просечни температури, а хидроакомулациите беа полни".

Вистината е следна. До 6 месец минатата година во Република Македонија се увезени 582 гигават часови електрична енергија. До 6 месец оваа година во Република Македонија се увезени 420 гигават часови што е за 28% помалку, а не за 50% повеќе. И тоа вчера беше кажано. Но, затоа и ја кажав приказната на почетокот. Но, после тоа имаше две дискусии кои што овој аргумент го извадија како најсилен аргумент. Ако не сакаме да ги слушаме аргументите, тогаш таа приказна е применлива. Јас понатаму не би навлегувал, бидејки ако некаде откријам лага, или невистина, тогаш кај мене постои такво чувство и такво став, јас понатаму не читам, бидејки зошто да верувам дека и она другото е вистинито.

На крај од овој дел , бидејки имам уште еден мал дел, би сакал да ги заокружам , да ги сублимирам сите овие мои анализи, односно тезите кои што се кажани во образложението за барање на итна седница, би сакал да ги поткрепам со постоење на докази во Информацијата дали постојат, или не и со еден одговор.

Теза еден, се констатира дека ЈП ЕСМ незаконски ги отпушта вработените. Прва теза во образложението. Аргументи, се докажува со тоа што се тврди дека отпуштањето е спротивно на Законот за работниодноси и Колективниот договор. Одговор, аргументот е од законски правен карактер. Постојат две спротивставени мислења, предмет на судска процедура.

Теза два, се констатира дека отпуштањето е селективно, бидјеки се отпуштаат вработените од 1.01.1999 година. Аргумент кој што можам да го извлечам од Информацијата. Експлицитно тврдење дека е тоа така нема. Освен што има инфорамција дека се барале податоци за вработените кои се вработиле од 1.01.1999 година. Сега јас да бидам малку така имагинативен, можам овде да одговорам како што на пример и одговараат. Од каде знаете кога ни тврдите дека овие информации што ги прима директорот дека се баш за оваа намера. Но, прифаќам дека може од такво нешто, од таква постапка на директорот да се извлече констатација дека е селективно. Но, експлицитно тврдење во Информацијата нема. Одговорот понатаму е следниот. Селекција е направена врз основа на критериумите. Ако ги погледате критериумите, с'е се таму членови од Законот за работни односи, или од Колективниот договор . Тоа е прифатено, тоа е закон, тука нема што. Јас ги видов критериумите и мислам дека времето на опфат и да биде од 1990 година, верувајте со тоа што на пример би се избила вашата аргументација дека е тоа партиска чистка и да биде од 1990 година со тие критериуми кои што се донесени законски, разликата не би била 85% партиска чистка, разликата не би била 85% од 1999 година, туку можеби би паднала на 78%, 79%. , што го побива вашиот аргумент дека тоа да кажеме значи партиска чистка.

Теза три, се смета дека овие отпуштања имаат во себе и елементи на партиски реваншизам. Ова веќе го продискутирав.

Во Инфорамцијата не постои ниту еден аргумент во прилог на овој став, освен сомнеж искажан со зборовите: политичка чистка што сепак е малку различно од партиски реваншизам, бидејки партија е едно,

политика е друго. И притоа не е поткрепено како што реков со ниту еден издржан валиден доказ. Бидејки нема ниеден доказ експлицитен за ова, јас единствено можам да заклучам дека оваа теза се влече експлицитно од фактот дека под лупа се најдоа вработените од 1.01.1999 година, во времето на владеењето на претходната власт. Што тоа треба да значи, а и значеше., дека вие сте вработувале исто така селективно само ваши партиски луѓе. Кога сме веќе тука, тезата која што овде е кажана дека се отпуштаат млади талентирани, образовани луѓе кои што треба да ја донесат иднината не само на ЕСМ, туку на Македонија, може да се спротивстави и дека е тоа злосторство што се прави, може да се спротивстави со уште поголемо злосторство, дека од 1999 година до 2002 година единствен критериум беше партиската книшка, а не стручноста и компетентноста. Ако сега се загрозени 1100, тогаш беа оштетени 10 илјади и 100, бидејки за секое место во Електростопанство конкурирале можеби по десеторица. Но, трагедијата да биде уште поголема, 94% од примените во последните 4 години се преземени. Не се тоа вработени па да се намали невработеноста, туку се преземени. Јас незнам за каква младост ние зборуваме, или нешто сме дале позитивно во тој период кога сме вработиле плус 2000 .

На крај да кажам малку и за состојбите во Електростопанство. кажани се многу бројки, јас не сакам да ги повторувам, кажани се бројки кои што зборуваат за производството и сега можеме да се споредуваме. Ако до 1998 година народот не можел да споредува, бидејки СДСМ бил власт, сега народот може да споредува, можеме и ние и вие да споредуваме. Јас сите тие сублимати, сите тие бројки сублимирани уште повеќе ќе ги сублемирам и ќе ги претставам на еден графикон.

(Го покажува графиконот пред пратениците).

Ова е графикон каде што на вертикалната оска имате произведени гигават часови по вработен. Долу имате 1995, 1996, 1997, 1998, 1999, 2000, 2001 година. Бидејки нема друг начин на претстава, ако сакате истовремено да ги претставите и движењето на вработените и движењето на производството. Јас не сум економист, но ова исто така е мерка за ефикасноста , или профитабилноста на работењето. Погледајте каде бевме во 1995 година кога истата сегашна екипа што е на чело на ЕСМ работела. Имаме искачување, еве ви 1996, 1997, врвот 1998 година. Во 1998 година кога дојде менаџерскиот тим на претходната власт, мало намалување, мало намалување, провалија. Ова е провалија. Сега, зошто јас вас ви се извинив кога реков дека како можевте, ме интересираше како преку случајот на ЕСМ вие ќе ги покажете ретроградните наши пристапи за реформите. И тогаш се извинив. Но, пред се малку имагинација. На што ви личи ова овде? (Го покажува графиконот) На капа. Е тоа претходната власт го скрои за овој народ. Или ако сакате, стаклено ѕвоно каде што сите сега се вариме и печеме, или ако сакате капак на тенџере каде што сите се вариме, вклучително и тие 1100. Но, ова е капа, капак, стаклено ѕвоно каде што ако не ги превземеме овие реформи што почнавме да ги преземаме, капата ќе имаше и опаш долу, бидејки тоа ќе тргнеше надоле. Оваа слика покажува многу работи за состојбите во Електростопанство и за стопанисување со Електростопанство. Како што рековме Електростопанство е инертен систем, тешко е да се смени нешто што е направено по инерција и другата година и третата година ќе функционира само затоа ако нешто пред две години е добро направено.

И тоа се гледа овде. Во 1998 година ЕСМ е во најдобра кондиција. Требаше две години за да се најде во ваква состојба. Тоа што кажува? Тоа кажува дека какви кадри да беа тогаш во новото раководство во претходната власт, кондицијата на ЕСМ беше солидна, затоа што беше оставена таква од претходната власт. Што се случува сега овде? Се случува дека способниот менаџерски тим беше комплетно сменет. Донесени се новите луѓе. Да беа донесени во тие 2000 и неколку луѓе што се стручни, претпоставувам дека ова можеби ќе паѓаше, но ќе беше вака. И покрај тоа што се вработија 2000 и неколку луѓе донесени се нестручни луѓе на одговорни места. Затоа гледате на графиконот дека имате надолу стрмоглаво паѓање. Ова е слика и за реформите. Бидејки оваа страна овде што ја заокружив е времето на СДСМ. Оваа страна овде што ја заокружив е времето на ВМРО-ДПМНЕ. Сите наши правни и законски и други активности кои што ги сметавме реформски , еве што донесоа. Сите ваши правни, законски и други активности реформски, еве што донесоа. А што ветивме и вие и ние во 1998 година. Го ветивме ова. Во 1998 година Македонија, вие зборувавте, Македонија е овде, требаше да почне оваа крива да ја гледаме, а не оваа крива. Но, очигледно дека на оваа власт, на оваа партија е судено да ги вади и да ја гради со тешки маки оваа Македонија. Бидејки овде е СДСМ, а и овде е СДСМ (покажува на графиконот) . Затоа почитувани пратеници не треба да ги користиме ваквите седници за партиско надмудрување, или за ситен партиски ќар. Бидејки реформите за да се подобри социјалниот статус на вработените и на било кој овде не се преку вработување. На друг начин се прават реформите. А нашата задача овде е да ја контролираме законодавната валст. Реформите се прават во

социјалниот, во економскиот и во финансискиот дел. Ако продолжевме да стопанисуваме на овој начин не за 10, туку за една година ќе останевме без струја, а тогаш господинот Трајковски немаше да може да ја потпише оставката заради тоа што ја злоупотреби својата функција и институцијата претседател и со аболиција на госпоѓа Доста Димовска ги навредил сите граѓани и ги погазил нивните основни човечки права.

(Аплауз).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика господинот Караџоски.

Минатиот пат ме убедувавте ако некој не е спомнат да не му давам реплика. Точно вие ми ветивте дека ќе го применувате на себе тоа правило.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Точно така, и се држам до ветувањето, затоа што два пати бев спомнат. Ако ми давате збор, а ако не, ќе прекинам. Инаку, претседателе, некој овде не квалификуваа како професионални репликанти, а некои како професионални дискутанти. Но, тоа не е битно, во секој случај јас повеќе би сакал, со оглед што вие не претседавате кога почна господинот Јордановски да зборува, мојата реплика или еве, процедурална забелешка до вас сега, бидејќи сега вие претседавате, затоа што веќе еднаш реагиравме како ни се спомнува името на партијата и ако господинот Ќуркчиев имаше доблест да се извини, незнам зошто сега господинот Јордановски продолжи во тој контекст да не прекрстува и да не преименува овде онака како што сака или има

желба. Јас ве молам да скренуваме внимание на сите дискутанти кои овде имаат обиди да не прекрстуваат, што не е во ред.

По однос на сето она другото, навистина е толку долга и опширна дискусијата на господинот Јордановски, што незнам и колку заслужува на неа да се реплицира, јас би кажал само нешто. Незнаев дека господинот Љупчо Јордановски е електро инженер, би помислив во најмала рака е лектор, или можеби стручен соработник при Владата на Република Македонија, во оној дел каде што се изготвуваат и информации или предлог закони, затоа што најголем дел од дискусијата повеќе има како сме напишале и како сме ја составиле информацијата. Само се чудам зошто господинот Јордановски, со оглед на вакви добри аналитички приоди овде, не сте ангажирани во сегментот во делот на Владата на Република Македонија, а сведоци сме какви се предлози Владата на Република Македонија ни доставува овде, навистина, вашата стручна помош би била неопходна. Еве, јас само ќе ви посочам еден пример, а тоа е оној закон за поттикнувањето на вработувањето или Бранков закон, каде што навистина да ја имаше вашата стручна помош и во подготувањето и во реализацијата, ќе достигнеше кој знае каде. Од друга страна пак, акоземеме предвид дека сте вие тој човек кој што ја напиша и програмата на СДСМ и ако сега ја анализираме аналитички, како што вие нашата информација ја анализирате, навистина, не може да се најде мана, затоа што еден ваков приод стручен зборува дека оваа програма најверојатно е напишана за некое идно неостварливо време. Затоа што, ако ја гледаме и читаме ќе сфатиме една работа, она лекторски како што вие сакате да кажете, дека зборот отпуштање или зборот ќе вработиме по еден работник, очигледно не важи така, туку сега го прекрстуваме, лекторски кажано, ќе реформираме по најмалку еден

член во семејството. Значи, тоа би било поадекватен израз. Според тоа, затоа да не се држиме до она кој што напишал и што напишал, за тоа овде има и дискусии и предлог заклучоци и по тоа можеме да дебатираме и да кажуваме. Врочем, ако некој од пратеничката група давал некое свое видување и врз основа на тоа вие не можете да градите став како е името на партијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитувани пратеници,

Ние овде два дена зборуваме за состојбите во Електростопанство на Македонија и главно се спротивставени две работи. Тврдењето на опозицијата и тврдњето на позицијата. Опозицијата тврди дека отпуштањата немаат ниту економска, ниту било каква друга оправданост, далеку постручни колеги од ВМРО-ДПМНЕ и ЛПМ тоа го докажаа во текот на овие два дена. За жал, таа аргументираност не ја слушнавме од страна на позицијата. Колку за информација, колку Владата на Република Македонија се грижи за реформите и колку ова мора да се случи, група мои сограѓани во Велес ќе бидат отпуштени од работа, од Електростопанство на Македонија, затоа што раководителот на таа подружница, кој е преземан од фабриката за вар во 1998 година меѓу двата изборни круга, сега е раководител на истата. Толку околу она тврдење на господинот Јордановски дека имало преземање. Преземање имаше и во 1998

година и впрочем вчера во една реплика спомнав од Автосервис и од Собрание на град Скопје, од здравствени заводи се преземаат луѓе и работат во Електростопанство на Македонија.

Реформите на Владата на Република Македонија тешко ќе можеме јас и моите колеги пратеници од Велес да им ги објасниме на нашите сограѓани, затоа што додека ние овде дебатираме за нивната иднина, дали тие ќе останат на работа или нема да останат на работа, на пример, само во Фондот за здравство во Подружницата во Велес во моментов раководителот кој е примен неодамна по договор на дело, нормално, има завршено албанистика, прави исти такви списоци за вработените во Фондот за здравство. Впрочем, реформите продолжуваат. На пример би го истакнал случајот со "Службен весник на Република Македонија", каде што од 42 вработени, отпуштени се 10 вработени истовремено во духот на реформите за заштеда, за пополнување на разни буџетски дупки, истиот тој "Службен весник купува деловен простор во износ од 120 милиони денари. Во истиот тој службен весник директорот и заменикот споделуваат личен доход во износ од 120.000 денари  вкупно. Значи, не можеме да тврдиме дека ова е производ на било какви сериозни резформи кои ги презема Владата на Република Македонија. Ако во нешто се согласувам со некои од дискутантите од СДСМ, тоа е дека не станува збор за партиска пресметка или за партиска чистка. Ова е пресметка воопшто со македонските граѓани, значи со 2.400.000 луѓе. Бидејќи репресијата може да има секакви форми, видлива репресија, задскриена резпресија, а овде станува збор за поука до македонските граѓани, до македонските бирачи. Внимавајте што правите, внимавајте што зборувате, внимавајте затоа што на ред доаѓа Министерството за здравство, ПУИК, затоа што

на ред доаѓа Министерството за образование. Кажав кои се критериумите, дека во овој момент привремено, значи не во редовен работен однос лице со албанистика во среде Велес прави списоци кој треба да биде отпуштен или кој можеби ќе биде отпуштен од Фондот за здравство. Затоа, тврдам дека овде станува збор за репресија. Ваков вид на репресија го имавме и во периодот до 1998 година и јас жалам што претходниот дискутант од СДСМ ја напушти салата, но било какви графикони да се пишуваат, не можат да го сменат простиот факт дека демократската атмосфера и покрај фактот дека Република Македонија во текот на 2001 година беше нападната и фактот дека на границите на нашата земја во текот на 1999 година и 2000 година се случуваа работи кои никогаш не се случиле на тлото на Европскиот континент по заврашувањето на Втората светска војна, сепак Република Македонија постигна на внатрешен пплан поголем степен на развој на демократските процеси, отколку што тоа сега се случува. Затоа, уште еднаш ќе истакнам дека станува збор за никакви  реформи. Ова е порака која Владата на Република Македонија се обидува воопшто да го испрати до граѓаните во нашата земја, затоа што како примери што ги посочувам во мојот град, град во кој 3.000 луѓе за овие осум месеци ги изгубија своите работни места и тој процес продолжува. Тешко е да им се објасни и тешко е тие да ви поверуваат, ниту мене, ниту на било кој додека еден професор по албанистика прави списоци кој ќе остане на работа, а кој не, ние овде да зборуваме дека сме мотивирани, поради тоа што обврска на нашата земја е да направи реформи.

Ве молам, овие два дена практично се се сведува на тоа дека се обидуваме да затскриеме една проста работа. Тоа што тука во една тажна улога беше ставен директорот на Електростопанство на

Македонија како извршител на одредени насоки од работодавачот, навистина покажува несериозност на Владата на Република Македонија, затоа што ако не повеќе министерот за економија требаше да биде присутен за цело време додека се води оваа расправа за случувањата во Електростопанство на Македонија и постојано се судираме со терминот реформи или ова беше добра прилика министерот за економија да ни помогне да ги сфатиме реформите кои ги презема владеачката гарнитура во овие времиња.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Пред да почнам со дискусија, би сакал да кажам неколку збора за една невистина, која на определен начин продефилира во овие дискусии до сега. Имено, Електростопанство на Македонија не е јавно претпријатие, туку е трансформирано во акционерско друштво во државна сопственост. Тоа значи дека не се финансира од буџетот, туку од сопствени приходи. Ова води кон следното, вработените во Електростопанство на Македонија не спаѓаат во редот на државната администрација и не држи образложението дека отпуштањето се врши во согласност со Меѓународниот монетарен фонд. На овој начин се прави и фалсификат, се лаже јавноста и Меѓународниот монетарен фонд дека се отпушта државна администрација, заради исполнување на обврските кон Меѓународниот монетарен фонд и тоа на овој начин.

Понатаму, како главен аргумент за отпуштање на илјадници вработени од Електростопанство на Македонија, раководството ја наведува тешката финансиска состојба во претпријатието. Нашата напомена би била дека завршната сметка за 2002 година АД Електростопанство на Македонија има остварено позитивно салдо. Истата е изготвена од страна на раководниот тим на АД Електростопанство на Македонија и усвоена од страна на управен одбор на средница одржана во февруари 2003 година. Значи и покрај присуството на сите 9.430 невработени, дадени спонзорства, покрај сите досегашни нереализирани инвестиции во енергетскиот систем на Република Македонија и во општеството, Плаошник, Самоилова тврдина, Милениумскиот крст, Широк сокак во Битола, ревитализација на Дојранското езеро и многу други, со Електростопанство на Македонија се работело позитивно, што впрочем се вели во извештајот на Меил банк конзорциум, а во кој учествуваат и светски познати компании. Дека АД Електростопанство на Македонија работело на позитивна нула, ако така може да се каже, бидејќи такво нешто не постои, значи дека АД Електростопанство на Македонија целиот свој профит го вложувал во Република Македонија. Доколку требало Република Македонија да остане без сите овие инвестиции, а сметката на АД Електростопанство на Македонија да биде полна, слободно кажете дека треба така да се работи и впрочем ја имате шансата тоа и да го покажете на дело, ќе го видиме и завршниот извештај во 2003 година, кога ќе дојде на ред. Во извештајот од Меил банк конзорциум на ниту едно место не се вели дека во Електростопанство на Македонија постои превработеност. Напротив, во еден дел од извештајот на страна 83 се вели: "се добива впечаток дека најголемиот број на подружници, каде што се појавуваат високи

загуби, како што се Скопје, Куманово, Гостивар и Штип, немаат доволно број вработени во споредба со другите. Тоа значи дека дури постојат и можности за пополнување во сегментот за наплата на електричната енергија и контрола и останување на отстранување на комерцијалните загуби. Дали постои превработеност или не, се определува, што е прочем и воспоставен системот насекаде во светот според продадената електричната енергија по вработен, а не според инсталираната моќност. Како пример би можел да се земе, хипотетички кажано, доколку Република Македонија нема ниту еден производен капацитет на електрична енергија, а потребата од електричната енергија ја задоволува од увоз, дали значи дека нема да имаме потреба од ниту еден вработен. Тогаш, се прашуваме кој ќе ја врши дистрибуцијата и наплатата како сите други обврски потребни за редовно и непречено снабдување на потрошувачите со електричната енергија. Самата анализа дава податок за 2.127 нови вработени работници во периодот меѓу 1999 и 2002 година, со што трошоците за бруто плати е зголемен за 634.566 милиони денари, при што се заборава повеќе од 800 вработени во Електростопанство на Македонија помеѓу двата изборни круга во 1998 година, период кога на чело на Електростопанство на Македонија е истатат раководна структура како и сега. Па, дури и да го занемариме овој факт, заштедата која Електростопанство на Македонија би ја остварила со терање на улица на 1.100 вработени, би изнесувал 315 милиони денари, бројка која споредена со вкупната реализација на Електростопанство на Македонија за две години, од над 13 милиони денари, информација која е дадена на истата страница од горенаведената анализа, е навистина смешна. Можеби исто толку колку и тврдењето наведено во предлог - програмата на Управниот одбор дека

сите овие вработувања се непродуктивни, без да се даде никакво објаснување на ова тврдење, а особено кога ќе се разгледа списокот на стручните подготовки на вработените за кои е констатирано дека се вишок, а каде доминанти се вработените со високо, вишо и средно образование, како и фалификувани, високо квалификувани кадри од машинско - техничка струка, што би можело да се спореди со прогласување на попови за технолошки вишок во Црквата. Добро е на ова место да се наведе дека во истиот период,  додека се изработува анализа за елаборатот и предлог - програмата, во која патем се тврди дека Електростопанство на Македонија не е во состојба да ги подмири платите на вишокот вработени, генералниот директор донесува одлука за намалување на цената на електричната енергија, а смееме да ги заборавиме близу 600 нови вработени делумно со договор на дело, делумно со решение за исполнување на постојан работен однос. Зошто господин Лазаров при тешка финансиска состојба на Електростопанство на Македонија, го презема доброволно дел од 13% од данокот на додадена вредност на товар на претпријатието. Почетното објаснување беше дека така нема да постапи електричната енергија, но видовме дека веќе поскапувањето на струјата е реалност од 1 јули 2003 година и тоа за цели 7%, а голема е можноста  и за нови 5% и други корекции до крајот на 2003 година.

Понатаму, при тешка финансиска состојба се врши увоз на електрична енергија на 50% повеќе во однос на претходната година, иако оваа зима  беше со доста повисоки просечни температури во однос на минатата година, а хидроакумулациите беа полни и редовно се случуваа преливи, што значи чиста загуба. Во овој период низ прелиените шахти на ХЕЦ Тиквеш и ХЕЦ Глобочица отидоа во неповрад

вкупно милион евра. Ова, очигледно покажува неспособност за поволна размена на вишоците од страна на досегашното раководство на компанијата.

Можеби, за крај, не е лошо на раководството на Електростопанство на Македонија да му ги поставиме следниве прашања.

Прво, како го објаснува фактот дека покрај, според нивните сеуште недокажани тврдења, криминалното водење на компанијата од страна на претходното раководство Електростопанство на Македонија ја заврши 2002 година во позитива и покрај т.н. превработеност, а за само осум месеци под нивно раководство, според нивното тврдење, компанијата е вотешка економска состојба. Чудно, зарем не!

Второ, зошто кога веќе се тврди дека се штеди на секој чекор карти за службените патувања во странство, усмена директива на раководството, смеат да се купуваат само во две - три туристички аганции и тоа Виатурс, во сопственост на Трифун Костовски и Агенцијата на Нова турс, во сопственост на Маја Новак - Черепналковска, сопруга на актуелниот помошник, генералниот директор на секторот за развој и инвестиции во АД Електростопанство на Македонија. Иако, цената на картите за во овие агенции се за 30 до 50% повисоки во споредба со останатите агенции за истите дестинации.

Трето, како го оправдува подигањето на кредит за изградба на ХЕЦ Козјак, објект кој ќе се исплати за 80 години од страна на Електростопанство на Македонија, според признанието на самиот генерален директор, намената на ХЕЦ Козјак е обезбедување на вода за наводнување и заштита на Скопје од поплава, за што е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Четврто, до кога мисли за соите грешки да се вади на претходното раководство. Да ги потсетиме на ова место дека и покрај нивните најдобри желби во периодот за застој на ХЕЦ Вруток за 2002 година го прогласи за криминалец, а на крајот се испостави дека ХЕЦ Вруток може да биде во тотален застој само во септември, октомври и ноември, бидејќи во декември, јануари, февруар и март барем три агрегати треба да се на мрежа, поради конзумот и напонската подршка на Западна Македонија. Во март, април и во мај дотоците се преголеми, за да може да се дозволи тотален застој, а во јуни, јули и во август ХЕЦ Вруток мора да работи за да обезбеди доволна количина на вода за наводнување на Полог, па во истиот период се одвиваат и ремонтите во РЕК Битола. Зошто, впрочем, доказ е и фактот дека тоталниот застој на ХЕЦ Вруток за 2003 година е предвиден во истиот период како и во 1932 година. Значи, потполно исто. Може да се постави прашањето на исправност, постапката. За да една одлука биде законска, не е потребно да се спроведува од страна на владината политика, од страна не менаџерскиот тим на Електростопанство на Македонија, туку треба да биде во согласност според законските прописи. Под два, да биде донесено од овластено лице и орган и три, да биде донесена во постапка спроведена согласно закон и општ акт. Дека одлуката за технолошки вишок е незаконска и во директна спротивност со членот 125 од Законот за работни односи и член 190 од Колективниот договор од досегашната фаза на спроведување ќе го истакнеме следното. Во Законот за работни односи, членот 125 предвидува дека, на работникот може да му престане работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени во случај кога работодавачот има намера да воведе поголеми промени во производството, реорганизацијата, програмата,

структурата и технологијата, а што ќе предизвика потреба од намалување на бројот на работниците. Дополнително не е испочитуван и членот 126 од Законот за работни односи, каде е предвидена обврска за работодавачот за промените да ги извести и работниците, а не само Синдикатот.



АДНАН КАХИЛ:(Продолжение)

**Во Колективниот договор членот 190 предвидува дека на работникот може да му престане работниот однос заради економски,**

технолошки и структурални промени во случај кога Управниот одбор ќе донесе одлука да воведе поголеми промени во производството, програмата за реализација,структура и технологија, а кои ќе предизвикаат потрба за намалување на ваботените. Ова значи дека потребата од намалувањето на бројот на работниците треба да биде последица од поголеми промени кои претходно треба да бидат изнесени и анализирани во елаборатот на генералниот директор, а потоа прифатени со програмата на Управниот одбор на АД ЕСМ.Од анализата на тие промени треба да произлезе бројот и структурата на вработените чија работа престанала потребата во претпријатието.Значи бројот и структурата треба да бидат последица во промените, а не како во конкретниот случај на АД ЕСМ каде отпуштањата се истакнати како последица и како промена која ќе се воведе. Од друга страна треба трба да потенцираме дека согласно Законот за работни односи и Колективниот договор на ЕСМ работниот однос може да му престане на работникот само кога ќе бидат воведени промените. Во конкретниот

случај иако такви промени воопшто не се воведени се прогласуваат работници за технолошки вишок,се води постапка за издавање на решенија за престанок на работен однос.

Во член191 од истиот договор стои дека генералниот директор меѓу другото треба да ги информира работниците за горе наведените промени кои ќе доведат до негово отпуштање. Не е направено до ден денешен тоа.

Во член 192 од истиот договор јасно е наведено дека генералниот директор е должен да изготви елаборат, анализа за економските,структуралните и слични промени кои предизвикале потреба од намалување на бројот на работниците во претпријатието.Овој елаборат треба да ги содржи причините поради кои настанале економските, технолошките, структурални и слични промени кои довеле до престанок од потребата од работа на работници.

Анализирајки го елаборатот подготвен од страна на генералниот директор се доаѓа до заклучок дека единствена причина што 1100 работници треба да се најдат на улица е фактот дека тие се вработени во периодот од 1999 до 2002 година.

Како дополнителна повреда на правата и достоинството на вработените е Упатството за примена на критериумите за поединечното бодирање на работниците, кое изобилувз си критериуми каде субјективната проценка на оценувањето игра огромна улога.

Доколку детално се разгледа Колективниот договор на АД ЕСМ ќе се види дека само со членот199 каде се дефинирани субјективните критериуми за бодирање се поништуваат сите останати членови од Договорот.

Имено, при бодирањето на објективните категории носат максимално 116 бода, додека субјективниот дел од бодовната листа носи дури 218 бода и тоа е голема диспропорција.

Анализата, елаборатот и Предлог програмата за утврдување на потребата од воведување на економски, структурални и слични промени донесени од страна на вд генералниот директор, иако се тврди дека се заснова на член 192 од Колективниот договор, при нивната изработка и донесување се прекршени не само одредбите од Договорот, туку истото е направено и со срамно узурпирање на правата и обврските на самостојниот синдикат, или е во целост суспендирана неговата улога да ги штити правата на работниците. Односно, наместо она што го бара членот 192, а тоа е постапка во две фази и предлагање на три вида акти и тоа:

-Анализа, елаборат на економските, структурални и слични промени кои предизвикале потреба од намалување на бројот на работниците во АД ЕСМ;

-Предлог на програма за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата;

-Предлог на програма за утврдување на потребата од промени во производството, реорганизацијата, програмата , структурата и технологијата.

Со првите два акти се исцрпува првата фаза после што истите генералнот директор е должен да ги достави на мислење на синдикатот, а по добивањето и ако таквото мислење не го добие во рок од 15 дена дури тогаш ќе треба да пристапи кон изработка, предлагање на третиот акт, кој исто така пред да го поднесе на Управниот одбор ќе мора да годостави по втор пат за мислење на Синдикатот.

Иако постапката е јасна менаџерскиот тим на АД ЕСМ решава во постапка од две фази да ја скрати на една и со пријудицирано предлагање на последната програма како прва корисник и присутник да издејствува само едно изјаснување на синдиактот. И тоа целата оваа постапка се спроведува во услови кога Синдикатот е во избори и сеуште нема претседател. Наместо слободно изјаснување на синдиактот спротивно спротивно на член 19 став 4 од Правилникот за избор на органи на Основна организација на синдикатот е претседател на сојузот на синдикатот на ЕСМ во која е предвидено дека цитирам: со изборот на претседател на СС ЕСМ престанува да важи мандатот на претходниот претседател. Мислењето кој Синдикатот му го доставува на својот преднарачател генерален директор е потпишано од лице кое за тоа нема право а тоа е претседавачот Василије Србиновски кој не е избран за нов претседател на СС ЕСМ а до неговиот избор претходниот претседателo би требало да ги врши должностите. Исто така политичките принципи отидоа до таму што во изборот за нов претседател од петни жили се оневозможува да учествува најголемата основна организација на ССМ на ЕСМ а тоа е РЕК Битола.

Понатаму како потврда дека најавеното пуштање на ЕСМ се само политичка чиста една владеачка комисија, а не последица на темелна анализа или реализирање реформи од кои се наметнува потребата за намалување на вработените и би ги навеле следните факти и докази кои во целост ви ги доставуваме во прилог.

Хронологија на постапката е следнава. Анализирајќи ги ја хронологијата на постапката на раководството на Електростопансво поточно на г-дин Лазаров можеме да го констатираме следното: Господин Панде Лазаров со одлука на Владата кој е назначен за в.д.

генерален директор на ЕСМ на 14.11. 2002 година. Веќе на 6 .11. доставува барање до сите раководители за информација за текот за тоа кој е се вработен во последен месец, , 3 месеци, 6 месеци, 12 месеци т.е. од 5.11.2001 до 2002 година. Значи, вработените кои треба да отидат само во првата фаза кој се е вработен од 1.01.1999 до 5.11.2002 година, како крајна цел на акцијата и чистење на ЕСМ.

Понатаму, тие барања за нови и дополнети информации за доработка на списоците и нивно дополнување со податоци од типот на основ на вработување, начин, од каде е преземен работникот, негова стружна подготовка итн. Од сето тоа се изготвуваат анализа и елаборат и Предлог програма за таканаречени големи економски структурални слични промени кии предизвикале потреба од намалување на работниците во ЕСМ. Без ниту еден збор за било какви високи промени. Отпуштањето се зема како единствена реформа. Или документ потпишан од сега веќе генерален директор Панде Лазаров, од 29.05..2000 година за формирање комисија за вреднување и бодирање на вработените иако веќе тие списоци се изготвени со конкретни имиња. Датумот веќе тоа го укажува.

Исто една потврда дека како единствен критериум се зема времето за засновање на работен однос е соопштението потпишано од директорот на дисрибуција Кратово со кое се повикуваат само вработените од 5.11.2002 година да достават доказ за нивната материјална состојба.

Значи, оние кои се предвидени за отпуштање од работа иако бодирањето не е ни започнато.

И за крај потпишан повторно генералниот директ документ од 19.06.2000 година според кој од кога се се изготвени списоците за

бркање од работа на вработени повикува на изработка на нова систематизација но овој пат без 1100 вработени. И очигледно има тука злоупотреби и ќе наведам некои кои се од злоупотребите.

1. Под архивски број 02-3324/2 од 15.04. 2002 година е документот анализа и алаборат е документот анализа и елаборат за економските структуралните или слични промени кои предизвикале потреба од намалување на бројот на работниците, во АД ЕСМ на првата страна алинеја 2, се дадени бројките на сите вработени во година на примање. По согледување дека во периодот од 1.01.1999 година до 5.11.1999 година е примен само 1541 вработен се изработува нова страна од фамозниот елаборат под истиот архивски број и под ист датум но сега со фалсификувани бројки на вработувањата од споменатиот период. Значи се работи за прикривање на вистински бројки и обид да се изгубат 600-те вработени во периодот од 5.11.2002 година до денес или можеби во периодот помеѓу двата изборни круга на парламентарните избори во 1998 година.

Бараме Јавниот обвинител и МВР да постапат согласно своите правни обврски докази ќе ги приложиме.

2. Без одлука на Владата на РМ Лазаров само по зголемувањето на ДДВ од 5 на 18% ја намалува цената на срујата во сметките при што сега во Буџетот на РМ се уплаќаат помалку по основ за ДДВ. Се работи значи за даночно затајување. Бараме јавни обвинители и МВР да постапат согласно своите правни обврски.Доказ за сите стари и нови сметки за електрична енергија.

3. Прифакајки ја разликата од 13% на сметка на АД ЕСМ Лазаров донесува штетна одлука на штета на АД ЕСМ и бараме Јавниот обвинител и МВР да постапат согласно своите права и ибврски.Ова е

она обврска со работата и со одлуките што се носени во врска со АД ЕСМ.

Но би се задржал на една друга димензија која се работи за луѓе кои се отпуштени. Јас тука ќе напоменам тројца луѓе кои беа примени во периодот 1992 година, кои се Турци по националност и во де3лови места каде немаше ниеден Турчин се увидовме тогаш и тоа го приметија луѓе се квалификувани и ќе ви кажам кој како се вика и ќе ги кажам по матичен број се заведени имаме од Охрид Себајдин Јахја, матичен број 0523, средно училишно занимање ВКВ монтер и така работел, и во стално имал по 20 часа, мислам работел многу прекувремено и еден од докажаните работници, впрочем, своевремено бил и стипендист на ЕСМ. И тоа во Електростопанство во Охрид каде што имало многу голем број вработени, единствениот турчин што беше таму и тој се отпушта. Истото се случува и во Кичево, овие се оние кои успеав да ги добијам, веројатно има и по другите подружници, и тоа во Кичево Џемаил Карарешит, и Мемед Џемаил Патаљоски, и двајцата се еден градежен техничар, другиот е општ работник, и си ги работат работите во тој дел, се квалификувани за таа работа и тие се отпуштени без никакво образложение зошто се отпуштени очигледно дека единствен критериум што се тие вработени во тој период, иако во тој дел, зборувам за Кичевскиот и Охридскиот дел, немаше ни еден Турчин вработен. Јас си го поставувам прашањето: ако на овј начин се бркаат луѓето, лица што се вработиле во тој период и се присталица на некоја политичка партија така ли ќе се спроведува Охридскиот рамкмовен договор? За еднаш па и парично застапеност со бркање на определени заедници. Мислам дека на голема врата се дискутираше и ме убедуваа тука и впрочем како посебен говор имаше Бранко Црвенковски и посета на турскиот

претседател, дека ова не е бинационална држава, и дека тука ќе се води сметка и за вработување и за соодветна и правична застапеност, ако ова е правец во места каде што нема ниеден вработен тука да кажам условно јавно АД акционерско друштво каде што е газда Владата или државата, и да се бркаат тие луѓе мислам дека тоа е еден преседант. И ако така продолжи, мислам дека треба се замисли и Демократската партија на турците тоа ваш коалиционен партнер, до каде ќе не доведе да Турци се бркат или само заради тоа што подпаѓаат под една политичка партија или се симпатизери на една коалиција или една условно да кажам политичка партија.

Впрочем уште нешто да кажам. Јас во минатиот период бев министер во владата на Љубчо Георгиевски, кој што имав високи функции, во мое време ниеден од турската нациооналност не беше отпуштен од работа иако малку ги имаше во Јавната администрација, без разлика дали беа условно кажано од другата партија која е во опозиција мислам дека таквиот начин на партиска основа да се бркаат луѓе без да се дадат критериуми, без да се дадат критериуми, без да се дадат образложение зошто да се бркаат мислам дека не води кон добро.

Овие се можби осамени случаи, но мслам дека се доволни примери оние места каде што нема ниеден и мислам дека отпуштањето на еден или двајца во однос на една заедница тоа во проценти изнесува 100%.

Иако некој ми даде аргумент зошто тие се отпуштенми, иако имаат квалификации, иако се работници кои добро си ја работаат работата, мислам дека треба во најмала рака да се замисла тие кои пишуваат такви решенија. Веројатно такви случаи има и во други подружници,

немам увид во тие подружници, но со тек на времето како што се одвиваат работите ќе видиме на дело кои луѓе се отпуштени и зошто се отпуштени или мислам дека и на крај би кажал во целина не би двоел дали се работи за турска националност, за други националности треба да имаме во предвид дека овие луѓе работат и привредуваат и своите заработени плати ги трошат во економија на РМ, мислам дека треба да имаме сенс и осет во овој момент без разлика во кој домен, како и зошто се примени луѓето на работа, мислам дека треба да се изнајдат сили нарочите г-динот Панде Лазаров, како генерален директор на ЕСМ да изнајде сили како што впрочем и обеќаа, со внатрешни преструктуирања, со рационализации и со подомаќинско работење и за добар менаџмент да ги задржат тие луѓе, и мислам дека пред народот и вчера некој напомена и добија поени и тие. Електростопанство, со ова раководство, со овој раководен тим и во оваа позиција ќе добие поени. Тоа само го барам и тие луѓе да си останат на работа, и ги уживаат правата и обврската што произлегуваат од можноста за работа во рамки на економијата на РМ.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам .

Г-дин Трајановски, реплика на г-дин Јордановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе,

малку е закаснето но би сакал да кажам ова што сметам дека треба да го кажам, пред се му честитам на г-динот Јордановски, за анализата која ја има направено, меѓутоа сакам да напоменам во врска

со капата која што ја презентираше тука пред македонската јавност дека после секоја битка има многу паметни генерали.

Би сакал да го потсетам г-динот Јордановски, дека 1999 година, имаше Косовска криза, косовска војна, при што Македонија, пред тоа се напојуваше со два далноводи со по 220 киловатни со релативна електрична енергија од Косово. Притоа тоа беше укинато, и тој е еден од големите причини за падот и дојде состојбата во АД ЕСМ на РМ.

Како второ, сакам да ве потсетам дека 2001 година исто така имаше војна во која што покрај тоа што наплатата, скоро да не беше во тие региони, скопскиот, кумановскиот, и тетовскиот исто така беа разрушени огромен број на електрични инсталации и водови кои што на есента 2001 и 2002 година беа потрошени за да се направи електричната мрежа и да биде ставена во функција во 2002 година.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Трајановски, табелите беа за производство а не за увоз и дитрибуција.

Г-дин Шаќири.

А, Љупо, тоа сакавте да го кажете. Да. Не се работи за увоз туку за производство се работи. Г-дин Шаќири, реплика. Метахил., само момент седнете тука. Да.

Гспоѓа Борозан реплика на г-дин Ќахил.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Немав намера да ги коментирам да реплицирам на многу пати повторените ставови на опозицијата, меѓутоа, не можам овој пат да се воздржам на повторените наоди и цитати од извештајот на Мануелбанка..

Би сакал да потенцирам две важни работи во врска со овој Изештај.

Прво, извештајот на Мануелбан конзорциумот за состојбата на ЕСМ, значи за блиското снимање на ЕСМ, е извештај со строго доверлив карктер. Значи на него стои назнака строго доверливо изработен во корист на Владата, на РМ и требало да и послужи на Бившата влада на РМ, во нејзиното спогодување околу продажбата на ЕСМ. Кога овој извештај е со строго доверлив карактер , како опозицијата ги има наодите од тој извештај. Можам да наведам дека јас како член на Комисијата за трансформација сега на ЕСМ кога го побарав Извештајот од Мануел банк да го погледам ми беше одговорено дека тој се чува во Министерството за економија, иако сакам да го разгледам Извештајот, можам тоа да го добијам и да го извршам тоа во просториите на ЕСМ.

Според тоа навистина ме чуди и барам одговор на прашањето од каде опозицијата располага со овие подастоци.

ЏИИ/1.- СП/МП

ВЕСНА БОРОЗАН: (Продолжение)

Втора работа што е потполно очигледна дури и да се точни наодите кои се цитираат од Извештајот на Мајнел банк дека Мајнел банк рече дека немало превработеност во Електростопанството на Македонија. Морам да посочам затоа што тоа опозицијата не го гледа.

Извештајот е поднесен некаде летото август 2002 година. Извештајот е работен врз основа на податоци од 2001 година, а во текот

на првата половина на 2002 година и до септември - октомври 2002 година бројот на вработени е зголемен за повеќе од 13%.

Според тоа, и да се точни наводите дека не постоела превработеност во Електростопанството на Македонија таа дефакто денеска постои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Ќахил реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ме чудат овие наводи од каде извештај за вакви дебели информации. Ќе кажам неколку збора. Сепак сме пратеници и можеме да најдеме начин, а и јас можам да прашам за минатото и сега од пратениците на позицијата порано опозиција од каде наоѓа извештаи за некои дебели информации, но наоѓа. Да ви кажам дека пишува за таа работа и ќе прочитам што пишува. Вчера за ВЕСТ изјави Златко Черепналковски дека македонски тим одел во Мајнел банк, тука ги има тие информации, не треба да ги барам, еве ги. Тука е наведено дека нема превработеност. Јас и пред малку кажав ако има 13% превработеност во глобала, во самата прераспределба со добар менаџерски тим можел да ги прераспореди луѓето да им даде нови задачи и можело да се работи да нема загуби, но се покажа дека во 2002 година Електростопанството на Македонија работеше без загуби, а од каде ги имаме добиено информациите, еве ги информациите, ги има во јавноста или новинарите можат да имаат информации, а ние пратениците не можеме да имаме. Тоа е сомнително и лошо поставена теза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Шаќири.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседателе, господа пратеници,

Факт е дека овие два дена дебатираме за едно прашање кое е многу тешко, кога велам тешко зборувам за категоријата на работници кои сега се на листата на технолошки вишок што навистина мислам дека и ние како пратеници, меѓутоа и секој македонски граѓанин во вакви случаеви чувствува болка, бидејќи се зборува за една категорија на луѓе од кои повеќето се можеби, ќе речам, ќе бидам социјални случаи.

Вистина е дека се обидуваме можеби вината да ја префрлиме на друга страна, народот секогаш така зборува дека вината е кај другиот и никој не ја прифаќа.

Господа пратеници, посебно би се обратил до пратениците од ВМРО-ДПМНЕ добро е да дискутираме и да бидеме што поотворени по ова прашање, меѓутоа, колку што гледам овие денови разговаравме повеќе за последиците, но не и за причините. Зошто не ја отвориме и таа страница која е многу интересна и можам да речам кога ќе ја отвориме и таа тема за причините мислам дека ќе ја пронајдеме вистината и ќе го пронајдеме тоа кон што тежнееме преку нашето претставување пред јавноста.

Од сето ова што се случува кај нас овде гледам дека жртви се категоријата односно слојот кој е најсиромашен. Вистина е, информацијата постои која е подготвена од страна на предлагачот која

содржи неколку прашања меѓу кои е прашањето за времето кога се вработени. До сега со полно убедување треба да го прифатиме ова како вистина, бидејќи не сме воделе политика како што треба затоа што прашањето се однесува на вработувањето. А вие самите прифаќате дека сте вработувале по партиска основа. Кога велите дека се отпуштаат вработени кои биле партиска структура, па ве молам тогаш ние сме во контрадикција и судир и со Уставот и со позитивните закони на оваа држава.

Партијата која е на власт треба да сноси одговорност само за луѓе на позиција и раководни функции, а кога е категоријата за вработувања на пониско ниво во јавни претпријатија и други, да не ги набројувам, имаат право на вработување без оглед на партиската боја. Значи, вие тука изразувате еден начин на тежнеење дека се преземени само партиски мерки кои ги исклучуваат структурата на ВМРО-ДПМНЕ. Јас не се согласувам и во таа насока не сакам да разговараме. Разберете ме, зборувам со полна одговорност, не само јас, туку сите од ДУИ мислам на парламентарната група и бараме една дебата околу овие прашања посебно за работниците од кои денеска голем број се прогласени како технолошки вишок и еден број уште поголем за кој не се знае каде се сега. Добро е да ја отвориме оваа тема, меѓутоа, да разговараме за начелни прашања и кон едно прашање кое не води кон решавање на овој проблем. Јас потполно се согласувам, но не и да речам дека сега се отпуштени работници кои припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ, дека е направено отпуштање на партиска основа.

Токму сега во последно време сум имал контакти со работници кои биле на листата предвидени како технолошки вишок. Повеќето од нив се од Скопје и припаѓаат на албанската етничка

заедница. Бројот на Албанците е многу мал во Електростопанството на Македонија. Кога имавме пратенички прашања разговаравме за ова, но јас не го поставив како пратеничко прашање, меѓутоа, ме интересираше тој мал процент на Албанци во Електростопанството на Македонија, а сега со овој бран на отпуштање или да ги наречеме технолошки вишок сега и тие се во ист кош. Јас не зборувам сега за поединци, туку го гледам севкупниот проблем. Сите сме заинтересирани оваа држава да ја ставиме на силни основи, а кои се тие основи врз кои можеме да ја положиме оваа држава? Треба да стартуваме од економската стабилизација, но кој е конкретниот чекор што треба да го преземеме во насока на економска стабилизација?

Ние зборувавме за многу други прашања за кои знаеме дека се взаемно обусловени доколку ја земеме предвид економската стабилност знаеме дека таа е условена од безбедносната стабилизација, функционирањето на правната држава во сите делови на Македонија и тоа значи дека во таа насока сите работиме заеднички и не треба да ја одбегнуваме одговорноста, треба да се движиме во таа насока.

Можеби некој ќе каже дека во овој момент постигнавме да го направиме тоа оставајќи нешто друго на страна затоа што сме зеле одговорност да го реализираме Охридскиот договор. Кога разговараме за вакви прашања многу помалку ни треба политика. Политиката ни треба за прашања кои ги опфаќаат сите категории на граѓани почнувајќи од најсиромашната категорија.

Во оваа насока треба да отвориме дебата и да излеземе со заедничка јасна визија и да го постигнеме тоа што претставува заеднички општ интерес, а општиот интерес да работиме на тоа во

иднина да немаме отпуштања од работа, меѓутоа, она што вие сте го направиле во 2001 и 2002 година зошто на пример не се одело во континуитет во вработувањето, туку вработувањата се правеле токму пред изборите. Тука се правени манипулации со најчесната категорија слоеви на граѓаните, мислам дека тоа не смее да се повтори во овој состав, но доколку се случи повторно тоа што се случи во 2002 година, на луѓето им се давале решенија за вработување, зошто тоа не се правело порано, туку се правело едноставно за да се придобијат како членови на партија и како да се придобијат нивните гласови, тоа е едноставно измама не само на тој слој на население, туку измама на самите себе.

Затоа во оваа насока не треба да делуваме на тој начин, јас и сега би ви сугерирал на оваа структура и на оваа Влада во која и ние учествуваме никако не смеат да се повторат овие феномени, овие појави кои биле очигледни кај поранешната коалиција и поранешната Влада во 2000 и 2002 година.

Сега би кажал дека тука се погодени сите категории и проблемот не треба да се дискутира само од една димензија, од еден сегмент затоа што не е проблемот само со електроекономијата, туку ситуацијата е многу потешка во однос на невработеноста.

Реформите се многу болни, тоа треба да го знаеме сакале или не, меѓутоа, реформите не треба да се гледаат само како еден ангажман на сите раководни структури и институции на оваа земја за да се направи нешто односно да се гледа само димензијата на намалување на вработените. Да седнеме сите заедно и да направиме еден заеднички економски проект кој ќе води во насока на економската стабилизација на оваа земја, да разговараме за такви работи. Тука се работи за 1100

вработени кои всушност се прогласени за технолошки вишок. Во овој момент тоа прашање го дискутираме, но каква е ситуацијата со вработеноста во Македонија, ајде да дискутираме за тоа прашање, зошто не го отвориме тоа прашање. Сега на големо се алудира дека е направена голема неправда затоа што се реализира еден проект кој сака во тешка ситуација да ја стави опозицијата. Значи, вие земате една одговорност која не можете да ја докажете, фактички докажувате пред целата јавност дека сте правеле неправилни вработувања. И ние како коалиција доколку правиме така ќе направиме голема неправда во однос на правата и слободите на човекот, затоа што правото на вработување е неприкосновено право на секој граѓанин во оваа држава независно од неговата партиска или друга припадност, а од друга страна кога се именуваат министри и други високи функционери, тогаш тоа се партиите на власта кои се одговорни за тоа.

Да не ви одземам премногу време, сигурно сме сите заморени, јас имав за цел и ви го кажувам тоа дека ние како албанци, како ДУИ и другите наши коалициони партнери кои врз себе ја зеле одговорноста за имплементација на Рамковниот договор кој е поддржан и од опозицијата во оваа дебата никого не слушнав на пример колку се гази Охридскиот договор со прогласувањето на технолошкиот вишок. Мислам дека тука има газање на Охридскиот договор, меѓутоа, сепак, се работи за едно чувствително прашање и бевме во дилема дали воопшто да влеземе во оваа дебата или не, меѓутоа и покрај тоа кога констатиравме дека на целиот проблем му се дава една партиска конотација, што мислам дека не е во ред, не е хумано овој проблем да се гледа од партиска призма, туку треба да се гледа од друг аспект.

Доколку за овие прашања кои се од исклучително значење и кои се однесуваат на севкупните интереси, ако ние не гледаме од партиски аспект, од партиски позиции, тогаш сите ние ќе напредуваме заедно со сите граѓани на оваа држава.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,03 часот).



(По паузата, седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можеме да продолжиме со работа.

Има збор госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе.

Мое уважување према сите присутни.

Во текот на вчерашниот ден, како и во расправата од денеска, беа искажани многу мислења, ставови, бројки, критики, аргументи, контрааргументи во однос на Информацијата за состојбите во АД ЕСМ и селективната примена на правото во процесот на реформите со отпуштање на вработените. Сепак, и покрај сите овие дискусии, дозволете ми да изнесам два-три свои коментари и тоа по Барањето на

пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за расправа по оваа точка, како и по самата Информација.

Врз основа на изготвената Анализа, односно Студија од страна на ЕСМ утврдена е потребата од намалување на вкупниот број на вработени во системот на ЕС за 1100. Тука е клучната точка после која почнува расправата.

Првичното барање е доформулирано - селективна примена на правото во процесот на реформите со отпуштање на работници.

Во документот од ЕСМ, доставен до нас пратениците, дадени се показатели во однос на вработувањата за еден подолг, неколкугодишен период со многу видлива, многу очигледна и препознатлива тенденција на драстично зголемување на бројот на вработените од 01.01.1999 година до 31.12.2002 година.Бројките нема да ги коментирам. Слушнавме бројни коментари и толкувања во различни конотации во претходните дискусии. Само ќе речам боде во очи токму принципот на селективност, применет од оние кои тврдат дека ги отпочнале најголемите реформи во сите сегменти на државата. А, за реформаторите, не важи, се разбира, "нели".

Оваа бројка на нововработени за овој период во ХЕЦ "Тиквеш" на пример и на ниво на ЕСМ вкупно ги урна сите анализи што до 1998 година беа изработени од домашни и странски институции, а кои што се однесуваа на број на вработени што би гарантирал ефикасно, рационално и економично работење на претпријатието. За три години, во ХЕЦ "Тиквеш" бројот на вработени се зголеми од 70 на 94. И, воопшто не одговара на инсталираната снага на електраната. Таквото нагло зголемување на овој број на вработени не може да се оправда со никаква нова инвестиција, развоен проект или проширување на

капацитетите во објектот, со многу дуплирање на работни места и со периоди на вработување од кои што точно можат временски да се лоцираат и поврзат со одредени настани.

Или на пример Електродистрибуција - Кавадарци, за последните 3,5 години има 25 нови вработувања, со многу дискутабилен начин на реализација на засновање на работниот однос: по пат на преземање од фантомски човек-фирми без притоа да се зголеми обемот на одржување на објектите или нивото на продажбата. На пример,.

Ниту од овие кои до вчера му ги спомнав на колегата Тасев, тој четворица вработи во Електродистрибуција а двајца во ХЕЦ "Тиквеш". Еве, пак сме кај критериумите. Очекував тука да се води главната расправа, бидејќи сите, кој декларативно, кој суштински сме за реформски, а околу постапката на бодирањето, проценката, еваолуцијата особено кога тоа се прави од човек, секогаш постои можност да се направи субјективна грешка. А, кога се работи за поголеми бројки, можни се и типични грешки што статистиката ги познава, се разбира, а кога се работи за можни грешки секогаш постои можност во процедура истите да бидат исправени.

Повторно, кога сме кај критериумите, во Барањето се инсистира на селективност во пристапот. Но, не ќе беше лошо ако во Анализата се тргнело од анализа на критериуми при енормното вработување во точно утврдени временски координати, особено во 2002 година. Тој пораст, ако се споредат бројките, имплицира дека имало развојни активности, инвестициони активности и активности. Добро ќе беше ако беше така. Ама, вистината е поинаква. Многубројните вработувања во друштвото не соодветствуваат на соодветни програми и реални потреби од нови кадри за нормално одвивање на работењето. Секако дека е нужно да се

воведат економски, структурни и слични промени за системот на ЕС да се подготви и стане одржлив систем што би можел да опстане во услови на слободен пазар на електрична енергија. Но, за тоа не е доволно само декларативна определба, а во фактичка реална ситуација да се практикува спротивното.

Кога сме веќе кај дефиницијата на одржлив систем, еве сега чувствувам потреба да ја преведам на обичен народен јазик и да кажам дека не може да се изеде и испие се денеска без да се води смета дали утре децата ќе ти плачат. Токму тоа се случи и со овој систем. Немилосрдно се трошеше и во јавноста за тоа доволно се знае. Имаше безброј примери на апсурдно трошење. Токму затоа тоа е причина повеќе да бидат поболни сите наредни реформски чекори што ќе бидат преземени.

Еве, тука само ќе се повикам на кривата, односно на графиконот што го презентираше колегата Јордановски. И уште еднаш, кај критериумите ќе повторам, за објективноста и непристрасноста или субјективноста и пристрасноста во бодирањето, согласно утврдените критериуми, на крај има инстанца што може да го оцени тоа.

Уште еднаш би сакала да кажам дека тој кој тврди дека започнал системски и структурни промени, и тоа неоправдано енормно зголемувал број на вработени, што не нуди рационалност, ефикасност, економичност, тогаш гледам единствено антиципација на денешнава состојба и денешнава расправа и антиципација на очекуваните реакции од оваа бројка на вработени во ЕС. Тоа, почитувани колеги, со други зборови се нарекува предумисла. А, предумислата е тешка работа во однос на очекуваните реакции, очекуваниот гнев од овие и други засегнати вработени. И  е грев, би рекла. Во однос на гревот, мозајкот

кога-тогаш ќе се склопи, а гневот, се разбира, ќе го поднесува тој кој треба да ги започне промените, структурните реформи и тн.

Токму затоа, во одредени дискусии, освен маркетинг и лажна солидарност и хипокризија и покрај сета желба не можам да видам вистинска грижа. Ако имаше вистинска грижа, немаше да се случи вакво ниво на кумулација на загрозеност на основните и фундаменталните приоритети на државата во кои што кичма е системот на Електростопанството.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓа Андова.

Реплика има господинот Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе.

Ја слушнавме колешката од Кавадарци. Нешто зборуваше околу ЕСМ односно за ХЕЦ "Тиквеш". Да беше за психологија веројатно ќе прифатев некои вистини, но зборувајќи за ЕСМ и за работи што не и се познати, не можам да прескокнам а да не кажам неколку работи.

Прва работа, кажа дека во ХЕЦ "Тиквеш" апсолутно немало никакви инвестициони активности. Апсолутна лага, ортодоксна лага, изнесена пред Парламентот и пред македонската јавност, затоа што во ХЕЦ "Тиквеш" и сега се во фаза редовни активности на ревитализација што ќе траат четири години. Ревитализација на првата машина е веќе готова, што значи ќе има активности уште следни три години. Значи, ортодоксна лага дека нема никакви активности. Тоа се активности што се

во висина од 6 милиони долари преку Светската банка, преку наши инвестиции и тн. Значи инвестиции има.

Втора работа, за мене е невиден апсурд, кој е Орданчо Тасев да вработува во Дистрибуција-Кавадарци. Во ХЕЦ "Тиквеш" да, меѓутоа четири лица да вработам во Електродистрибуција - Кавадарци мислам дека веројатно е во тешка заблуда или нешто не е во ред да се тврдат некои работи  што апсолутно не се во ред. Госпоѓата е во заблуда, сака нешто да каже, меѓутоа пред да каже мислам дека треба добро да го обмисли.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сите ве замолувам достоинството на колегите да си го чуваме.

Инаку, еден психолог и еден правник никого нема да убедат кој е поголем енергетичар. Во тоа бидете сигурни.

Има збор госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе.

Еве, на колегата кратко ќе му одговорам.

Ортодоксен е во многу нешта и еве, не е културно да кажувам во што се. Меѓутоа 24 години работев во производство што директно зависеше  од снабдување со електрична енергија и барем колку него знам од тој сектор.

Втора работа, една анегдота се вртеше во Кавадарци кога тој стана директор на ХЕЦ, како го изговараше симболот за киловат час, ама сум доволно културна да не го кажувам тука.

За останатото можеме да дебатираме. Да не го одземаме вашето време, на кафе или надвор и тн.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се враќаме на дебата.

Има збор господинот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на ЕСМ,

Денеска се зборува  за важна клучна точка, за состојбите во ЕС, т.е. за отпуштање на лицата. Особено, мене ме интересира, нормално за 1100 луѓе кои се отпуштаат, но посебно ќе се задржам за Битола, за отпуштање на овие 150-160 души.

Имено, морам да кажам една порака дека лицата кои се ставени на список за отпуштање од РЕК Битола и Електродистрибуција, ме задолжија да го известам Собранието дека доколку бидат отпуштени, тие ќе побараат политички азил. Ова нешто значи.

По мое мислење, значи разредување на македонското национално ткиво, но ние, како политичка партија ВМРО-ДПМНЕ нема да дозволиме затоа што 300 илјади гласачи гласаа од кои 500 илјади луѓе во таа политичка партија припаѓаат. Па, според тоа, Македонија е постои и понатаму, додека постојат овие македонци Македонија ќе постои натаму и за тоа политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ќе биде како строг центар за постоењето на оваа држава.

Имено, да почнам хронолошки.

Енергетиката претставува една од основните компоненти на економскиот развој на секоја земја. Нашата земја, во тој поглед не е исклучок. РЕК Битола со 70% од вкупното производство на електрична енергија е најголем енергетски потенцијал во Република Македонија. Имајќи ги предвид вложените средства, искуството и материјалните ресурси што ги поседува овој комбинат, развојот и вкупниот статус на државата е тесно поврзан со настаните и состојбите во овој комбиат. Затоа, следењето и решавањето на состојбите во овој комбинат е прашање од стратешко значење за државата, особено сега кога е најавено отпуштање на голем број вработени.

РЕК Битола е изграден врз основа на резерви на јаглен во лежиштето Суводол со 95 милиони тони јаглен. Изградени се три термоенергетски блока по 225 мегавати на секој од блоковите. За нивната работа, површинскиот коп "Суводол" потребно е годишно да обезбеди 6 милиони тони. Грубите проценки се дека овој комбинат со овие резерви, резервите во новиот коп Брод-Нотино се проценети на 10 до 15 години. Но, сето ова, целокупните истражувања, целокупниот комплетен проект за резервите на јаглен на овој коп беа направени во претходните четири години од луѓето што го водеа ЕСМ.

Во врска со најавените отпуштања на работниците од РЕК Битола не смејат да се преземат никакви чекори за отпуштање од РЕК Битола, најголемиот прозводител, додека не се одговори на неколку прашања:

1. Дали знаете колкав национален производ има дадено РЕК Битола во досегашното работење и колкав е неговиот придонес кон економскиот опстанок и независноста за Македонија?

2. Што како возврат има добиено Битола и околината што ја загадува овој комбинат?

3. Дали знаете дека најголем дел од инвестиционите зафати (откривка, ремонти и тн.) ги изведувале фирми надвор од Битола, тоа значи дека не само во форма на електрична енергија, туку и како обезбедувач на работа РЕК Битола е најголем комбинат воопшто во Македонија?

4. Дали знаете колку социјални немири има компензирано РЕК Битола во досегашното 23-годишно работење со ненаплатена енергија на фирми и семејства?

Имајќи го предвид ова, треба да ни е срам да помислиме да отпуштиме и еден работник од овој комбинат, а не таа огромна бројка што се најавува, меѓутоа по донесена одлука, а со самата длука веќе следат и решенија.

Ние сме, да, за реформи. Меѓутоа, не за вакви реформи. Последните 7-8 месеци постојано се зборува за големите дубиози.

Прво, што треба да се запрашате - дали РЕК Битола во последните четири години испорачуваше максимален капацитет на електрична енергија во  Македонија.

Ако сакате да разговарате за дубиозите во ЕСМ, мора внимателно да ја следите хронологијата во ЕСМ, ќе видите кога и кој ги направи најголемите дубиози во РЕК и во Македонија. Ќе набројам само неколку од поголемите хаварии направени за време на истиот овој менаџерски тим, со што е директно оштетена ЕСМ и Македонија за стотици милиони евра:

1. Изгорена трафостаница 110 киловати во рудникот Суводол.
2. Две огромни хаварии на големите багери СРСТ - 2000.

3. Затрупување на подинските сцени со 50 милиони тони јаглен заради лошата проценка на истиот овој тим и што треба повторно да се открива.

4. Паѓањето на електростатскиот филтер во Термоелектраната .

5. Рушење на косиот мост во Термоелектраната што е позната на цела

Македонија.

Меѓу сите овие технички хаварии што чинат стотици милиони сегашни евра ќе ја додадеме најголемата финансиска хаварија на ЕСМ, по заслуга на Панде Лазаров, Проектот "Козјак" кој од ЕСМ фрли во неповрат 200 милиони евра. Тешко деа во догледно време Проектот "Козјак" проект на Панде Лазаров ќе врати во Македонија барем една десетина од вложените средства. "Козјак" се гради 10 години. Го уништува ЕСМ толку години. Ова не го кажувам јас, ова го кажа директно во очи на Панде Лазаров на македонската ТВ емисиј а "Чуму" професорот од Електротехничкиот факултет, стручњак кој 30 години се занимава со електроенергетика. И сега, еден таков менаџерски тим доаѓа и прави преструктуирање. Тие повторно можат да направат само една голема хаварија.

Јас како пратеник од Битола можам само да зажалам што кога имавме можност не се позанмававме со него и неговиот менаџерски тим. Ги оставивме до со она што тие го имаа направено. Ова го кажувам затоа што секогаш кога тие доаѓале на сцена во Комбинатот или во ЕСМ, обавезнмо има некоја техничка, материјална или социјална хаварија во РЕК Битола и во Македонија. За сегашните менаџери на ЕСМ и за последиците по ЕСМ, може да се зборува многу. Но, која е основната цел, односно која е играта на Владата односно на тимот на ЕСМ со овој

потег на отпуштање на вработените. Вистинските причини се, за жал, јас мислев дека тука го гледам господинот Лазаров Панде, мислев дека вчера од морални причини ќе поднесе оставка, меѓутоа тој не го направи тоа. Ако поднесеше оставка, најверојатно ќе се смилуваше и господинот Бранко Црвенковски, со неговата Влада, најверојатно ќе ги повлечеа овие одлуки.

Но, вистинските причини се да ги покрие дубиозите што тие ги направија во ЕСМ, огромен број на промашени работи направени во нивно време, перманентно ги префрлаат на претходната Влада, а фактите зборуваат друго. Затоа, изгответе анализа за тоа кога, колку и за што е потрошено во последните 15 години, ќе имаме комплетна слика, па после можеме да разговараме.

ЏИВ/1.-ЛП/ОМ

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ: (Продолжение)

Основната лага која сега сакате да му ја протуркате на макеоднскиот народ е дека ова го правите заради преструктуирање, а всушност не сте способни да си ја наплатите енергиајта заради социјални и политички причини. Сакате со ова да ја прикриете вистината дека не можете да ја контролирате целокупната територија и да си ја наплатите потрошената енергија. И понатаму правите компромис со фирми кои не сакаат да плаќаат. Никој од кризните региони не плаќа струја, Тетово, Гостивар, Куманово, Арачиново, Дебар и т.н. и сега најбезболно ви изгледа отпуштање на вработени. Подобро ви е да се отпуштат луѓето, отколку да предизвикате социјална експлозија со исклучување или поскапување на струјата и на виделина да излезе неспособноста на оваа Влада.

ЕСМ е одлична компанија во делот на производството и превозот, но нејзините слаби резултати се во дистрибуцијата и наплатата. Таму се пробелмите и таму се решенијата, но вие знаете дека само ако гибнете уШте малку во економската моќ на граѓаните знаете што ќе не снајде и затоа ова го правите. Ако веќе мора да се изврши преструктуирање, решението не е во отпуштање на овие веќе вработени.

Што нуди вашата програма за евентуално ваквите работници? Најголемата неправда е тоа што немате никаква програма за оние кои остануваат без работа. Вас тоа не ве интересира, важно е да си ја направите приватизацијата по текот по кој го приватизирате целокупното македонско стопанство со катастрофални последици.

Почитувани пратеници, за време на редовните парламентарни избори 2002 година коалицијата " За Македонија" на чело со СДСМ и Бранко Црвенковски му вети и го убеди народот дека ќе јакне економијата, ќе го зголеми стандардот, ќе има нови вработувања и невработеноста ќе ја сведе на минимум. Со еден збор, ќе создаде подобар живот за народот, мир и благосостојба, ќе владее правото и ќе создаде правна држава. Но по изборите и по формирањето на новата Валда останаа празни зборови, пустош и немир во државата и кај народот, покачување на ДДВ, поскапување на електричната енергија, се по грбот на народот. Секојдневието стана сурово, од медиумите секој ден слушаме за насилства, убиства, незаконити апсења, гонења и реваншизам. Наместо да владее правото и правната држава, ние постојано се соочуваме со незаконски дејствија од страна на Владата, која не можејки да стори нешто добро и вредно за народот и државата, само внесува страв и молк кај народот, служејки се со насилнички методи.

Кулминација на оваа состојба е скратувањето на социјалната помош на 14 илјади семејства и сега најпотресно е масовното отпуштање на вработените од АД Електростопанство на Македонија и тоа со селективна примена на правото при спроведувањето на реформите. Удари и по народот, по сиромаштијата која навистина станува неподнослива. 1100 вработени се отпуштаат само од АД Електростопанство на Македонија, а сега и од Телеком, и од областа на здравството и се продолжува со примена на одредбите за технолошки вишок, но со селективна примена на правото, односно недоследна примена на рамковните колективни договори на Законот за работните односи.

Кога е во прашање примената на критериумите, постои недоследна примена на истите, со оглед на тоа дека се отпуштаат самохрани мајки вработени кои само тие го хранат семејството, или стручни лица кои даваат голем придонес на своето работно место. Аршините не се исти за сите вработени, особено во решенијата на АД Електростопанство на Македонија дадени се критериуми надвор од Законот за работни односи и Рамковниот колективен договор, особено во првиот критериум каде тежината на работата се бодира од нула до 90 бода. Тука е дадено право на работодавецот да дава оценка и нормално , јасен е епилогот, се знае работодавачот како ќе ги бодира и кои вработени.

Но сакам да го запрашам генералниот директор Панде Лазаров, од 28 или 30 подружници, незнам точно колку се, има околу 500 раководители и директори внатре, па зошто не посегнавте по тие директори или на чело со вас да речете, да имате доблест дека еве и од овие луѓе ќе зафатиме технолошки вишок, па ќе се оправдате некако.

Меѓутоа, вие фативте чисто политички реваншизам да направите. ОтпуШтете од тие 500 барем 100 души, па тогаш прашање е дали ќе расправавме и ние како пратеничка група за оваа состојба. Но вие исклучиво правите политички реваншизам и нормално е што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се бори за овие луѓе.

Значи, Владата воведува тоталитаризам, заштита на вработените кои се со партиски книшки од СДСМ, а за другиот дел од народот не е важно. Зошто е потребно Владата да постои ако целиот свој народ си го избрка на улица и страда за леб, за гол живот, за обична егзистенција? И наместо владеењето на правото и правната држава, ние имаме беззаконие и хаос.

Ова што го изнесувам, дами и господа, не е паушално, туку поткрепено со следните аргументи.

1.Противуставна и противзаконска е постапката спроведена за прогласвуање на технолошки вишок на вработените во АД Електростопанство на Македонија кои не се државна и јавна администрација, туку работници на стручни работни места. Згора на тоа , овие луѓе се селективно избрани и прогласени за вишок, без да се запазат критериумите по Рамковниот колективен договор и Законот за работни односи. Овде се најдоа и самохрани мајки, и најдобри стручни лица, и лица кои сами го издржуваат семејството.

Реформите треба да се спроведуваат безболно со постепено одлевање, пензионирање и на многу други начини кои навистина ги има. Нема потреба од вакви стресови кои можат да завршат и со смрт на некои луѓе кои не ќе можат да го издржат ваквиот притисок.

2.Овој процес Владата на Република Македонија го спроведува врз основа на заклучок, подзаконски акт кој не излезе ни во Службен

весник на Република Македонија, со што целата натамошна постапка ќе биде неуставна и незаконита, а посебно што се однесвуа само за определени луѓе. Се нарушува принципот на еднаквост и рамноправност по Уставот на Република Македонија.

3.Посебно за истакнвуање е што во исто време се примаат нови вработени во АД Електростопанство на Македонија, а исто така и преку фирми се долева нова работна сила со договори за дело, а ваму постојно вработената сила ја отпуштаме од работа.

Нешто сакам да споменам за Електродистрибуција, за дел од состојбите во Битола. Би кажал дека во Електродистрибуција-Битола на список за бркање од работа има 9 работници. Да направиме една кратка анализа дали Дистрибуција-Битола има потреба од овие 9 работници и кои се критериумите врз основа на кои овие луѓе се најдоа на список за прогон. Дали навистина тие претставуваат технолошки вишок, дали овие луѓе се членови на други партии кои не се во власта. Дали овие луЃе едноставно некој кој е моќен ги мрази или е нешто сосема случајно, како несреќен случај, без никаква анализа се ставени на список за бркање со цел да се постигне некоја бројка. За илустрација ќе напоменам дека во Електродистрибуција-Битола моментално работат преку 30 сезонски работници под договор за да си го исплатат долгот кон ЕСМ за потрошена електрична енергија. Следете ме добро, дел од овие работници работат како општи работници копајки канали за кабли, дупки за бандери и слично, но еден значаен дел работи други работи каде што треба посебна одлука. Дел од овие работници работат и ризични и опасни работи и не се ни осигурени. Замислете што ќе се случи доколку, недај Боже, некој од овие луѓе се повреди на работно место. Има случаи кога вработени во Електродистрибуција -Битола си земаат одмор, прават

договор со фирмата и за време на одморот повторно се вработени и земаат воедно две плати во еден месец од ЕСМ, што значи тие што се блиски до владеачката структура можат да земаат по две плати месечно, а тие што не ќе се најдат на список за отпуштање од работа. Ако оправдувањето е дека ЕСМ нема пари за плати, тоа не е така и е апсолутна невистина. Дека бркањата од работа се неоправдани и дека треба да се преиспита одлуката на ЕСМ сведочи изразувањето на директорот на Електродистрибуција-Битола, кој е советник во Советот на Општина Битола. Од Електродистрибуција-Битола има и партиска и национална дискриминација, поштедени од неа , а воедно и привелигирани се членовите и активисти на СДСМ и албанците кои работат таму.

На почетокто од владеењето на СДСМ и ДУИ, во Електродистрибуција-Битола се правеа големи рокади и преместување на работниците . Еден млад човек од страна на директорот на Електродистрибуција-Битола, Стевче Илиовски, беше префрлен на подобро место. Но директорот во сенка Неџат Јусуфи го искина тоа решение само затоа што тоа младо момче учествувало во протестите во Битола кога се палеа албански куќи и дуќани. Директорот Илиоски остана нем и до ден денес тоа негово решение не е реализирано.

За аргументација на моите тврдења дека во Електродистрибуција-Битола има партиска и национална дискриминација и членовите на ВМРО-ДПМНЕ и сите други македонци кои не се од СДСМ или блиску со луѓето од ДУИ се работници најмалку од втор ред, за што ќе послужи следниот пример. Воедно, овој пример сакам да му го посочам на господинот Панде Лазаров како генерален директор на ЕСМ и да му кажам , наместо да се вадат технолошки вишоци, за да се заштедат

пари, да се намали барем малку корупцијата и ќе има доволно пари за сите 1100 кои треба да се бркаат од работа. Примерот е следен:

Дали знаете дека Електродистрибуција-Битола набавува бетон за градежните работи од Македонија стакло. Некогашната фабрика Македонија-стакло од Битола ја купи албанец и само затоа што е албанец му продава на ЕСМ бетон, кој пак тој го зема од градежните фирми во Битола и го препродава на Електродистрибуција-Битола по цена многу повисока од пазарната. Зарем Електродистрибуција-Битола не може сама да си набавува бетон, туку и треба нејзин посредник. Еве ги начините како ќе се заштедат пари за да не се бркаат работници од работа, ќе се намали со ваквите зделки вкупната маса на пари, ќе се зголеми во ЕСМ. Не може некому да му го земеме и последното парче леб, а некој да се богати, користејки ја својата функција. Тоа се вика злоупотреба на службената положба и е казниво со Законот. За тоа се оди во затвор. Јас би препорачал , наместо да се бркаат луѓе од рабтоа, да се изврши едно чешлање на финансиското работење на ЕСМ.

Господине Лазаров, повлечете ја одлуката и не носете ги овие чесни 1100 луѓе на душа. Гонете ги тие тоа што го заслужуваат.

Збор два сакам да кажам за заклучокто на Советот на Општина Битола. Советот на Општината Битола го сочинуваат претставници од ВМРО-ДПМНЕ, Либерална апртија и СДСМ, а СДСМ е моќен бидејки има поголема советничка група. На предлог од нашиот координатор од ВМРО-ДПМНЕ, Советот на Општина Битола покрена иницијатива за преиспитување на одлуката за престанок на потребата од работници во АД Електростопанство на Македонија. Советот донесе заклучок дека отпуштањето на работници од ЕСМ длабоко ќе го наруи социјалниот мир на граѓаните на Општина Битола. Советот на Општина Битола му

предлага на ЕСМ, доколку има проблеми во финансиското функционирање и работење, да изнајде други форми и механизми за да ја надмине неповолната состојба , како да му излезе во пресрет на барањето на отпуштените работници од ЕСМ. Идејата ја претставија советниците од ВМРО-ДПМНЕ, кои инсистираа и покрај отпорот на претседателот Танушевски таа да биде ставена на дневен ред на истата седница, по неколку натегања и координации на ниво на советничките групи, сепак советниците го донесоа заклучокот. Отпуштените работници исто така побарале прием кај градоначалникот Врчковски, кој на истата седница јавно ја прифати средбата со нив. Тоа е случајот со Советот на Општина Битола.

Ако ми дозволите господине претседателе, сакам да кажам нешто во врска со Синдикатот во РЕК.

Од 14 до 16 април беше избран легитимно Синдикатот во РЕК. Но пред ова да напомнам , бидјеки сношти имаше една дебата на телевизија, господинот Лазаров истакна дека само се зборува за Синдикатот, а не се зборува за ова. Мислам дека и Синдикатот е важно прашање за сите вработени во ЕСМ, дека Синдикатот треба да ги брани и штити интересите на  работниците , тоа е точно, меѓутоа, во случајот Синдикатот на ЕСМ ги штити интересите на раководниот тим. За жал, би го напомнал и Синдикатото на Република Македонија кој исто така треба да преземе вакви иницијативи за заштита на вработените, но тој вели прво нека ги избркаат, па после ние ќе дадеме помош. Значи, прво заколи го, па после жали се. Меѓутоа, тој вели дека ќе најави штрајкови, јас мислам ако свика собир штрајкови да направи господинот претседател на Синдикатот Муратовски, против него ќе има штрајкови, а

не да свика штрајкови во Република Макеодниај за заштит ана работниците.

Извршниот одбор на оснвоната организација на Сојузот на синдикатите на ЕСМ при РЕК Битола донесе заклучок да упати свое мислење по повод бодирањето за отпуштање работници од работа со програмата на директорот. Синдикатот на РЕК Битола, легитимно избраниот, останува во целина на своето порано дадено мислење поповод Елаборатот и Програмта на директорот за отпуштање работници од работа, од што се гледа дека не постои ниту едн апричина за отпуштање работници и тоа: Нема воведување нова технологија, нема влошена  економска состојба, туку напротив, завршната сметка е позитивна, нема структурални промени. Што се однесува до слични и други услови во ЕСМ, како што стои во Програмата на директорот, важи следното:

Според постојната Систематизација во РЕК Битола, а и во целина во ЕСМ, сеуште има упразнети работни места, значи има потреба од дополнителна работна сила. Според фактичката состојба на упразнетите работни места, како и на други места кои не се систаматизирани, ангажирани се работници од други фирми. ЕСМ како и РЕК Битола секој месец исплатува одработени  саати заради прекувремено работење, што е уште еден доказ за потребата од дополнителна работна сила, а не за отпуштање работници.

Трето, и покрај тоа што и вие , господине директоре, добро знаевте дека не постои ниту една минимална причина за отпуштање работници, сепак пристапивте кон некакво божем бодирање, но и то ане го направивте согласно Законот и Колективниот договор. Впрочем, Колективниот договор е акт кој е заеднички со Синдикатот, а не само за

работодавецот. Оттука, се гледа дека однапрет биле познати имињата на работниците кои треба да се отпуштат.

Четврто, не можете да земете предвид мислење на лица кои со фалсификуван печат лажно се претставуваат како синдикат, ниту пак на лица кои насилно го одземале печатот на централниот синдикат на ЕСМ, за што се води и судска постапка. Но вие сте должни да го цените мислењето на легитимно избранито Синдикат, како што е во РЕК Битола тој од 14 до 16 април и се друго е тенденциозно и без мислење на Синдикатот.

Со оглед ан фактот дека нема ниту една причина за отпуШтање на работници од работа, Синдикатот на РЕК, зборувам за легитимно избранито синдикат во РЕК, затоа што тамус е направи упат во РЕК од страна на управвуачкиот одбор и работодавните органи на ЕСМ, избраа друг Синдикат кој не излезе на гласање, под притисок направиле нов синдикат кој не е легитимен. Значи, сега зборувам за легитимниот Синдикат. Со оглед ан фактот дека нема ниту една причина за отпуштање работници од работа, Синдикатот на РЕК Битола, од името на сите работници од комбинатот, им дава целосна подршка на сите работници од ЕСМ кои без причина се нашле на листата на неподобни за владеачката гарнитура, а Синдикатот на РЕК Битола ќе ги повиак сите вработени во одбрана на работно место на секој поединец каково РЕК Битола, така и во ЕСМ. Да не дозволиме сега да си одат едни, а во случај на смена на власта тие да се вратат, други да си одат. Синдикатот на РЕК Битола потсетува дека од претходната Влада имавме ветување за 10% од вкупниот имот на ЕСМ во случај на приватизација да биде исплатен во пари на вработените и 5 години од денот на приватизацијата ниту еден работник нема да биде насилно отпуштен од рабтоа.

Почитувани колеги што го започнавте овој оправдан протест-ова веројатно е од Основната организација на легитимниот Синдикат кој е избран во РЕК Битола и тука би завршил, би повторил дека директорот Панде Лазаров минатито пат , ми се чини вчера кажа дкеа не извршил никаков упат, меѓутоа, јас ви кажувам дека тоа е ноторна лага, дека навистина извршија упад  и избраа нов Синдикат, кој не е легитимен во РЕК Битола. Таму си има легитимно избран Синдикат.

ЕСМ кажува дека носи одлука , ние закажуваме седница на Собранието на Република Македониај, со точка за разгледвуање на состојбата во ЕСМ со отпуштањето ан рабтониците, но завчера веќе почнува да пишува и решенија за престанок на работниот однос - отказ поради економски, структурални и слични промени. Еве, решенијата веќе се издадени.

И на крајто да завршам, јасна е и прозирна постапката на Владата. Сака да си ги вработи своите луѓе со партиски книшки, а за другиот дел од народот никој не води грижа.

Заради сето досега изложено, предлагам на сите пратеници во ова Собрание под итно да се запре постапката за технолошки вишок и да се изнајдат најбезболни решенија кои ќе бидат без последици по луѓето, со пензионирање и со други слични начини на одлевање со обезбедување материјално и без создавање на уште поголема социјала во државата. Секој од нас пратениците, барам и апелирам, да гласа поединечно, зашто ние сме избрани од народто и нека види народот кој за нив ќе гласа против. Ова го барам од морален аспект, зашто овде се во прашање судбините на луѓето, нивната егзистенција и државата воопшто.

Ако не е способна оваа Влада да изнајде соодветни решенија и да си ги заштити народот и државата, да си даде оставка. Ние нема да чекаме мирно на судскиот епилог на целата оваа работа.

Во исто време, го повикувам и Синдикатот да си ги заштити своите работници, а не да игра двојна улога и да се корумпираат некои лица кои се на негово чело. Сето ова го кажувам затоа што народот е тој што наградува , ама и казнува и сите ние овде постоиме како Собрание и како пратеници заради интересот на народот и државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам господине Србиновски.

И по трет пат во расправата за оваа седница сакам да укажам и на вас и на сите други дека Синдикатот не е одговорен за својата работа, ни пред вас господине Србиновски, ни пред овој Парламент. Според тоа, ги отфрла можностите да се злоупотребува говорницата, да се коментира за невладините институции, како работат и дали се легитимни, исто што ако тие ни достават допис дека јас или вие сме нелегитимни претставници во Собранието на Република Македонија ќе го отфрлам исто така, затоа што тие не се надлежни ниту меродавни тоа да го оценат.

Збор бара господинот Панде Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Кога почна да се гради ХЕЦ Козјак на чело беше човек, член на ВМРО-ДПМНЕ. Истиот човек беше и кога падна Косиот мост, а кој беше на чело кога падна филтерот, нека си провери колегата. Ние после одевме да ги санираме состојбите, на чело со мене, после паѓањето на тој филтер, и трафостаницата. Немам што повеќе тука да одговорам.

Меѓутоа, сега ќе одговорам на едно прашање кое претходно беше поставено.

ХЕЦ Козјак беше финансиран од Владата на Република Кина, а опремата се изработува во Џои венчал фирма, со АЛСТОМ од Франција, најеминентна европска фирма за производство на ваква опрема.

Ако 1998 година не се случеше она што се случи, во 2000-та година ХЕЦ Козјак ќе почнеше со производство на електрична енергија. Меѓутоа, почнувајќи од 1999 година па се до пред неколку месеци, изградбата на Козјак беше тотално замрзната. Кој ја замрзна, незнам. Проверете кој беше на власт тогаш. Тоа е една работа.

Втора работа, немојте да заборавите дека Електростопанство на Македонија не е социјална установа. Ние формациски не припаѓаме Министерството за труд и социјална политика. Ние формациски припаѓаме на Министерството за економија. Еднаш засекогаш да заборавие дека Електростопанство на Македонија никогаш нема да биде социјална фирма. Ако така наставиме, мислам она што го зборувате вие, Македонија набрзо ќе остане во темница, ако одиме со ваква теорија, ние практично да ја апсорбираме целокупната слободна работна сила во Република Македонија тоа е Електростопанство на Македонија.

Уште еден одговор на некои од претходнит дискутанти.

Имаше едно прашање дека од дистрибуција се отпуштени 18 работници.

Уште еднаш кажувам дека ние немаме селективен пристап. Тоа јас и вчера го кажав. Ние не правевме разлика во нашиот Колективен договор, дали вршиме бодирање во Дебар, односно

Гевгелија, односно Кочани и т.н. Практично ние немавме селективен пристап да кажеме дека во Дебар треба да бидат овие, односо таму да одиме со еден аршин,  а во Гевгелија да речеме со друг аршин.

Друго нема да му одговорам на колегата што зборуваше пред малку, зашто јас не сум набиен со негативни енергија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има реплика господинот Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Во врска со изјавата на колегата за плаќање на електричната енергија во градовите што ги спомнав и тоа Тетово, Гостивар, Куманово, или кризните градови.

Ние не знаеме од каде му се овие податоци на колегата, меѓутоа реалноста е сосема поинаква. Напротив, во градовите што ги спомна претходниот говорник, кога ќе се плаќа електрична енергија , додека од друга страна постојат привилегирани фирми и градови кои со години не плаќаат електрична енергија. Секако, тој тежнееше да го бара дежурниот виновник во градовите кои се од критичните региони и да се покрие вистината. Сведоци сме дека во акцијата на Електростопанство на Македонија, за овие региони кои имаат ниска стапка на плаќање на електрична енергија, од електричната мрежа се исклучија неколку региони од Источна Македонија. Затоа, кога зборуваме за овие проблеми, треба да ги имаме во вид аргументите и да не пуштаме дезинформации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Електростопанство на Македонија,

Сигурно дека не го делам мислењето со добар дел на колеги кои зборуваа дека, еве, два дена се измачуваме и не треба да се посвети внимание на овој проблем. Имено, овој проблем има две тежини.

Првиот проблем е тоа што се отпуштаат 1.100 луѓе и ние дефакто одлучуваме, или не одлучуваме за судбината на 1.100 луѓе.

Втора работа што исто така има своја тежина, тоа се реформите во електросистемот на Република Македонија, односно Електростопанство на Македонија.

Морам да нагласам дека Електростопанство на Македонија значи многу за Република Македонија. Тука не треба многу филозофирање и недвосмислено сите дискутанти се согласуваме дека треба да почнат и да има реформи  и сугурно реформите треба да се направат со реорганизација. Но, тука мора да се погледне и социјалниот аспект, иако тврдиме дека Електростопанство на Македонија не треба да биде социјална установа, да биде биро за вработување. Но, тежината на целиот случај требаше да биде поткрепен односно тука требаше да биде присутен и министерот за економија, затоа што овие два дена бевме сведоци на многу податоци. Едноставно ја збунивме јавноста, ги збунивме и пратениците, бидејќи се оперираше со бројка 1.100, па со бројка 1.500, па со 1.800, признаваме, не признаваме некои податоци.

Едно е сигурно, кога сакаме да зборуваме за принцип и принципиелност, мора да имаме во вид многу години наназад, почнувајќи од 1990 година, дека се вработувало, се вработува и ќе се вработува партиски, дека имун на ова нема да биде ниту Електростопанство на Македонија, ниту било кое друго јавно претпријатие. Сигурно дека денес тука му судиме, можеби и не треба на генералниот директор, затоа што е многу тешко некој во денешно време да потпише 1.100 решенија, но знаеме каква е поставеноста на Електростопанство на Македонија, знаеме како се избира и кој го избира генералниот директор, знаеме дека во авниот одбор има мнозинство на претставници на Владата на Република Македонија и мораше да има претставник од Владата на Република Македонија за да одговори на овие клучни прашања.

Сигурно дека господинот Пнде Лазаров е инструмент на владеачката гарнитура затоа што таа го бира и таа го разрешува, но без разлика, и било кој да биде директор на јавно претпријатие сигурно дека не може да опонира на она што доаѓа како директива од коалиционите партнери на една владеачка структура.

Она што би било уште потешко, ако се отпуштат 1.100 вработени, да не биде ова првиот бран па да имаме нови 1.200 отпуштања, па да имаме нови партиски примања мислам дека тоа ќе оди во бескрај. Ни се случи една пракса во изминатиот период и незнам ние до каде ќе одиме, до каде ќе го сечеме корените.

Еден пратеник тука почна со народни приказни и испаѓа дека кај народот, во Македонија да дојде и курто и мурто е исто. Незадоволството кај граѓаните е огромно. Граѓаните реагираат.

Дали во овој момент требаше да се отпуштат овие 1.100 вработени, дали не требаше да се почека со реорганизацијата, дали не

можеше да се исцрпат сите модели и моделитети, да се преструктуира фирмата, дали да оди во пакет со приватизација, дали да се чекаа некои нови инструменти, да се најде инвестиција, да се најдат некои форми, да се разговара со Меѓународниот монетарен фонд или Светската банка, затоа што во услови кога нешто не ни оди, кога немаме решение, било која влада да е најлесно и е да каже ова ни го наметна Меѓународниот монетарен фонд, ние сме должни ова да го реализираме. Како ќе поминува времето ние ќе добиваме контрадикторни информации дека тоа не било така. Обично ќе кажат, па вие имат маса на средства, вие договорете се, распоредете ги средствата. Како да веруваме сега. Ние ги збунивме и гледачите и јавноста и сите. Оперираме со разно - разни податоци. Исто како и ова што се случуваше, ја признаваат Република Македонија со уставното име, американците викаат не не признаваат со уставното име. Мислам дека треба да се изградат ставови, да се изградат вредносни критериуми во овој Парламент.

Мене ме радува тоа што зборуваа многу наши пратеници дека ние како Парламент, од онаа позиција девалвирана, депласирана, ставена едно скалило пониско од извршната власт, дека ние ќе се наметнеме над извршната власт. Тоа не било и нема да се случи. Тоа се некои илузонисти кои мислат дека такво нешто може да се случи. Ни случајно. Владата на Република Македонија направила проценка и Владата на Република Македонија е директно одговорна затоа што таа директно му наредува на директорот на Електростопанство на Македонија дека оваа работа мора да се заврши. Дали тој сака, дали ќе го колнат, дали ќе го носат на душа 1.100 вработени. Мислам од тој дел може да носи мала одговорност. Тој е само оперативец.

Случај кај сите влади да се борат за сите јавни претпријатија затоа што тука е сконцентрирана огромна моќ каде се обезбедуваат големи средства. Знаеме зошто дел од фирмите не се приватизираат.

Некои од пратениците тука зборуваше утопистички кого го закочило времето во 1945 година. Може така да зборуме кога ќе ја приватизираме Република Македонија 100%. Вака во услови кога не е завршена приватизација во многу фирми, кога дел од јавните фондови и претпријатија не се приватизирани, и секое доаѓање на мисија од Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка од Европската унија и од било каде и кој ни кажуваат, вие морате час поскоро да го приватизирате и стопанството и администрацијата и се. Сега се поставува прашањето, болни се реформите. Да, болни се реформите. Но, затоа што тие не притискаат, со тоа што ни ветуваат дека ќе влеземе во големото семејство на Европа, а ние сме послушни пионерчиња и не имаат како пиуни. Секое барање кое било светска институција или организација, никогаш не се даде отпор ниту од едната ниту од другата влада. Ние изигравам марионети. Дали Република Македонија не е еден протекторат, дали некој не чувствува одговорност во оваа држава. Дали ние имаме маса да направиме држава.

Нема што да се лутиме ние тоа што го бараат албанците. Албанците секој ден, чекор по чекор си ги остваруваат правата. Прашувам, до кога ние македонците меѓу себе ќе се истребуваме. До кога?

Еве имаме преговарање на политичките партии да се надминат овие работи. Знаеме сите каква е состојбата, рапидно ни се зголемува бројот на невработени. Одиме односно се приближуваме до

фамозната бројка од 400.000 невработени. Прашувам што ќе правиме. Дали Република Македонија ќе ја претвориме во социјална држава, или беше интересно во почетокот да се стимулираат штрајкови, да се рушат фирми. Одиме сега со некои критериуми, ќе ги стимулираме извозничките фирми со кредити односно ќе ги ослободуваме. Што ќе ги ослободуваме, кога постоечките фирми ние ги уништивме, а од една и од друга страна, сите притискаат кој да има моќ во било која фирма. Што направивме? Не ни работи стопанството.

Знаете што е модерно во овој момент, кога ќе се видат двајца стопанственици се прашуваат - што правиш. Што да правам. Е што ќе правиш? Каде се парите? Ги нема парите. Никој на никого и ништо не плаќа. Едноставно државата е блокирана. Ова се чувствува и во кафаните и во кафичите, бурекчилници и незнам каде. Едноставно имаме една пак позиција во Македонија. Сите нешто очекуваат, сите се надеваат дека нешто ќе се смени. Сите чекаат, секоја промена да донесе нешто ново. Нешто подобро. Граѓаните очекуваат многу и уште веруваат.

Што сега ќе ни се случи? СЕ најавуваат нови масовни отпуштања во јавните претпријатија. Еве, се најавуваат нови 400 отпуштања на вработените во Министерството за здравство, односно здравствените установи. Понатаму се најавуваа отпуштања во Македонски шуми, во ПУИГ. Дали некој размислува што ние ќе направиме? Тоа што ќе направиме е цела Македонија да ја собереме во Скопје и само ќе протестираме, а од тие штрајкови ќе користат поединци.

Ме среќава еден пријател и ми вика - јас сум политички определен, јас сум од СДСМ. Јас плаќам членарина на СДСМ. Зошто сега да плаќам и на Сиондиактот кога Синдикатот ќе се промовира во политичка партија. Незнам што е работата. Изгледа најмодерно е сите

да одат во политиката. Најропфитабилна работа е политиката. Но, да не бегам сега од темата.

Мене ме загрижува тоа што го дискутираше почитуваната госпоѓа Борозан. Дали намерно или ненамерно кажа некои нејини проценки дека ова е прва етапа на поскапување на цената на електричната енергија а ќе има и втора, некаде до 50%. Ако е тоа вистина влегуваме во една голема непознаница.

Другата работа што тука беше коментирана од еден наш колега пратеник, господинот Јордановски, правеше тука елаборација, ни црташе кечиња, дијагонали, амплитуди, изохипси. Зошто, вика, најголема забелешка на поднесувачите на оваа информација, не била стручна и т.н.

Ова, како прв одговор на сите оние, затоа што го сменивме Деловникот, за да може да влезе во процедура било која иницијатива, мора еден пратеник да подготви информација. Пратеник, па и пратеничка група не може да биде толку стручен и компетентен да подготви информации, како да кажам, одговорните стручни луѓе во Електростопанство на Македонија или ако бараме информација од Министерството за здравство. Не можат да бидат сите стручњаци да прават проекти.

По однос на она што беше кажано за проектот за реконструкција и приватизација на Електростопанство на Македонија, овој извештај за детална проценка на Меил банка, што беше кажано дека е строго доверливо. Не, јас ги имам тука овие податоци, на госпоѓа Борозан ќе и ги дадам, но тука е сега и ќе и прочитам нешто во делот што сакаше некој да го апострофира дека не е вршена проценка колку треба да напуштат и т.н. Верувам дека имало злоупотреби и ќе има.

Ниту една фирма не е имуна на тоа. И ден денес ќе има вработувања. И ден денеска ќе има договори и со тендери и т.н., затоа што кажав и сите ззнеме кој го избира генералниот директор и тој не може да одбие. Ако е став на Владата на Република Македонија да се заврши, односно донесе некоја одлука на Влада, иницијатива или желба, не е моќен ниту генералниот директор, затоа што Управниот одбор ќе му изгласа одлука, генералниот директор мора да ја потпише. Не се работи само за овој генерален директор, и за бившиот и за сите јавни претпријатија, бидејќи знаеме каква е постапката, кој ги бира.

Еве, ќе прочитам дека од ова строго доверливо, што сакаше да го прикаже колешката.

- Вкупниот број на работни места се зголеми за 10% во текот на последните четири години. Во 2001 година бројот на вработени изнесува 8.733, споредено со 7.906 вработени во 1998 година. Меѓутоа, ако земеме исто така предвид дека Електростопанство на Македонија спроведува намалување на бројот на вработени во 1994 и 1995 година од околу 12.000 на околу 9.000 вработени, може да се претпостави дека Електростопанство на Македонија сеуште се обидува да ги рационализира своите перформанси во однос на бројот вработени.

Во табела 5.2. е даден бројот на вработени под деловни единици и степенот на стручна подготовка. За 2001 година податоците од 1998 година, 1999 година, 2000 и 2001 година се презентирани анекс, табела Б, табела Б-1, табела Б-2 и Б-3.

ЏВИ/1.- ЈМ/ЛЈ

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ: (Продолжение)

Очигледно дека комерцијалните перформанси заостануваат зад сите тие на претпријатието од Западна Еропа, особено индексот потрошувач вработен е многу низок, дури и во споредба со Бугарија и други земји во транзиција. Вкупните дисрибутивни загуби се многу високи и можат да се споредуваат само со тие од Република Бугарија. Главни согледувања и забелешки вложените комерцијални прашања и перспективи со кои се соочува ЕСМ ќе бидат разгледани во поширок контекст на економската ситуација која постепено се подобрува во РМ, и во целиот регион, како и во контекст на постепената либерализација и електроенергетскиот пазар и формирање на регионален балкански енергетски пазар. Во комерцијална детална проценка беа идентификувани следните комерцијални прашања. Прво, потреба за подобрување, управување со преработувачките и особено управувањето со оптоварувањето на среднорочен и долгорочен план.

Второ, наплата на неуплатени долгови. Трето, подобрување на перформансите на наплатата, намалување на комерцијалните загуби, воведување соодветен тарифен систем, подобрување на услугата, подобрување на економската ефикасност, идентифицирање и искористување на можните закани во меѓународниот регионален електроенергетски пазар. На секои од овие прашања во останатиот дел од Владата се дадени кратки дискусии проследени со препораки. Нема да ги читам препораките, затоа нема да ви одземам време. Доволно е кажано. Затоа што некој тврдеше дека нема изготвено елаборација, дека ова е паушално, дека некој зборува на памет. Не е баш така госпоѓо Борозан, иако вие се занимавате исклучтелно со проекти, програми и незнам со што, можеби сум грешка, извинете. Но, децидно е кажано дека оваа реномирана куќа има направено една стручна анализа која ќе го

подготви Електростопанство за приватизација. Сигурно, дека морам да споменам што значи ЕСМ и должен сум да кажам збор-два, за РЕК Битола, затоа што РЕК Битола е понос на РМ, РЕК Битола е главнот столб во РМ и тие луѓе се за награда. Од секогаш РЕК Битола во изминатите години откако што постојат трите блока, стои и го држи македонското стопанство, секогаш ги исполнуваат дури и светските норми, работат и прекувремено, тие луѓе никогаш не се наградени. РЕК Битола не го добива она што го заслужил со години и во право се битолчани кога се лутат. Во право се затоа што им се загадува и средината и околината. РЕК Битола треба да се посматра и сите пратеници треба серизно да сватат. Ако РЕК Битола недајбоже она што го предвидуваат стручните анализи на кадрите дека капацитетот му е некаде до 2015 година, Македонија ќе се соочи со голема криза, најголема и невидена криза. Знаејќи ги односите, ако тоа не го испочитуваме, и ако не се преструктуираме брзо и се вклопиме во новите текови на енергетските биланси, светски, регионални и незнам кои. да се вклучиме со поврзување на гасот. Македонија ја чека голема, голема економска криза. Во делот на она што значи дали треба да се казнуваат тие луѓе од РЕК Битола, ни најмалку РЕК Битола, треба да има бенифиции. Бенефиции, да бидат бенифицирани сите вработени и да има посебен статус, посебо нагрдување, посебен третман за сите тие. Затоа што во искажувањето на сите стручни компетентни луѓе, не може да се дава на тендер, мислам дека за тоа треба веднаш да изреагира менаџерскиот тим. Не може да се даде на големиот багер еден -два кој се во вредност некаде од 60 до 70 милиона евра на луѓе кои не се професионалци и кои се од други фирми. Затоа што заради тие фирми не го чувствуваат тоа затоа што тие во Битола се чувствуваат таму

растат и таму живеат и живет за РЕК а и РЕК треба да живее за Битола. И сега третманот да не одиме во многу популистички РЕК Битола треба да има посебен третман во државата. И е добро што даде нашиот колега Мавровски, да ја посетат РЕК Битола да видат како и на кој начин работи затоа што и ние пратениците имаме други видувања за целата проблематика. Имаме друго видување што е, што работат и како работат. Лесно е, тука од Парламентот да судиме за се. Лесно е тука ни судеше некој добра била работата ќе имаме укажувања, параметри, неможе со два параметри да се изведе заклучок по било кој основ. За еден заклучок мора да се направи анализа, мора да се направи елаборат. Мора да се направи длабинско снимање. За да се донесе конечна одлука да покажуваме некои амплитудии, некои незнам кои интеграли, не држи таа работа.

Во она што стои како отворено прашање, дали не може да се изнајде начин за решавање на проблемот на овие 1100 луѓе. Дали треба пак да се враќаме на она кој прв почна п.м., некој почна дали треба да се враќаме на почеток. Затоа што историјата кажува дека на овие простори на Балканот осветата е сто струка и до кога ние ќе го уништуваме ова македонско ткиво. Може би е смешно но нема работа. Власта не е Водно планина па неменлива категорија. Власта е флуид, се менува. Јас сум учествувал во смена на многу претседатели, и уште колку ќе ги сменам. Арно ама останува народот, што значи власта е менлива и една партија, и друга, се се менува. Но, зошто да оставаат црни дупки? Зошто да се остава место за реваншизам Во ред, од позиција знаете како е, едно се размислува од позиција на власт, друго се размислува од позиција на опозиција. Кога ќе ги усогласиме критериумите исто да размислуват сите и кога ќе имаме иста

одговорност и власта и опозицијата , тогаш може да има напредок и просперитет за овој народ.

И би ја завршил мојата дискусија со следното. сигурно дека постои простор, иако стои од формално правна гледна точка дека дел од овие вработени во ЕСМ кои сега имаат добиено решение дека ќе го користат и првостепеното право во рок од 8 дена да се жалат до Комисијата на ЕСМ, да ги преиспита оние бодирања и критериуми, а сигурно ќе го користат и второто право на второстепена комисија, па судска постапка, но во секој случај тече постапката, тие 1100 луѓе остануваат надвор,. За 1100 фамилии сигурно не е лесно, затоа што знаеме како ни оди стопанството, знаеме што ни се случува. Ако се случи тоа во некоја развиена земја, 1100 луѓе може лесно да се преструктуираат и може да најдат работа во било која друга фирма, но во Македонија вработувањето оди многу тешко. Се оди и уште понатаму се зголемува невработеноста. Тука слушавме за многу кои се засегнати, почнувајќи од самохрани мајки па некој дементираше, слушавме дека некоја мајка со пет дечиња останала на улица, дали е вистина или невистина незнам, има и такви кои беа бранители на татковинската војна, загинати, случајот во Битола се коментира дека и оние кои загинаа во Вејце дека братот на загинат војник е набркан, мислам дека треба да се проверат, сите да се испеглаат, да се видат, постои место, постои место да се изанализираат некои работи, да се подобри, да се размисли, затоа што не е лесно да се отпуштат 1100 луѓе. И она како што ни оди во делот дека во следниот период, 1400 во здравството, 1200 во армијата, незнам колку онаму, ние влегуваме и незнам што ќе ни се случува. влегуваме во едно не жешко лето, туку ќе биде жешка есен. И мојот апел би бил во ЕСМ да се преиспитаат уште еднаш сите можности, ако е можно, да

направат напори, да се разговара, но ценејќи каков е односот на Владата затоа што не е тука претставникот, односно министерот за економија, верувам дека оваа работа е завршена, и нема што да кажеме за луѓето. Нека им е бог на помош. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, за реплика г-ѓа Весна Борозан. Повелете.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарма. Јас бев спомната во дискусијата на претходниот дискутант по две прашања и за жал, морам по овие две прашања по втор пат да демантирам.

Првото се однесува на покачувањето на цената на електричната енергија за 50%, и исто така за жал јас ќе морам по втор пат во овој законодавен дом да го толкувам Законот за енергетика кој што е дециден по ова прашање. Во моментов надлежноста за утврдување на цената на електричната енергија за тарифните потрошувачи е во надлежност на Владата.

Наскоро ќе биде формирана регулаторна комисија за енергија, Законот за оваа измена го донесовме ние во декември 2002 година, со која оваа надлежност ќе премине во рацете на регулаторната комисија за енергија. Што значи јас сум најмалку надлежна или било кој во овој парламент да дава најави за поскапување на електричната енергија од 50 или било колку проценти. Мојата претпоставка за покачување на цената на електричата енергија беше само една хипотетичка претпоставка имајќи го во предвид сегашните трошоци на електрична енергија за нејзино производство, пренос дистрибуција, и сакајќи да ја нагласам потребата од рационализација и намалувањето на трошоците во овие области.

Второто прашање по кое што бев спомната тоа беше извештајот на Мајнел банк, јас стојам уште еднаш на тврдењето дека овој извештај на Мајнел банк конзорциумот е строго доверлив материјал и дека неговата деловна содржина уште и погрешно цитирани, најпрвин беа изнесени од страна на опозицијата и тоа во времето на првите денови на штајкот колку што се сеќавам. А тоа што непрекинато се цитира овој Извештај и дури цитиран во наводите од претходниот дискутант само го отсликува односот на сегашнава опозиција и минатата власт кон интересите и на државата Република Македонија, и нивната лојалност кон оваа држава

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, г-дин Даневски реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Претходната дискутантка да се ослободи од опозиција, позиција, ЕСМ припаѓа на сите граѓани и немојте со тоа опозиција, позиција, кој што направил.

Мене ме прашуваат граѓаните вие сте рекле дека струјата ќе се покачи 50%. Јас што да им кажам. Ако сте рекле, сте рекле, еве постои записник тука, ќе видиме во вашата дискусија во понеделник кога ќе дојде стенограмот ќе прочитате дали сте рекле, јас тоа не сум го рекол. И сега по ваши анализи вие кажувате дека одговорноста не ја носи ЕСМ за покачувањето. Јас се сложувам. Вие рековте дека е формирана некоја регулаторска комисија во која и вие припаѓате таму или како , значи не сум ве разбрал или погрешно сум ве разбрал. Во секој случај рековте дали хипотетичко, или незнам какво прашање дека ако не се намалат трошоците, дека е можно да се зголеми струјата за 50%. И

доста се оперира со овие термини, знаете колку е струјата  колку центи е струјата во Европа, па вие знаете ли колку е платата на граѓаните во Европа, неможе да споредуваме една работа со друга работа.

И втората работа, ,немојте, упорно да зборувате строго доверливо,  еве јас ќе ви прочитам дека е тука доверливо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам г-дин Даневски, помина една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Дозволете само секунда, тука не стои строго доверливо, туку стои доверливо. И реков, на почитуваната пратеничка,  еве ви ги документите, нека прочита.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Продолжуваме со дискусија.

Збор има г-динот Славе Арсовски. Повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието. претставници на Електростопанство  и Министерството за економија, колеги пратеници,

Ние крајниве дискутанти, секако сме малку хендикепирани, од аспект што е доста кажано,во правец на овој суштински проблем, и ќе се потрудиме и во пократки црти да дадеме свое видување во врска со точката од дневниот ред, а тоа е Информацијата за состојбите во АД ЕСМ. И со вториот дел апсолутно не се согласувам, за слекетивната примена во правец на отпуштањето на вработените во оваа компанија и како што истакнаа и колегите Киро Дојчиновски и Љупчо Јордановски, сепак оваа информција можеби не е целосна  и преку истата не може да се добие една слика, за да може да се лоцираат проблемите но сепак ќе се потрудам истите проблеми да ги лоцираме, односно самите  правци

во исправноста или како што велат претставниците на опозицијата во неисправноста, во делот на преземените мерки, во АД ЕСМ, за конечо реализирање на соодветни реформи во ова претпријатие кои реформи нормално ќе се одразат врз вработените, односно во делот на намалувањето на тој број кој во моментов според сите анализи и прегледи претставува еден голем број изнесува некаде 9500 вработени и кои вработени претставуваат и соодветна пречка, се разбира за нормално функционирање за оваа компанија, која како што и повеќе дискутанти досега истакнаа претставуваа еден стожер на целокупното економско живеење во нашата земја.

Непобитен е фактот дека и оваа компанија се среќава односно наоѓа во една тешка катастрофална економска состојба, како што и други компании од јавен интерес односно од јавниот сектор, јас и во минатата дискусија кога дискутирав за јавното претпријатие Македонска телевизија, констатирав дека како што идат извештаите, од институциите кои што се од јавен карактер ќе дојде време навистина да ни е страв да ги погледнеме, бидејќи истите се среќаваат односно се наоѓаат во една тешка состојба со огромни финансиски дубиози, кои што се разбира се резултат односно последица од едно лошо катастрофално владеење во овој минат четиригодишен период, како што е случај со АД ЕСМ кое што до 1998 година, работеше економично, рентабилно и профитабилно, гледано од било кој аспект дали по основ на наплата на потрошена електрична енергија процентот се движеше над 90%, голема инвестициона активност, ниски трошоци, мали обврски спрема доверителите, бројот на вработените доведен до оптимално ниво на потребите на компанијата односно некаде околу 7900.Тоа беа соодветни економски параметри каде што оваа компанија како што истакнавме,

како стожер на целокупното економско живеење ги исполнуваше во целост своите обврски, а се разбира ако истата не работи кои се последици би настанале. Што се случи во овој минат четиригодишен период сите знаеме, се разбира за негативни трендови кои се случија во оваа компанија, каде најмалку се водеше сметка за успешно работење на оваа компанија како шо и во други институици од јавен карактер и во тој правец, секако како сегмент мора да се истакне дека во овој период според сите анализи, се извршија многу бројни непродуктивни вработувања која бројка достигна скоро до 2200 нови вработувања, дискутабилно е прашањето дали сите тие вработувања биле потребни и оправдани, извршени според важечки критериуми, и потреба на ова претпријатие или не.

Симптоматично е да се разбереме дека ако биде потребно и според соодветни важечки, критериуми и требало да се извршат, јас секогаш дебатирам во тој правец дека вработувањата во институциите од јавен карактер дека треба да се извршуваат според соодветни прописи односно објавување на јавен оглас за жал истакна и колегата Љупчо Јордановски, дека 94% од вработените тоа значи некаде 1900 се преземени од други фирми, што значи, тие биле и вработени. Да се разбереме. Вработени работеле во соодветни претпријатија истите се преземени, односно истите не се дојдени од Заводот за вработување, туку тоа е направено на еден перфиден начин, на еден лесен начин, и да неречам, на сите им е јасно на еден партиски начин.

Јас да ви кажам искрено многу верував и во екс министерот Никола Груевски, како голем реформатор, и екс министерот и екс премиерот во своето владеење дека се реформски определени и дека во јавниот сектор дека нема да дојде до преголеми вработувања, за жал

еве се покажа спротивното, токму во АД Електростопанство на Македонија, со потпис на екс министерот за финансии, и посебно тие вработувања се извршени некаде пред изборите. Еве,тие се документи што ги имаме пред нас дојдени на 13.08. 2002 со потпис од министерот за финансии, се дава виза за 500 нови вработувања во АД ЕСМ. Значи,13.08.2002 година. Се работи некаде веднаш на 30 - ти после губење на изборите на 30.09 каде што сеуште постоечката влада си функционираше , дадена е нова согласност за вработување на уште 150, дали имало потреба, и дали ова е последицата, а причините треба да се анализираат по тој основ. Се разбира од економска гледна точка се тоа води до едни негативни импликации во целокупното работење односно функционирање на оваа институција како многу битна во нашата држава. Не случајно и генералниот директор истакна од економска гледна точка дека трошоците на бруто плати изнесуваат 22% од вкупниот приход, амортизацијата 18% никаде го нема тоа тие трошоци за бруто плати така да изнесуваат и на таков еден тренд ќе дојдеме во ситуација, во една состојба ќе се дојде еден ден во ова претпријатие да се случи една хаварија, каде што не ќе биде проблем 1100 вработени да се испуштат, кои што се од економска гледна точка товар, се разбира на оваа компанија, туку ќе дојде се разбира и проблемот на преостанатите 7500 директно кои што се разобира ќе останат во една тешка состојба, а да не зборуваме за сите оние кои што се врзани со овој систем.

ЏВИИ/1.- ПЈ/МП

СЛАВЕ АРСОВСКИ: (Продолжение)

Јас се потрудив да дојдам до некои соодветни показатели за дел од некои подружници од местото каде што сум избран односно Тетово, Гостивар, Дебар, хидроелектраните и дистрибуциите за пренос, ништо ново нема да кажам, од она што го истакнаа претходните дискутанти, во делот, се разбира, како што е случајот со Охрид, Струга, Битола, Кичево итн. Тоа значи огромни вработувања во овој период, ниска наплата на електрична енергија, неверојатно висок процент на зголемување на трошоците, посебно на нематеријалните трошоци итн. Да не ви одземам време, нема што да кажам, истото еве го имаме како соодветен податок, кој што во глобала негативно делува во функционирањето на овие подружници како дел на целокупниот енергетски систем.

Навистина, никако не можам да ги разберам претставниците на опозицијата, кои од една страна, веројатно, декларативно, она што го кажавме и претходно, со полна уста говорат за соодветни реформи дека треба да се направат, а се разбира требаше да ги направат. Тие ги поддржуваат истите реформи, но од друга страна за истите реформи некако се однесуваме многу опортунистички односно не сме спремни истите да ги спроведеме т.е. не ги спровеле во времето кога можеа да ги спроведат и да не дојдеме во една таква состојба во каква што сме моментално.

Конкретно, се поставува прашањето дали е подобро оваа компанија со ваква превработеност, па ние како коалиција сме на власт и да продолжиме со огромни вработувања, бидејќи велиме дека сме на власт, и ако така сметаме како што сметале и претходните, а после ќе се задржам на тоа дека во овој период од 4 години на владеење дека најголем работодавач во нашата земја беше државата односно

институциите од јавниот сектор, да продолжиме со тој тренд и еден ден ќе бидеме онаму каде што никој не би сакал да биде. Факт е дека постои превработеност во ова претпријатие и сигурен сум дека секој во себе ја носи таа мисла. Факт е дека тој процес на отпуштање на работници е болен, со лични трауми поединечни и слично, но мораме да сватиме дека истото мора да се направи еднаш што побргу, тоа подобро за доброто на сите. Апсолутно го делам мислењето со одредени дискутанти дека мора да се почитуваат сите критериуми, кои ги има донесено раководниот тим на Електростопанство на Македонија во смисла на отпуштањето да се почитува Колективниот договор, Законот за работни односи, мислењето на синдикатот и други релевантни фактори. Апсолутно не се сложувам со одредени дискутанти, посебно од опозицијата дека никаков критериум не се почитува, дека отпуштањата се со партиски призвук, па ако истите сметаат дека сите вработувања што се извршија во минатиот период се темелеле врз партиска припадност, што во истото верувам, сепак, пропишаните критериуми ќе придонесат за успешна реализација на овој зафат и успешно ќе се тргне во насока на реформа во Електростопанство на Македонија. Се разбира болни и тешки се реформите. Реформите почнуваат и во јавниот сектор. Само за овој 4 годишен период бројот на вработените во јавниот сектор е зголемен за скоро 40 илјади ново вработени. Како што истакнав претходно дека најголем работодавач се јавува државата. Се разбира, 126 илјади вработени во јавниот сектор, во јавните институции, буџетски институции и фондовите, тој товар не може да го поднесе ниедна држава. Вие знаете дека имаме 160 илјади вработени во материјалното стопанство. Имаме 220 илјади пензионери и ако така постапуваме и овие вработени и реформи во овој јавен сектор не се направат, ќе се доведе

во прашање опстанокот на државата. Државата во амбисот на пропаѓање, не доаѓа само по воен конфликт, да се разбереме како што беше. Државата може да дојде во амбис на пропаѓање по основ на некои економски параметри. Токму во една таква состојба сме, како што претходно истакнав, дека тие реформи се неопходни и не може нашата држава да опстои со 127 илјади вработени во јавниот сектор, со 165 илјади вработени во материјалното производство, пензионерите се пензионери и во една таква констелација на односи успешно да тргнеме кон патот на Европа. Не можеме да тргнеме, додека не почнеме со тие реформи. Токму и за поздравување е раководниот тим на Електростопанство што мора да се зафати со овие реформи. Реформите, нормално, ќе се зафатат и во другите институции и во фондовите и во буџетските институции итн. Реформите мора да се развијат и приоритет ќе бидат во економското односно материјалното производство и се на се во една констелација на такви соодноси да можеме да го трасираме што побрзо патот кон оние земји каде што овие проблеми ги немаат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувани, во ова мое обраќање, во сите следни обраќања ќе го користам само зборот почитувани. Не заради тоа што не ја пожитувам хиерархијата, туку заради тоа што без разлика кој на која група припаѓа, кој кого претставува, јас сите подеднакво ве почитувам.

На почетокот, би сакала да кажам дека ќе се потрудам, за разлика од професионалните говорници, кои многу говорат, а многу малку, скоро ништо не кажуваат, малку да говорам и нешто малку да кажам. На почетокот, исто така, сакам да бидам искрена дека немав намера да учествувам во расправата по точката од дневниот ред. Не заради тоа што истата не го заслужува тоа право, туку заради тоа што имам многу скромни познавања од енергетиката и сметам дека моето учество во расправата по оваа точка ќе биде многу скромен придонес за разлика од стручните толкувања на луѓе кои припаѓаат на позицијата или опозицијата и кои имаат можност да укажат на вистинските решенија на проблемот кој стои пред нас.

Но, слушајќи ги дискусиите во овие два дена на претставниците на опозицијата, решив да го употребам моето присуство и да го злоупотребам вашето внимание. Како човек, граѓанин, пратеник, секогаш ќе се залагам за граѓанско општество, кое ќе ги штити интересите на граѓаните, а без разлика на која етничка, верска или партиска групација припаѓаат. Во едно сум сигурна, а верувам и сите вие дека реформите се неопходни, не за да не одведат во Европа, туку заради тоа што неопходно е да ги поставиме основите на нашата држава. Исто така, свесна сум дека ова е само еден почеток, но при ова и при сите следни реформи мора да се води сметка за оправданост од истите и да се види каде таа ќе се реализира, кога и како, но исто така мора да се води сметка и грижа за критериумите и за категоријата на граѓаните кои ќе бидат изложени на последиците од реформите.

Верувам дека и вие како и јас сте убедени дека со истите мора да се започне веднаш и да траат што е можно пократко. Но, исто така свесна сум, а верувам дека и вие дека не постојат лесни и безболни

реформи и дека сите граѓани на Македонија нема да ги почувствуваат подеднакво последиците од истите.

Што се однесува до конкретниот случај, започнатите структурни реформи во ЕСМ, слушнавме дека се условени од Атинскиот меморандум и дека истите ќе продлжат. Охрабрува фактот што во случајот на Електростопанство на Македонија постоеле критериуми за групација на луѓе кои ќе ги почувствуваат промените во Електростопанството, а тоа е трипартитниот колективен договор, зад кој застанува Владата, ЕСМ и синдикатот и тој потпис на Колективниот договор ги обврзува сите три страни. Во овој случај ме радува што не станува збор за хајка, уште помалку за политички реваншизам, на кој се повикуваат вчера одреден број на пратеници од опозицијата. Што значи политички реваншизам, јас лично две години имав шанса да го почувствувам со три деца, како што кажа еден мој почтуван колега тука, од кој двајца беа студенти и еден средношколец. Но, навистина, со личниот пример и личото искуство да се вулгализира оваа говорница не е достојно и затоа ќе ве поштедам од тоа.

Изразувам длабоко жалење за луѓето кои ќе ги почувствуваат последиците од овие мерки. Но, исто така, укажувам на нискиот морал на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, кои два пати ги употребија овие граѓани. Еднаш, за добивање на гласови во изборната кампања, а сега за ефтин политички маркетинг. Тоа не само што не е чесно, тоа дури преминува и во вулгарен однос кон дел на граѓаните на Република Македонија.

И, на крајот, во духот на предизборните ветувања, на кои многу често милуваат да се навраќаат нашите почитувани колеги од опозицијата, јас почитувани граѓани на Македонија, верувам дури и вие,

жалиме за пропуштената шанса што ја имавме во 2002 година да им ја дадеме да го завршат својот владеачки циклус. Очигледно, ниту вие, ниту јас пак сме знаеле дека и тие биле за реформи, ама не реформи со отпуштање, туку реформи со примање и тоа непродуктивни вработувања. Дека тарифата што беше воведена за стискање во Парламентот и приходите од истата не биле наменети за нив, туку за најниска социјална гранка односно на луѓето кои се најзагрозени. Не сум знаела, а верувам и вие граѓани, дека не ги купуваа банките, фабриките, не ги купуваа разните фирми, ниту пак да речеме купуваа се она што можеше да се купи за себе, туку за вас почитувани граѓани. Не правеа куќи за себе или викендици и не знам што, туку да ви ги дадат на вас, затоа што немавте можност да си обезбедите покрив над глава. Исто така, не купуваа по неколку коли и џипови за себе, туку да ви ги дадат на вас. И, да немаше војна, ќе ви отвореа многу работни места во кои денес ќе работевте и ќе живеевте достојно. И, дека само 320% покачување на телефонијата била заради тоа што тоа било неопходно за конкуренција и како што милуваат да кажат за либерализација. И, во едно сум сигурна, ако ја имаа шансата, сигурно не ќе не одведеа можеби во Европа, ама ќе не одведеа во рајот, затоа што им направија големи крстови, нови светилишта, кои се гаранција за рајот, за разлика од малите крстови и малите светилишта на кои имавме можност да се молиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Станковска излеговте надвор од темата. Ве молам, држете се до темата.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

И, почитувани мои колеги, сосема на крај дали сметате дека целата македонска јавност има колективна амнезија како прво. Второ, кое е вашето морално право на нас тука и на целата македонска јавност да им делите лекции од етика и демократија.

Благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, сметам дека требаше да ја предупредите претходната дискутантка, бидејќи се обиде преку говорница да направи политички маркетинг и да ја обвини опозицијата, притоа заборавајќи што ветија на 15 септември. Ветија да вработат по еден плус од секоја фамилија, а не сега да бркаат од работа. Неможејќи да го остварат своето предизборно ветување, сега една година се бават со напади на опозицијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Овој Парламент се употребува за маркетинг од разни страни, за жал.

Продолжуваме со дискусија.

Господин Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, претставници на Електростопанство, за овие два дена колку што дискутираме, сведоци сме дека беа изречени голем број на работи, презентирани разни факти, дел од нив манипулативни, дел од нив веродостојни, меѓутоа, комплетната слика за она што се случува, сепак, не е реална и јас лижно се повикав сам себе си, моето размислување и мојата анализа за она што беше овде презентирано, да ја изнесам пред вас. Мислам дека на тој начин и граѓаните можеби подобро ќе сватат што се се случува.

Од она што можев да сватам до сега, едно е сигурно јасно, наговестени се како од некои експерти, како што беше госпоѓа Борозан и господинот Панде Лазаров дека претстојат реформски процеси и технолошки и нови иновации во целиот овој систем на Електростопанство, организациони промени, од 28 или колку беа подружници, се предлага да се направи една, но сето тоа е "ќе". А, како претходница на тоа имаме една ситуација на бркање од работа на 1100 души. За мене, работите треба да бидат условно последични. Значи, треба да се направат промените. Тие промени треба да произведат одредени консеквенци, дали технолошки, дали организациони, во подобрување на перформанси, во подобрување на производство итн, меѓутоа, истовремено да дадат увид на она што е потребно како квалификувана или вистинска работна сила на тоа место, па врз основа на тоа да верифицираме некој технолошки вишок. На овој начин презентираниот т.н. технолошки вишок веќе за мене, условно последично не е технолошки вишок. Ова, за мене, е егзекуција. Не е технолошки вишок. Работите не одат по некој нормален ред. Не можете

вие да барате да биде ден сега, а да немате да изгрее сонцето. Значи, мора да се случи нешто што ќе направи некоја промена, дали ќе биде структурна, економска, технолошка, зголемување на капацитет на производство или не знам што, било што, реорганизација на целиот систем и од тоа да произлезе ова. Токму од тие причини сметам дека ова не е реформа. Реформи допрва треба да произлезат, а и јас сум за реформи. Кога од нив ќе произлезе она што треба да биде технолошки вишок, тогаш треба да преминеме на одредени моменти, за кои сите ние кои сме се изјасниле дека сме и социјална држава, сепак, треба да мислиме на некои социјални сегменти. Јас се сложувам со г. Панде Лазаров дека тоа не е социјална установа. Меѓутоа, ние сме социјална држава и тоа ни го пишува во Уставот. Ние мораме да водиме социјални сегменти и тоа сигурно. На овој начин што правиме? Сигурно има и други можности кои треба да се употребат таму. Овде, за да се прикажат работите во една хипербола, дури беше кажано кога ЕСМ имаше најмалку вработени, имало најмногу производство. Тоа е една неверојатна теза. По таа теза би требало најголеми перформанси Македонија да има 400 илјади жители да ги исели, да нема невработени и да имаме најдобри перформанци. Не размислуваме дали од тој момент кога тоа било најголемо производство, покрај луѓето како фактор, таму постојат и други моменти. Дали е тоа техничката опременост, дали немало хаварија, дали хидропотенцијалот бил онаков каков што треба да биде. Значи, не е само човечкиот потенцијал, има еден голем број други предуслови, кои што довеле до максимално производство.

ЏВИИИ/1.- НН/МЛ

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ: (продолжение)

Треба 1200 луѓе да исфрлиме, практично да имаме реформа тогаш треба да примениме социјални сегменти и критериуми, кои според

ова што е овде презентирано сепак не се запазени. Мислам дека постојат и други можности околу тој социјален сегмент, меѓутоа лично се залагам овој процес едноставено да застане, Електростопанство да го стопира.

Од она што беше презентирано од господинот директор на Електростопанство може да се сфати и да произлезе дека постојат и многу резерви во рационализација кои што треба да се употребат, а не луѓето едноставно да одат на улица. Мислам дека сите ние овде треба да се запрашаме дека се тоа 1200 различни судбини на кој начин, кој како ќе реагира, што ќе му се случува. Мислам дека тоа не е толку едноставно ако можеме да најдеме елементи кои што можат овие перфоманси да ги подобрат.

Тука пред се би рекол во таканаречените сегменти кои беа споменувани - губиток на енергија и наплатата. Очигледно и ние како држава имаме одговорност. Во која смисла.

Значи, правниот поредок во целата држава би требало да биде адекватен за да би можеле да ја реализираме наплатата. Сега имаме одредени региони каде што се наплатува, одредени региони каде што воопшто не се наплатува, или не може да се наплати и тн. Значи, во тој сегмент апсолутно поддршка треба да се даде со цел да тргне таа работа.

Второ, губиток на енергија. Губитокот на енергија исто така само со ангажман на Електростопанство, на стручните служби, на луѓето кои се вработени таму може да се подобри. На тој начин сигурно постојат резерви сите овие луѓе да работат таму, да го унапредуваат производството, а доколку со реформирање на Електростопанство дојде до ситуација да се покаже дека е преоптоварено кадровски во целата

организациона шема или структура и се друго што значи реформа во самото Електростопанство да се најдат механизми кои што нема да ни произведуваат пак социјални случаи. Значи, докуп на стаж, пензионирање и тн. едноставно да се потрудиме како држава да немаме социјални случаи.

На овој начин спроведувано без практични реформи во име на реформи да се спроведува ова мислам дека е крајно некорекно и крајно се манипулира јавноста дека нешто се превзема, а се превзема само губиток на работни места, ништо повеќе,

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, колешки пратеници,

Ќе се обидам и јас да дадам свој придонес иако влеговме во вториот ден од расправата, а гледам дека ни предлагачите не се 20, колку што се на број, присутни во салата. Слушнавме многу дискусии, можеби ќе се повторам малку, а повеќето дискусии беа надвор од темата пред се што и самото име на Информацијата е малку конфузно, така да можеме да зборуваме за минатото, можеме да зборуваме за сега, за престанокот на работниот однос, за визиите, за развој на Електростопанството, но добро, предлагачите се во мала конфузија, тие мислеа дека денеска е ден на борецот, ама што да правиме сега, згрешиле. Очекував денеска ВМРО-ДПМНЕ да се извини но не го направи тоа, но тоа останува на нив.

Исто така слушнавме доста дискусии за безбедносната ситуација, југоносталгични приказни за работните акции, за тоа кој пратеник колку пголема сенка прави, за платите во јавниот сектор. Се согласувам дека е чудно некој директор да има многу поголема плата од премиерот, но зарем не ви е чудно како претходниот премиер со толку мала плата направи толку многу.

И вчера и денес најчесто беа споменувани две фрази, вистината и владеењето на правото. Така ја крстив и мојата дискусија - време е за вистината, а за правото ќе зборувам во вториот дел.

Кога се потсетувам на претходниот месечен мандат како пратеник, се потсетувам на целодневните убедувања на нужноста од Охридскиот рамковен договор, за шансата во девет месеци само еднаш да се постават пратенички прашања, за редовната појава да биде закажана една, а откако ќе се симневме по скалите тогашниот претседател веќе да има закажано друга седница, но највпечатливо ми остана спречувањето од страна на опозицијата на продажбата на Електростопанство во четири очи, односно со нивниот испробан рецепт - непосредна спогодба.

Сметав и сметам дека Електростопанство на Македонија како најголем капитален објект во Македонија бара многу посериозен приод во приватизацијата и не смее да се продаде преку ноќ. како што тогаш го замислуваа некои. А беше тешко, ужасно тешко. Секојдневно лицата Л.А., Б.Ф. се натпреваруваа кој прв ќе го продаде и по која цена. Не им пречеше ниту тоа што ниту реномираната консултанска куќа се откажа и го откажа тендерот за консултант. Не им пречеа нив аргументите на опозицијата, коментарите и изјавите за мориторинг од  Транспент Македонија и тн.

За да не биде едноставно тогашната Влада на Георгиевски и Андов помеѓу две расправи за измените на Законот за енергетика на 16 јули, едно потопло време од ова што е денес уфрли еден кредит од 45 милиони евра за да се појачаат лефтерно пред избори. Дел да ги покрие консултанските услуги на Мајнел Банк, а дел да се покријат некои гласачки региони.

Кога ја споменав Мајнел Банк морав јас да реагирам за крајната неодговорност на некои пратеници, бидејќи се цитираа работи што не смејат да се кажуваат. Тоа го сваќам единствено како атак против Владата, бидејќи во точката 3.4. од Договорот на Мајнел Банк во делот доверливост пишува "консултантот, потконсултантите како и нивниот кадар не смејат ниту за време на договорот ниту во текот на две години по истекот на овој договор да присвојуваат и соопштуваат доверливи информации поврзани зо проектот или услугите од овој договор, или зделки или операции на клиентот без писмена согласност на клиентот". Тоа истото важи и за нашата страна.

На овој начин може консултантот да ја тужи Република Македонија и да го прекине договорот и овие укажувања и издавањето што го правеа и господинот Балковски и Даневски единствено го сфатив како атак на Владата према Владата со цел да не се заштити консултантот и Министерството за економија и практично да добиеме помала и пониска цена во целиот процес на трансформација на Електростопанство.

Покрај тоа има едно соопштение до јавноста што не сакаат да го кажат некои, или некои што го читаа па  не го дочитаа, што и самите од Мајнел Банк кажуваат дека се работи за доверлив материјал, а мислам дека тука треба да бидеме сериозни пратеници, тука освен што сме претставници на граѓаните во највисокиот законодавен дом мора да се

однесуваме сериозно. Не ни требаат нас тука импровизации и да кажуваме доверливи информации, па со тоа да правиме циркус, па сега да ги нема овде во салата.

Се сеќавам дека тогаш цел ден се убедувавме и молевме пратениците на парламентарното мнозинство да дадат барем еден аргумент за, но тие тогаш мирно чекаа и гласаа, но за среќа главната улога тогаш ја одигра опозицијата да се спречи овој кредит и енормното задолжување на македонскиот граѓанин.

Колеги и колешки пратеници,

Енергетскиот сектор е сектор кој не засега сите. Тоа не е избор на некоја политичка опција, тоа не е проблем само на вработените, или само на оние што се економски поврзани како компании со тој сектор. Сите ние сме корисници на услугите на Еелектростопанство на Македонија и мора сериозно да пристапиме кон оваа проблематика.

Како одговорна позиција не може да се бега од оваа тема или да се задскриваме зад силата на бројот на пратениците. Исто така немавме ниту дилема дали да гласаме за итност на денешната седница, но како одговорни и сериозни пратеници треба да се запрашаме зошто дојдовме до оваа ситуација, или кажано поинаку колешки и колеги пратеници време е за вистината.

Вчера и денес сме свикале итна седница по барање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија самонаречени и самопрогласени бранители на интересот на работничката класа во Македонија кои со оваа дебата се обидуваат да докажат дека

Прво, Одлуката за престанок на работата е незаконска односно дека не е донесена во согласност со пропишаната процедура.

Второ, економската состојба на АД ЕСМ е таква што дозволува дури нови вработувања а не отпуштања на дел од веќе вработените и

Трето, Одлуката на менаџментот на ова акционерско друштво не е мотивирана од идејата за остварување на реформи туку од идејата за политички реваншизам кон дел од вработените во ова акционерско друштво за време на Владата на Георгиевски и Андов.

Претпоставувам иако повеќето дискусии врска неаа со Информацијата, сите беа поврзани со нешто што ги засегаше некој нешто да каже во тој момент. Претпоставувам, претпоставував дека нивните заклучоци ќе одат во правец на поништување на Одлуката за престанок на работата на дел од вработените и ова навидум изгледа многу хумано и праведно и речиси нема нормален човек во оваа држава, а најмалку член на СДСМ или на владеачката коалиција кој не би рекол дека е глупост да се смалува бројот на вработени во некоја фирма ако таа може со сите вработени успешно да работи, па дури и да вработува нови. Но, прашање е дали е токму така, или време е за вистината.

На почетокот би сакал да потсетам на некои факти кои се многу значајни за да дојдеме до причината за денешната ситуација. Ќе се повторам малку од дискусијата на госпоѓа Борозан.

Во периодот од средината на 70-те па до 1994 година имавме апсолутно депресирана цена на електричната енергија и компанијата работеше со загуби. Во таква ситуација ЕСМ навистина беше вклучено во 27-те загубари, но Светската банка како проект со тогашната Влада ја ангажира консултанската куќа Бехтел и Артур Андерсон за да го анализира работењето на ЕСМ и се увиде дека со одредени преструктуирања внатре и враќање на цената на една логична вредност може да се тргне нагоре. Се зголеми цената, се направија интервенции

во системот, пред се и во споредните дејности, односно сервисите, се намали бројот на вработени и се зајакнала контролата на мерење на загубите.

Со Одлуката за преструктуирање на 26.11.1995 година бројот на работници се намалил за 400 без последици за процесот на работа, а околу 600 работници беа превземени во други друштва основани од ЕСМ. Со намалувањето на бројот на работници за околу 1000 вкупниот број работници се намалил и на 31.12.1998 година вкупниот број на работници изнесувал 7.945, со што се постигна оптимален број на работници кои се потребни за извршување на работењето на ЕСМ.

Низата преземени мерки доведе до ситуација за позитивно работење во периодот 1995-1997 година без загуба, а потврда за тоа во 1997 година дава и новиот договор со УСЈАИД со нов гранд со кој се продолжило преструктуирањето. Било констатирано дека се издвоени споредните дејности, намален е бројот на вработени, намален е бројот на загуба во мрежата и дека компанијата работи позитивно.

Се даваат и некои препораки за кои што зборуваше Борозан и не би сакал да ве задржувам.

Но, по промената на власта и новото раководство ситуацијата беше следна:

Загубите почнаа многу брзо да растат.

Енормно нови вработувања.

Трошоците почнаа да се зголемуваат. Велам енормно затоа што за четири години бројот на вработени на 31.12. изнезува 9.472, од кои само во 2002 година се примени 979 нови вработувања. Бидејќи повеќето вработувања беа непродуктивни, во голема мера нестручни

автоматски дојде и до зголемување на трошоците на работењето на ЕСМ.

Реформски ориентиранаата Влада на Георгиевски и Андов го претвори акционерското друштво ЕСМ  во партиска каса, главен вработувач на партиски кадри и главен финансиер на изборната корупција.

Правејќи споредба со претходните години има некои податоци кои се многу чудни и индикативни.

Така на пример оставката - други лични примања, во 1998 година потрошени се 1.324.000 евра, а во 2002 година дури 10.000.163 евра, или за четири години за оваа ставка, не станува збор за плати, туку други лични примања одвоени се 690% повеќе средства. Трошоците се зголемени за 32%, а за цело време испораката на електрична енергија е скоро иста.

Ако ги погледнеме неизмирените обврски ќе се констатира бројка од 58.000.000 евра или пораст од 70%. Од друга страна средствата одвоени за амортизација се намалуваат на сметка на зголемените потреби за плата, а постојано слушаме за позитивната сметка со која завршило Електростопанство во 2002 година, но би сакал да нагласам нешто.

Претходното раководство на ЕСМ земајќи ги овие факти во својот финансиски план за 2002 година, тоа што го предвиделе што ќе се случи ќе запишат:

"Податоците за планираните приходи и расходи за 2002 година покажуваат дека Електростопанство на Македонија ќе оствари негативни финансиски резултати. Да се бара усогласување на цената на електричната енергија согласно методологијата за формирање на

цените на ниво на реална економска цена и надминување на диспаритетите на цените на енергентите.

Трето, доколку овие можности не се искористат, а се со цел за намалување на трошоците од работењето, наменското издвојување за развој кој изнесува 10% од фактурираната електрична енергија да се сведе на помал процент од планираниот".

Нормално, не ни треба развој, само ќе вработуваме, само ќе треба да се зголемуваат платите, а како ќе направиме позитивно салдо така што планираните инвестиции ќе ги искористиме само 42% и лесно ни е тогаш да направиме позитивно салдо на сметката.

А дека воопшто не се водело сметка за вработените ќе потенцирам уште еден пример, а тоа е: поделбата на акции на вработените за угостителските објекти кои ги поседуваше ЕСМ со неколку одлуки на управните одбори, а согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал беа донесени одлуки за издавање на акции на вработените во Електростопанство на Македонија. Иако работата била дојдена само уште до нотар, истата била прекината од страна на тогашното ново раководство и целиот процес е прекинат. Се прашувам само каде беше тогаш Синдикатот да реагира за ваквото нешто. Нормално како инаку ќе се правеа журки во Крушино, или набавување намирници во Молика под сомнителни цени, за кои штоможе да позавиди и некој друг. Лук се купувал за 128 денари или кашкавал за 2788 денари.  Секако сите негативни салда мораше да ги покрие централата на ЕСМ и сега кој е виновен, кој ги лажел тие работници, каде е вистинското место за штрајкување. Затоа час поскоро извинете им се а луѓето, погледнете ја вистината во очи и понесете си ја одговорноста.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Има уште една теза која се експлоатираше овие денови, а тоа е залагањето за правна држава и владеењето на правото. Но, како и обично се заборава дека има еден момент кој Владата на Георгиевски и Андов го занемари, а тоа е Законт за спречување на корупцијата и неговата валидност. Овој закон беше донесен на 26.04.2002 година и колку за потсетување со многу контраверзии тогашната позиција го одложи формирањето на Државната комисија за спречување на корупцијата за шест месеци, што не значи дека другите членови не беа во сила и не се валидни и важечки. Така на пример Глава ИИ се однесува на спречување на корупцијата во политиката, членот 11 сае однесува на забрана за нови инвестиции и вонредни исплати или членот 25 кој се однесува на економично користење на државни средства.

Членот 11 ќе го прочитам. "За изборна кампања не можат да се користат буџетски средства на РМ од јавните фондови и средства на јавни претпријатија или правни лица што располагаат со државен капитал освен ако е тоа определено со закон, со кој се уредува финансирањето на политичките партии.

Во текот на изборната кампања за избор на претседател на Републиката, за избор на пратеници, градоначалник или членови на совет на единиците на локална самоуправа не може да започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти на инфраструктурата како патишта, водовои, далноводи, канализација и други објекти и тн.". Да не читам до крај.

ЏИЏ/1.-СП/ОМ

ЈАНИ МАКРАДУЛИ: (продолжение)

Апсолутно занемарувајќи го законот коалицијата Георгиевски Андов влезе во масовно кршење на Законот со цел да го корумпираат гласачкото тело и да го ублажат поразот што беше очигледен. Така не се секираат да почнат изградба на нови објекти од енергетски аспект, а примери има многу. Најсвежи се, читаме на весник, во Струмица, Валандово за пренамена на инвестиции, денеска слушнавме нешто за Прилеп. За делата на Л.А., В.С., Г.Н., сведочат и кривичните пријави и притворите кои се определени за дела кои секако правата вистина ќе се дознае во една редовна судска постапка.

Покрај тоа се направи обид да се изврши притисок за гласови со ветување и вработување на лица без да се има билокаква основа за тоа. За таа масовна појава на ПРЕС конференција на Коалицијата за Македонија заедно двајцата портпароли ќе истакнат, цитирам: "деновиве досегашниот премиер на Република Македонија Љубчо Георгиевски и досегашниот министер за финансии се спуштија во огромно нерационално и незаконско трошење на буџетски средства и средствата од другите јавни фондови во комбинација со енеромен број на нови партиски вработувања. Целта на овие нелегитимни активности е да се потрошат до последен денар сите расположиви средства со што набргу би се создал таков недостиг на средства со што би била доведена во прашање редовната испалта на платите во јавната админситрација, здравството, судството, исплата на пензиите и би се предизвикало пошироко незадоволство кај овие категории граѓани, а истовремено дополнително би се влошила стартната позиција за обновување на преговорите со ММФ и повлеквување на средствата од платнобилансната поддршка за Република Македонија на Донаторската конференција во Брисел". Завршен цитат.

Во тој период и Сојузот на синдиактите на Макеоднија ја повика Владата на Георгиевски и Андов да престане со новите вработувања кои се непродуктивни и можат да доведат до намалување на платите на веќе вработените. Иако можеби можам да го разберам отфрлањето на нашите аргументи и апели да се потсетиме колку сигурна беше претходната валст и колку долго се надеваше да владее. Никао не можам да го разберам непочитувањето и свесно кршење на Законто за спречување на корупцијата. Така тогашниот минситер за финансии, а сега лидер на модерното и реформското ВМРО-ДПМНЕ со решение број 18-19467/1 од 13.08 одговара на барањето број 04-4061/1 на Л.А. им одобрува 500 нови вработувања.

Да се договориме, ако е јавно претприајтие, АД, зошто биле потребни овие барања и зошто биле одобрени и од каде биле одобрени кога во финансискиот план што ви го покажав нема намера за такво нешто, а тоа треба да го пишува тука.

Приказната тука не завршува, некаде на средината на кампањата на 30.08. Л.А. бара од својот партиски колега нова согласност овој пат за 150 лица. Излегува дека обемот на работа во Електростопанството во тој момент била или како во Русија или како во Франција најголемите енергетски потенцијали и капацитети. Но, да бидеме искрени и дистрибуциите не останале должни и други лица овде го кршеле законот за спречување на корупцијата. Така еден наш колега пратеник во последнито месец примил 15 луѓе, колегата на господинот Спиро Мавровски 54 и т.н., овие податоци беа доста елаборирани до сега или во последниов месец вкупно 117 или во последните три месеци 597.

Сега, кој е виновникот? Кој ги лажел тие рабтоници? Каде е вистинското место за штрајкување? Затоа час поскоро извинете им се на

луѓето , погледнете ја вистианта во очи и понесете си одговорност , а дека новите непродуктивни вработувања боделе очи на вработените во ЕСМ говори фактот дека и Претседателството на Сојузот на синдикатите на ЕСМ на 26.09.2002 година, тоа е оној синдикат за кој знам дека не смееме многу да зборуваме , но го фалевте , расправало за тој проблем. Според записникот било констатирано дека сите вработувања се реализираат без да има и најелементарна потреба од ангажирање на нови работници, дека нововработените добиваат договори за работа на неопределено време за работни места кои дневно се измислуваат и за кои се утврдуваат коефициенти кои ги надминуваат досегашните критериуми за вреднување на работните места. Покрај тоа , бил потенциран и фактот дека се дуплира бројот на извршители по одредени работни места со што се создава револт кај постојните вработени.

На крај, и Собранието на Сојузот на синдиакти на ЕСМ ја подржува активноста на трудовата инспекција за проверка на правилностите на новите вработувања во подружниците на ЕСМ. Сега, кој е виновен, кој ги лажел тие работници, каде е вистинското место за штрајкување.

Како што веќе нагласив има уште еден член од Законот за спречување на корупцијата кој нема врска со формирањето на државната комисија, а да потсетам закон кој беше донесен, а не спроведуван и кршен од Владата на Георгиевски и Андов, а тоа е членто 25 кој вели: Избран или именуван функционер , службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што распоалга со државен капитал е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да распоалга на најекономичен начин и за однапред определени намени. Забрането е средствата да се користат за

приватни цели и да се даваат на друг на користење. Но, тоа не важи за раководството на ЕСМ и само во 2002 година се трошат на спонзорства и реклами околу 2 милиони евра или во споредба со 1998 година тоа претставува зголемвуање за 669%. Уште служи за потсмев меѓу народот сметката за јадење од 20 илјади евра иако има една од 4 илјади евра , а за медиумите и граѓаните фактурите по 70 и 80 илјади денари не претставуваат вест , се третираа како нормални за гурманите од ЕСМ. Сега, некој друг ни е виновен.

Но, ваквите состојби има конвенираа на реформски ориентираната Влада на Георгиевски и Андов, Влада која како многу реформска воопшто не се интересираше ниту да потпише аранжман со ММФ ниту што ќе остави зад себе. Ако таа Влада на Георгиевски и Андов останеше на власт во Македонија , тогаш и таа не заради голема љубов со ММФ, туку заради потребата од стабилен економски развој на Македонија и забрзување на економските реформи ќе мораше да потпише аранжман со ММФ кој се грижи земјите должници да останат способни за плаќање на своите долгови.

Во тој случај и таа Влада ќе мораше да го прифати она што пишува во Договорто склучен меѓу Владата на Македонија и ММФ, а тоа е Одредбата според која доаѓа до намалување на вработувањата во јавнито сектор , а АД во државна сопственост  ЕСМ треба да заштеди 200 милиони денари. Притоа акцијата за намалување на бројто на вработени мора да заврши најдоцна до 31.08.2003 година. Се поставува прашањето дали Владата тоа мроала да го прифати и дали , кога веќе таа обврска ја прифатила , можела или може овој процес да го изведе на побезболен начин. Можеби можела да беа поинакви наследените

состојби во макеоднската економија, но сосема сигурно дека овој процес нема да биде безболен.

Сега, за жал, имаме состојба во која вистинските виновници за ваквите состојби се јавуваат во улогата на бранители на работничките права, себеси се самопрогласуваат за големи реформатори на економијата и за големи поборници на владеењето на правото и правната држава.

Секако немам намера да им го оспорам правото да се замислуваат и прикажуваат себе си како ќе посакаат. Право е на оние на кои им престанува работниот однос да имверуваат или не. Дека се тие нивните заШтитници или бранители, но имам право да тврдам дека одлуката за престанок на работниот однос на определен број на вработени во АД ЕСМ е мотивиран исклучиво од нужноста за остварување на неопходнит еекономски, структурнипромени во ЕСМ. Нека е спроведен според Законот за работни односи и Колективниот договор и дека ниту еден од вработените на кои треба да им престане работниот однос по овој основ не е ставен на списокот заради неговата политичка определба.

Дозволете ми овие тврдења да ги аргументирам.

Прво, во согласност со одредбите од Законот за работниот односи со Колективниот договор менаџментот на ЕСМ и Управниот одбор изготвија Анализа и Програма за структурни економски реформи кои би довеле до намалување на бројто на рабтоници во ЕСМ , како и Предлог програма за правата на работниците за чија работа престанала да постои потреба. Оваа Програма е доставена на разгледвуање на Валдата на Република Македонија и та ана својата 31  седница одржана на 20 април дава поддршка на истата програма.

Со оваа програма беа запознаени и вработентие, а Собранието на Синдикатот на 14 мај даде поддршка на истата. Со оваа програма предвидено е , врз основа на економските и структуралните промени да им престане работниот однос на 1100 од вкупно 9431 лице во ЕСМ.

(Во 17,20 часот со седницат апродолжи да раководи господинот Никола Поповски, претседател на Собранието).

Не се точни тврдењата дека изборот на лицата на кои треба да им престане работниот однос е вршен врз основа на некакви паушални критериуми и критериуми на политичка пристрасност. Напротив, свесни за една ваква болна операција се водеше сметка да бидат испочитувани во целост критериумите за бодирање на секој поединечен рабоник според степенот и видот на образованието од Колективнито догвоор потпишан уШте во далечната 1998 година. Само врз основа на тие критериуми исклучително врз основ ана тие критериуми направена е листата на вработени на кои треба да им престане работниот однос. Тие критериумикај нас и во светот главно ги заштитуваат лицата со подлг работен стаж во компанијата. Велат ако на некој не му е јасно треба да се нацрта , Љупчо Јордановски нацрта, ама пак не сакаме да прифатиме некои работи. Еве го Колективниот договор од 1998 година овде е Упатството и формуларот, апсолутно ист , јас незнам како пратеникот Србиновски виде дека се различни, апсолутно се исти, препишани се сите членови и тука ако имало некоја грешка нормално некоја инстанца што не сме ние треба тоа да го регулира. Ама сега ако не го гледаме тоа што сите можат да го видат во Македонија апсолутно не ми е јасно и никако не можам да го сватам како констуктивен приод во целата оваа болна операција. Или, ако критериумите не биле добри 4 години можеше да се смени и Колективниот договор и Законот за работниодноси, па

потоа да се регулира нешто друго. За таа цел беше изработено Упатство и соодветниобрасци кои се апсолутно исти со членовит еод Колективниот договор. Но, таа одлука на директорот кој има подршка и од Синдикатот не е конечна. Секој вработен што добил решение за престанок на работнито однос има право на жалба до Управниот одбор на ЕСМ. Во жалбата може да се наведе по кој оснво тојсмета дека е прекршено неговото право при процедурата поодлукат ана Управниот одбор секој има право на судска заштита, но тоа важи само ако се залагаме навистина за правна држава, вистински, а не декалративно.

Отука и без политичка дебата секое лице на кое му престанал работниот однос со решение на директорот има право да ги заштити своите права во регуларна правна постапка.

Второ, во Програмата за обезбедување на правата на работниците на кои им престанал работниот однос е предвидено обезбедување на еднократен надомест во вид на испратнина согласно членот 130 став 1 точка 3 од Законто за работниодноси во висина од едномесечна плата на работникот до 3 за секои три години работен стаж наполнет во ЕСМ кај кого му престанува работниот однос, а најмногу 8 месечни плати остварени во претходниот месец од денот на престанокот на работниот однос  на работникот.

Можеби овде е местото да кажам дека се целосно лаги тврдењата според кои во ЕСМ се примени нови лица на местата на оние на кои треба да им престане работниот однос. Од ноември до денес значи за 8 месеци во ЕСМ се вработени само 2 лица во редовен работен однос и 23 се примени во договорен работен однос во кризните региони чии договори завршиле на 30.06.2003 година.

Колку за потсетување во 1998 година беа именвуани на раководни места 43 нови лица и помошници на генералнито директор притоа само 6 беа од внатрешните потенцијали на ЕСМ, а 37 беа донесени од андвор, а меѓу нив некои со веќе земени 24 плати, а како што се вели некој со нови 24 излегол сега пред крајто на мандатот.

Трето, на крајто во врска со тврдењата дека оваа одлука е чин на политички реваншизам односно дека со одлуката за престанок на работниот однос биле опфатени само активисти на ВМРО-ДПМНЕ, колку што може да се види од обрасците за бодување таков критериум нема, што значи политичката припадност ниту носи ниту одзема бодови. Ако сакаме да бидеме искрени и да ги погледнеме најоспорените членови на ВМРО-ДПМНЕ од вработените во ЕСМ ќе видиме дека тие не се на списокот. Затоа што се некои електроинжињери и затоа што им е местото таму.

Четврто, она што е најлошо во овој момент, а тоа е што на работниците на кои им престанал работниот однос им се нудат партиски книшки , им се ветуваат пари за покривање на сите активности.

Колешки и колеги пратеници, пред некој ден прочитавме дека и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ког аги изгубија изборите во 1998 односно 2002 година се правдаа повикувајки се на реформи и спроведување на истите. Во Информацијата за состојбите на ЕСМ потпишана од координаторите на ЛП и ВМРО-ДПМНЕ стои дека ВМРО-ДПМНЕ од ноември 1998 до ноември 2002 година ги започна најголемите реформи водржавата и тоа во сите свои сегменти, реформи кои беа базирани токму на здрави економски, социјални политички основи.

Во овој момент сите мора да сватиме дека вистинските реформи се болен процес, дека политичкиот популизам базиран на повиците за

социјална правда води кон политичка изолација говорат и случувањата со некои партии кои популизмот го имаат за своја политичка платформа.

Да погледнеме уште еднаш на вистината во очи, за момент да бидеме реални и да си признаеме дека досегашните реформине беа базирани ниту на здрави економски, социјални , а камо ли на политички основи. Да погледнеме на вистината во очи и да не се залажуваме ни себе си ни граѓаните. За кои здрави економски односи станува збор? За најпримитивно сватената првобитна акомулација на капитал која на крајто заврши со енормно наталожен капитал во рацете на неколкумина поединци од редовите на поранешната владеачка  партија? И добро е како што читаме дека Брисел ја мери тежината на новата ВМРО-ДПМНЕ. Не е таа многу полесна од тежината на старат ВМРО-ДПМНЕ.  За кои здрави социјални основи станува збор. За илјадниците непродуктивни вработувања во државната администрација и јавните претпријатија и фондови, кои сега генерираат нов бран на технолошки вишоци и отпуштања? Реформите се процес кој бараат консензус од крупните политички фактори, подршка од Меѓународната заедница, подршка од медиумите. Задача на владеачкото мнозинство е да обезбеди притоа транспарентност на постапката, средби и контакти со јавноста, почести појавувања на екраните и елабурирање на процесот на реформи. Затоа и ние денес дискутираме, полемизираме, наметнуваме аргументи, се со единствена цел. Време е за вистината. Та им го должиме на нашите избирачи.

Затоа ве повикувам, да не се злоупотребува процесот на реформи за дневно политички поени. Ве повикувам да не правиме разлика помеѓу еден или друг список, да сватиме дека како што вели д-р Спенсер Џонсон во најпродаваната книга за менаџери дека промените можат да

бидат и позитивни. Ние од тој збор се изгоревме и сега при секое спомнување имаме страв, дуваме , но мора да сватиме дека се работи за визија, стратегија, нешто што функционирало и порано, стратегија што компанијата ЕСМ ја напраивл фирма загубар, компанија со позитивно салдо.

Значи, исправени сме пред предизвик кој едноставно не дозволува постоење на поделби и трошење на времето во неплодни дискусии и расправи. Историскиот часовник немилосрдно отчукува, а со тоа, со секој изминат ден се зголемува растојанието, но и цената што мора да ја платиме за да фатиме приклучок со современите глобални текови.

Констуктивноста и фокусирањето на причините, а не на последиците се единствените критериуми со кои ќе се мери учинокот на сите нас независно дали сме во позиција или опозиција. Политиканството и ситниот ќар од квазипопулизмот не смее и не може да биде стратегија за политичко дејствување на ниту една сериозна политичка партија, а уште помалку да биде основа за донесување на важни политички одлуки од кои зависи натамошниот развој на земјата.

Почитувани колешки и колеги пратеници, никој не е среќен кога мора да се смалува бројот на вработените дури и кога постои превработеност. Сите имаме обврска да обезбедиме праведна постапка во тој случај, подршка на оние на кои ќе им престане работниот однос и можност за нивно повтроно вработување, но нема да постигнеме ништо од колективното плачење врз нивната судбина и од поттикнување на нивниот гнев и незадоволство. Македонија одамна веќе не е место во кое може секој да прави што сака, денес правата од работниот однос се заштитени не само со законите и судството во нашата држава, туку и со судовите на Меѓународната заедница. Да ги оставиме тие , ако биде

потребно, да го кажат поселднито збор. Да заличиме еднаш на модерна правна држава. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За реплики има многу.

Ќе одиме по редослед на пријавени.

Господинот Спиро Мавровски,  за дискусија.

Господинот Коце Трајановски, дискусија.

Вие двајца дискутиравте по два пати, ова ќе ви биде трет пат.

Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Би сакал само една кратка реплика. Од брзото зборување на господинот Јани Макрадули нешто што можев да запаметам тоа е она време на вистината., време е за вистината.

Па, господине Макрадули навистина е време на вистината и таа вистина треба да ја презентирате на оние избирачи кои гласаа за вас. Тоа е, треба да излезете пред народот и да му кажете дека не ве бива, тоа е единствената вистина во Република Македонија од проста причина што од она се што ветивте и она што денеска го реализирате ништо не соодвествува со тоа што го ветувавте. И тоа е дел од вистината., но треба да се има храброст да се каже.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ: (Продолжение)

Имено, слушајќи ве вас господине Макрадули, разбрав и се уверив дека Владата на Република Македонија на Георгиевски и Андов, како што ја нарековте испуштила 1.100 вработени од Електростопанство на Македонија. Значи, тие биле виновните што ги испуштиле. За разлика од нив, Владата на Црвенковски и Гошев примила 1.100 вработени. Така јас разбрав. Според тоа, очигледна е разликата господине Макрадули. Колку и да сакате да зборувате, два или три месеци, трошите на објаснување на аргументите кој е крив, зошто е крив, но единствената разлика е тоа што во ваше време се отпуштаат вработени, во времето на Владата, како што велите вие Георгиевски - Андов се примаат вработени. Тоа е огромната разлика. Можете да се трудите колку што сакате, да објаснувате кој е виновникот и зошто е виновникот, меѓутоа тоа е суштинската разлика.

И, на крајот, да ме убедите уште едно, овие граѓани кои ве слушаат, а и оние луѓе кои се на списокот за отпуштање од работа, уште малку, ќе излезата среќни на улица и после вашава дискусија, најверојатно таа среќа ќе биде толку очигледна да не знаат како да ви се заблагодарат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, понекогаш слушањето е во функција на концентрацијата и не мора да зависи од брзината на излагањето.

Неколку пати господинот Караџоски денеска го повторува истото СДСМ, ЛДП, ДУИ имаат мандат од четири години и после четири години ветувањата и заложбите и реформските активности што ги дспроведуваме ќе дојдат пред избирачите и тогаш ќе видиме колку биле коректни, колку биле плодни за нив.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Балковски на господинот Макрадули.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Макрадули, јас вчера кажав дека оваа точка и оваа седница навистина е многу важна и за вработените и за Владата на Република Македонија, иако и вчера и денеска немаше претставник ниту од Министерството за економија, односно не беше министерот за економија тука, ниту министерот за труд и социјала. И, денеска не се тука. Меѓутоа, многу е важно за Парламентот, затоа што од Електростопанство на Македонија се отпуштаат 1.1000 луѓе, меѓутоа да нагласам дека се подготвуваат за отпуштање и од Македонски железници, Јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор, Македонски шуми, Здравство, Македонија пат и многу други јавни претпријатија.

ВМРО-ДПМНЕ е одговорна партија. Не е изнесен никаков документ, што е строго доверлив, туку цитирам изјава на македонскиот тим Лидер на Мајнел - банк каде што на 2 јули 2003 година во Среда, во

весникот "Вест" кажува дека во Скопје, Гостивар и Куманово се издвојуваат по своите технички и комерцијални загуби и тие можат да се намалат дсамо со поголема контрола, што значи на овие места да се ангажираат поголем број на работници. Прогласувањето на технолошкиот вишок во Електростопанство на Македонија не е резултат на претпријатијата што работат со загуби и Черепналковски вели во Извештајот е утврдено дека Електростопанство на Македонија е на позитивна нула, односно дека ги покрива сите трошоци. Ова е кажано во весникот "Вест" на 2 јули. Можеби вас не ви оди во прилог ова што е кажано од самиот консултат од Мајнел - банк.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Балковски, мислам дека вие како ресорен министер Македонските железници, Јавното претпријатие, беа во ваша надлежност. За бројот на вработените таму, посебно во ЈП ПУИГ на друга седница.

Јас незнам кој весникот го читавте, меѓутоа јас ќе ви го дадам ова што го пишува Мајнел - банк со два потписи. Господинот кого вие го кажавте јас не сакам да го злоупотребам заради некои лични, пријателски релации, и господинот меѓународниот тим лидер. Тие го потпишале ова и тие велат:

"Предмет - појаснување како реакција во изјавите ..

Мајнел - банк конзорциумот сака да појасни дека прашањето за вработеноста беше во анализа.. содржината на овој Извештај е

доверлива. (значи ви кажав доверлива, ние сме сериозни луѓе, не може да кажуваме нешто што некој презел обврска).

Извештајот, до фаза на  усвојување е доверлив од аспект дека консутлатот му помага на државата Македонија. (не правиме муабет за СДСМ или за ВМРО-ДПМНЕ). Тој договор е претходно потпишан). Да му помогне да добие подобри услови во целиот тој процес.

Второ, може да се спомене дека конзорциумот е на мислење дека генерално во Електростопанство на Македонија е присутна превработеност". Тоа е напишано со два потписи. Незнам што е напишано во весниците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Балковски вчера покрена едно прашање. Денеска го покренува по втор пат. Покренаа уште неколку пратеници од опозицијата во врска со присуството на министерот за економија.

Со оглед дека јас сум претседател на Собранието на Република Македонија, се грижам за спроведување на Деловникот, сакам да укажам дека претставник на предлагачот на оваа точка е господинот Коце Трајановски. Се што имате во врска со Информацијата, може да го прашате предлагачот. Тоа не е министерот за економија и тој не е должен да присуствува кога нема сопствен предлог. Така што, по Деловникот се што треба да се праша во врска со материјата што се разгледува, а предложена од 20 пратеници, официјален предлагача е господинот Коце Трајановски.

Има збор господинот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Реплика на господинот Макрадули.

Му благодарам на господинот Макрадули што дефинитивно ја изнесе вистината, а јас од она што можам да видам, вистината е дека господинот пратеник Макрадули е крајно уплашен за неговото и нивното владеење и очигледна е дека многу бргу ќе оди од власта.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Зависи што се три и пол години.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас немам илузија дека ќе владееме 100 години, но ќе владееме доволно да се заборават претходните четири години и на овие граѓани ќе им обезбедиме и мир и благосостојба и ќе видиме на избори како ќе биде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Србиновски, реплика на Макрадули.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сакам да го прашам господинот Макрадули дали е уставно, дали е законски или незаконски јас како пратеник сакам да го прашам јавно да каже овде на говорница дали ги оправдува овие испуштање на 1.100 души.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога ќе биде министер господинот Макрадули и кога ќе биде последен четврток во месецот ќе имаме право на пратенички прашања кон министер или пратеник.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не се јавува за реплика му давам збор на господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ги слушав нимателно сите дискутанти во текот на оваа седница и никако не можам да се отргнам од впечатокот дека овде некој никако не може да сфати дека веќе два дена дискутираме за точка со која ќе ставиме печат на судбината на 1.100 млади луѓе.

Станува очигледно дека искажаните аргументи, колку и да се вистинити, некој од оваа сала никако не можат да ги восприемат и барем еднаш да го надминат суровиот партиски став. А, се работи за судбина на граѓани кои го дале гласот за сите нас овде кои седиме и треба да ги браниме нивните интереси.

Исто така, не можам да сеотргнам од впечатокот, дека некој овде во салата упорно ја пласира тезата дека се што е лошо во Електростопанство на Македонија дошло од менаџерскиот тим што ја водеше компанијата во периодот од 1999 - 2002 година, односно, раководната гарнитура со ВМРО-овска провиниенција и дека пред тоа и после тоа течело мед и млеко. Упорно се пласираат тезите дека се што е направено во тој период не чинело. Дека пред тоа се работело

перфектно, дека пред тоа се работело домаќински и се извршила рационализација, но ете, дошле ВМРО-вците па го сголемиле бројот на вработените, го зголемиле процентот на загубите во системот, ја намалиле наплатата и така стасавме до некои бројки, што вака, презентирани од ваша страна во јавноста можат да бидат елаборирани со погрешен впечаток и со тоа целта на овие дискутанти да биде постигната.

Јас не знаев дека толку многу од колегите се вработени во Електростопанство на Македонија, имаат допирни точки со Електростопанство на Македонија. Изнесоа толку податоци, директно од подружниците што еве, јас сум 20 години во Електростопанство на Македонија па не ги знам. Се е во ред. Мислам дека е добро тоа што ги познаваат тие работи, но од тие податоци се вадени само елементи. Само делови од сето тоа. За жал, сега ќе се обидам да го кажам ова што го кажа господинот Макрадули правата вистина. Можеби не е сега моментот, јас не сакав да зборувам, вчера зборував, имаме тема 1.100 луѓе кои треба да се отпуштат од работа. Сега дојдовме до ситуација да кажеме, бидејќи по сите видувања и по сите искажувања на господата пратеници дека тоа е токму поради лошото работење во претходнит четири години. Некој тука ни достави и дијаграм. Јас ќе се обидам и јас сега, на рака, направено нешто да добие јавноста некој подобар впечаток и што пореален, она што е вистината.

За оваа дискусија, господа пратеници, сме повикани да разговараме. Првата информација е побарана уште во месец февруари, директно од Владата на Република Македонија. Таква информација и на пратеничко прашање и на седница од господинот Караџоски не добивме. Жарко караџоски доби информација во вид на пратеничко прашање за

да не можеме таа информација да ја искористиме во насока да свикаме една ваква седница многу порано, пред да ни се каже сето ова што денеска го слушаме и пред да се дадат решенијата на работниците.

Господинот Макрадули беше тука кога побаравме јавно, после известувањето на Електростопанство на Македонија и по јавувањето на Анализа - Елаборатот во сите подружници на Електростопанство на Македонија да се воведе точка на дневен ред. За итноста на точката образложуваше господинот претседател, мислеше дека е многу долго, се обидуваше да ме прекине. Јас се обидова, како на пратеници, како одговорен човек во Електростопанство на Македонија да ви укажам на сетоа тоа. Но, тогаш, едногласно, со 62 гласа против вие бевте против таа точка да биде поставена на дневен ред. Но, би сакал да почнеме по ред.

Јавно го повикувам овде присутниот генерален директор на Електростопанство на Македонија да каже колку вработени имаат засновано работен однос во 1998 година и посебно во периодот после привиот круг на изборите 1998 година и именувањето на Рафајлвоски Горан за генерален директор на Електростопанство на Македонија. Тоа е период од околу 60 дена. И, дали за сите нив имало реално потреба во компанијата во тој момент. Што е најважно, колку од нив потоа ВМРО-ското раководство избрка од работа. Бројот е нула, односно сите тие млади луѓе и денеска се вработени во Електростопанство на Македонија и го даваат својот придонес во успешното функционирање на компанијата. А, не како господинот Макрадули сака сега да не убеди дека оставиле двајца или тројца блиски до раководството на ВМРО-ДПМНЕ, дека точно што тие го определиле, тие двајца или тројца луѓе да бидат најстручните во Електростопанство на Македонија. Сега ви сакал да му

кажам, за господинот Макрадули, за него ако 42 инженери, 19 машински инженери, 16 економисти, 7 технолози, 3 сообраќајни инженери, 2 геодетски, 1 рударско - геолошки, 2 хемиски, 140 електро - техничари, 74 машински техничари, бравари, монетери, електричари, рудари, ракувачи, ако сето ова нема место во Електростопанство на Македонија господине Макрадули и дека овие не се луѓе кои треба да работат и да си ја најдат својата среЌа во Електростопанство на Македонија оставам на вас.

Спроед вашето кажување, партиските вработувања се само во периодот од 1998 - 1999 година до 2002 година. Се друго што до сега е примено на работа во јавните претпријатија е примено точно и строго по сите правила, прописи, закони, така што и сега примените во Електростопанство на Македонија и сите други јавни институции се неопходни во процесот на производството или во другите институции, па и не се влезени на работа, а веќе добиваат специјализација. Значи, тој дел од членството со толкави можности, тоа е едно чудо. Значи, останува дека еве само тие луѓе кои биле од 1999-2002 година не се ниту стручни, ниту треба да работат. Единствниот грев е, точно, што ВМРО-ДПМНЕ во времето на владењето ги запослил. Дали се членови на ВМРО-ДПМНЕ или се членови на СДСМ јас кажав. Социјалните случаеви се тие, без разлика кој каде припаѓа и дали воопшто припаѓа некаде.

Цело време манипулираме со бројка од 1.500 до 2.200. Раководството, кога ви дава толку лоши податоци, мислам дека треба бројката да излезе точно од сите пратеници. Слушнавме дека од 1.541, па последниот пратеник кажа 2.200 луѓе се вработени. Сега јас незнам што е точно. Пред самите избори кажувате дека се одобрени 500 вработувања, после тоа уште 54. За да ја знаете правата ситуација, мислам дека господинот Лазаров таа ситуација ја знае многу подобро од

вас и требаше да ви објасни, направена е систематизација, по која систематизација има слободни работни места. Тие работни места требаше да бидат пополнети многу порано. Работните места кажуваат кои се и кои луѓе, на кои работни места се примени, примени се по систематизација. И сеуште тврдам дека постојат слободни работни места и може да се примат работници.

Тука ќе ја искористам можноста да му ззаблагодарам на господинот Даневски, поддршката што ја искажа кон РЕК Битола и вработените во РЕК Битола. Тргнувајќи од сегашниот генерален директор на РЕК Битола сите вработени и раководството мислам дека треба да се изборат до крај, затоа што туак не станува збор за никакви отпуштања, ниту превработеност. Напротив, има уште доволно места да се вработат и други луѓе, тоа одговорност го тврдам.

Некој од пратениците кажа дека системот на Електростопанство на Македонија е многу робусен и инертен. Јас би се согласил. Но, тука ни беа кажани некои податоци што кажуваат дека претходните години, значи 1995 - 1996 година кога претпријатието беше прогласено за еден од 20-те загубари, до тогаш се работело супер, тргнало претпријатието во некои непредни линии и дека од 1998 година престануваат сите реформски процеси. Јас сега не можам да разберам дали овие резултати од лошото работење што според вас треба да дојдат после пет, шест или седум години не дојдоа точно во периодот меѓу 1999 и 2002 година. А, лошото работење каде го гледаме?

Во периодот што вие го наведувате 1993 - 1995 година, би кажал за РЕК Битола, каде се случени големи хаварии, хаварија на багерот СРС 2002 се случи одрон 1995 година најголем во Европа со 35 милиони метри кубни. Тоа е невидено. Рудникот е донесен во ситуација

да биде затворен. Тоа многу добро го знае господинот Лазаров. Се руши Косиот мост, не дадовте преескa да реплицираме, за Косиот мост кажавме дека раководството во 1993 дека било од ВМРО-ДПМНЕ. Јас, колку што знам, ВМРО-ДПМНЕ е на власт од 1999 - 2002 година. Од која провинијенција бил господинот и какво било неговото лично чувство незнам. Но знам дека Косиот мост се руши точно во моментот кога во комбинатот имаше 2000 полицајци и кога комбинатот беше во штрајк. Тоа е точно. А, поминаа 10 години од рушењето на Косиот мост и не добивме никаква информација што всушност се случило. Падна филтерот во термоелектраната. Огромна штета. Изгоре една трафостаница од 110 киловолти и една трафостаница од 400 киловолти. За тоа нема последици, затоа нема никакви средстдва што некој треба да ги плати или одговорноста да понесе. За вас тоа е едноставно. Тука зборуваме сега за пиперки, за лукови, за чевли и за одела, кои чинеле по 10 - 20 евра.

Господи, тука се зборува за штети повеќе од 150 милиони евра. Зборуваме за Козјак. Козјак е чиста загуба за државата. 100 милиони. Како е потпиан тој договор, со кого е потпишан? Потпишан е со ГГ фирма од Кина, што веднаш после тоа престана да работи. Тоа е страшно. Еден АББ не можеше да добие на конкурсот кога Козјак требаше да се гради. И сега ме убедуваат дека тоа требало да биде многу порано направено. Ќе беше ако имавте прав партнер. Зошто опремата не беше примена во Електростопанство на Македонија? Затоа што не задоволува никакви критеируми, затоа што ги задоволува критериумите на кинескиот партнер кој ја направи таа опрема. И, што ќе биде утре кога вие ќе си одите од Електростопанство на Македонија а кој објект нема да функционира. А, парите не ќе можеме да ги вратиме

наредните 50 години, без никакво одржување и без никаква хаварија во Козјак. Тоа е трагедијата. 100 милиони. Овие 1.100 вработени имаат плата од 5 милиони долари. А, загубата од 100 милиони, ако се подели со пет значи 20 нивни годишни плати.

ЏЏИ/1.ЛП/ЛЈ

СПИРО МАВРОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние кажуваме за превработеност, кажуваме за луѓе кои треба да бидат избркани од работа од ЕСМ, ова сите го премолчуваме и кажуваме - од дрвото не ја гледаме шумата. Значи, тоа е проблемот на ЕСМ, тука се парите каде што се изгубени.

Во интерес на оние со кои работев 4 години и во интерес на ова што веќе е презентирано како дијаграм, што воопшто не е точно, ќе ви кажам зошто, дијаграмот може и многу важно да биде претставен и презентиран, јас пред вас ќе кажам дека во 1998 година, имаше оставено околу 500 илјади тони, а тоа е за еден месец работа на термоелектраните јаглен, што значи за еден месец работа на термоелектраните и тоа е кажано од господата дека било на појдовна точка која едноставно не ќе можеме да ја достигнеме. За разлика од нив, 2002 година, ние оставивме 12 милиони тони за две годишно непречено работење во термоелектраните во Битола. Тоа е разликата меѓу нас и нив. Доброто работење - излегува дека сите ремонти што се завршени 2002 година, успеаја господата што дојдоа после нас со овие ремонти 2003 година да истераат без ниеден застој, што е вредна заслуга на претходното раководство и извршените ремонти во востинскмо време и со вистински работи.

Сега би сакал за г-динот Јордановски што ги презентираше тие дијаграми да кажам нешто. Јас одев на брзина, не мислев ни да зборувам за овие податоци, но гледам дека цело време се манипулира со бројки. Би сакал да се види прво ако може производството. Производството од 1995 до 1998 година и производството од 1998 до 2002 година, разликата во вкупното производство кое што го направи едниот и другиот, тоа е во позитива од 190 милиони и 396 иљади киловат часови, раководството кое било од 1999 до 2002 година го напраивло тоа. Сега би сакал да кажам дека тоа е направено со квалитет на јагледн, раководството кое работело пред нас, за оние што се стручни, квалитетот на јагленот 1863 кило калории, значи се работело точно во срцето и се што било периферно што не значело ништо за рудникот не се експлоатирало. Ние правевме со 1777 кило калории на килограм. Средната снага што ја доживеавме и со која работевме цело време, за разлика од 1995 - 1998 година е 211, а во времто од 1999 - 2002 година 212 мегавати.

Понатаму, цената на чинење она што сите економисти и инженери го знаат, тука влегуваат ситеископи и се што значи набавка на опрема и материјали, бидејќи ова е податок кој не смееме да го кажеме јас нема да го кажам, ако условно земеме дека во времето од 1995 до 1998 година е единица, во времто од 1999 до 2002 година, се работело со 0,965. Значи околу 3 до 4% подобро отколку што било претходното.

И на крајот застоите, застоите кои од 1995 до 1998 година ги имавме 73 на број, се намалија од 73 на 59. тоа е вистината за термоелектраните, а бидејќи РЕК Битола е некој објект кој произведува 80% од производството на електрична енергија, другото не зависи ни од Панде Лазаров, ни од Ламбе Арнаудов, зависи директно од господ ако

заврне хидроелектраните ќе имаат поголем капацитет и тоа производство во последниве три години, господинот Јордановски знае дека хидропотенцијалот беше сведен на 0, тоа е таа разлика од 1000 гигавати што треба да ја даде хидроцентралата.

И, последното и најдрастично е ова што го кажав, за време од 4 години, рудникот ископа околу 1 милион тони повеќе јаглен отколку претходните 4 години, а ова е оставањето на јаглен, откривка 12 милиони тони со 500 илјади. Бидејќи тука има повеќе математичари, а еден од нив е и господинот Јордановски, тоа е 20 пати или 2000%. После сето ова, јас незнам што понатаму, како ќе држат овие тези дека се работело добро, дека било направено се како што треба и дека поради ова не работење што сега ни беше презентирано, секој што знае веќе му е јасно за што се работи и кој сака да манипулира со јавноста во Македонија, видовме што и кој како направи. Ако ситуацијата беше толку критична јас се прашувам како ние направивме зголемен увоз, за кој ни беше презентирано тука дека има дури 28% помалку.

Јас си имам едно пратеничко прашање а на одговорот е потпишан г-дин Илија Филиповски, министер за економија, кој во моментот не е тука, но тука е г-динор Јордановски. Сега незнам кој од нив двајцата да не употребам некој тежок збор, но еден сигурно лаже. Тука пишува дека е потпишан договор за 964 гигават саати увоз и пишува од кои фирми тој увоз ќе биде направен, а многу добро знаеме дека за 2002 година е направен договор од 613 гигават саати. Разликата е 365 гигават саати, кога ќе ги помножите со 32 евра, ќе стигнеме до бројка 11,2 милиони евра. Тоа се две плати на вработените кои сакате да ги избркате од електростопанство на Македонија. Значи, договорите се кој какви информации дава и кој со што ќе манипулира.

Ни беше објаснето дека од 1993 до 1995 година се случија некои големи ситуации кога се направи еден далекувод, далекуводот Битола Скопје, но се заборава дека од технички аспект за тој далекувод имаше доста проблеми. Значи, некои од колегите на госпоѓата Борозан, ценетите академици Томе Бошевски, пред се, кажа дека тој далекувод едноставно требаше да има некоја друга траса, да поминува до Кичево, Вруток, Тетово и Скопје. Сега, е направен паралелен далекувод, кој ја поврзува паралелната врска Битола со Скопје. Во моментот сите овие наши далекуводи од западниот дел се преоптоварени, посебно во зимскиот период и прашање е дали тоа требаше да се случи или не требаше да се случи.

Во овој пеирод кажавме дека се случија сите овие хаварии, но денес не очекував еден мој ценет колега, колегата од Кичево да изнесе вакви невистини. Се работи за работењето на РЕК Осломеј. Колегата кажа дека во периодот 1993 - 1998 година тие работеле толку успешно што дури отвориле коп никој не го видел, а кажаа дека од 1999 година во РЕК Осломеј почнале да работат некои лаици кои не ја знаеле работата и цела среќа што вработените имале добро познавање па продолжиле да работат таму. Јас сакам да кажам една работа. Директор на рудникот беше г-динот Живко Калевски, човек со долгогодишно искуство и вработен во РЕК Осломеј, а технички директор и еден од главната служба, луѓе со кои имав среќа да соработувам, а мислам дека и г-динот Владо Илиевски, е многу добар пријател со нив, Милорад Јанаќиевски и Драган Ацевски, двајца стружни луѓе кои се ценети и пошироко на просторите од Македонија. Јас ќе ви кажам една работа, нивните проблеми не би посакал никој повеќе да ги има. Она што тие го работеа во РЕК Осломеј и она што им беше оставенпо, постојано

самопроелевање и необезбедени апсолутно никакви средства, ниту пак обезбедено нешто што требаше да функционира. 1996 година, господата, ова раководство на Електростопанство, подигна кредит од 60 милиони марки, со кои требаше да купи опрема и 1998 година, Осломеј - Запад требаше да функционира и да работи. за жал, дури во 2000 гоидна се почна со дислокација на патот на цевководот, на далекуводот и на реката. А ние велиме дека 1998 година имавме рудник. Не, господа, ние немавме рудник, а 2002 година тој рудник се направи, се донесоа сите траси и траки и тој почна да работи.

Би сакал да кажам тука уште една работа, која РЕК Осломеј многу тешко ќе може да ја постигне уште еднаш, а тоа е работењето со испади од рекордни само 96 часа во 2001 година, со истото што се случи во РЕК Битола без ниеден испад меѓу двата ремонти во текот на целата година, значи, рекордното работење и само 96 часа испад на РЕК Осломеј, што не било никој пат пред тоа и после тоа.

Понатаму, би сакала да кажам дека беше сугерирано дека после 1999 година престанале сите инвестициони активности и дека ништо не се работело во Електростопанство, се било за растурање и единствена цел била да се приватизира Електростопанство, друго ништо не ги интересирало тие вработени. Јас ќе ви кажам вака, дека во текот на тие 4 години е направен еден далекувод од Дубрава до Штип, далекуводот Битола - Лерин, испитувањата во Брод - Неотино, за кои од 1990 или 1993 година се водеа некои програми дека ќе се направат или треба да се направат, веќе почна да се работи, Тоа доживеа реализација, возниот парк е многу обновен, направен е односно склучен е договор за модернизација на турбината во ТЕ Битола, која во моментов е прекината.

Во однос на хидроцентралите постигнато е досега најголемо производство и од Светската банка се добиени 32 милиони долари, за кои сегашното раководство многу тешко наоѓа начин како да ги реализира и како да продолжи со таа модернизација и ревитализација на хидро објектите кои се стари повеќе од 30-40 години. Тоа е тоа што го правевме. Ова што зборувате за приватизација, СДСМ кажа дека Електростопанство на Македонија е најголемото благо и дека тоа не смее да се приватизира. Тоа е кажано во предизборието дека сите луѓе треба да работат и дека треба да останат на работа, и дека ако се служи тоа, тогаш Македонија веќе ќе ја нема, ќе дојдеме пред хаварија, но гледам дека многу брзо СДСМ како и секогаш досега ги менува своите ставови и сега треба да стигнеме во модернизација, реприватизација и незнам кои други процеси да ги направиме, но за да го направиме сето тоа, прво ќе почнеме со бркањето на работниците. И тоа ќе биде почеток на ова што значи возобновување и подигнување на сето ова што во Македонија последниве 4 години беше рушено.

Многу се повикуваа тука на извештајот од Мајнел банк, некои пратеници се и во комисии, па не ги виделе и не ги слушале, но многу често го спомнуваат токму тој извештај, како да знаат дека од тоа се е направено. Тоа не можам да го споделам и да кажам што и како се случувало, но точно тоа ни се случува и веќе имаме најава и од генералнот директор и од некои пратнеици дека Регулаторната комисија за некоклу дена ќе биде формирана и објавена. Двапати имавме расправа за таа регулаторна комисија на парламентот, усвоивме некои работи, но никој не кажа ако сега повторно тие луѓе ги назначи Владата на РМ, јас не гледам која е разликата, дали Владата ќе ја определува цената или луѓето што Владата ќе ги определи во регулаторната

комисија. дали со тоа Владата ќе ја одбегне одговорноста, а тие луѓе што ќе ги поставиме или ќе ги поставите поточно, да бидат членови на регулаторната комисија, дали ќе бидат тие што потоа по некои критериуми и теркови ќе можат секој месец или недајбоже на 15 дена, како што се служува со бензинот, да ја подигнуваат поради некои трошоци што во моментот се случуваат на светскиот и европскиот пазар. Значи, тоа е работа многу интересна што треба сите заедно овде да ја разгледаме и да направиме една правилна работа.

Исто така, тука беше објаснето дека е направена стратегија како понатаму Електростопанство на Македонија ќе се развива, дека тоа го правела Стопанската комора, но пред пратениците - јас незнам, може би некои од пратенииците е информиран - таква инфорамција не е стигната. Која е националната стратегија, до кога кои објекти и колку ќе се инвестира и како понатаму ќе се развива. Неколку пати и неколку години е кажувано дека РЕК битола има уште 10 години живот и ако не се интервенира многу брзо, тогаш ќе биде многу лошо за сите нас.

Оттука, многу од пратениците спомнаа дека долговите се многу големи, спонзорствата достигнале над 2 милиони евра, дека се направени незнам какви други трошоци, но не слушнав никој да спомне дека деновиве се води еден судски процес на еден поранешен директор на тогаш јавното претпријатие електростопанство на Македонија, кој е осуден на 5 години поради тоа што проневерил 4 милиони марки или евра, но излгледа дека 4 милиони марки беа, и сега од Електростопанство немаме никаква реакција како можел тогашниот директор кој што бил генерален директор на Електростопанство да дозволи 4 милиони марки никој да незнае каде отидоа, а точново предизборието 1998 година. Јас незнам, познавајќи го него, мислам дека

човекот не ги земал за него сигурно, вред е, но ред е да се каже зошто и како и каде се потрошени тие пари, а не да остане вака 5 години да одлежи за некој. Тоа е едно ипол годишно произовдство на ХЕ Тиквеш. Добро, тоа не е битно, битни се како што рековте лукот, пиперките, доматите, и другите работи.

Тука слушнав една верзија дека еве почнале некои од пратениците да ми додаваат букви, придавки, додавки. Но има една друга вистина, една важна работа која без разлика дали позицијата се викала СКЈ - КПМ, СКМ - ПДП, СДСМ, многу пати верувала и не убедувала дека тука ако прифатиме одреднеи акти и работи, после тоа ќе тече мед и млеко дека се ќе биде вред, Македонија ќе тргне на вистинскиот пат. Но за жал, стигнавме да го промениме и Уставот, да го промениме и знамето, да го промениме и името, да промениме се, но не видов нешто подобро и денес може би е полошо од било кога досега.

Кажувате дека овие промени што се случуваат немаат партиски реванизам, дека гледајќи од левата страна некои од вработените ги имаме во Еектростопанство, но гледајќи од мојата лева страна и гледајќи кој што има, мислам дека многу од нивните роднини се наоѓаат во Електростопанство, на некои роднини, на некои блиски, а тие работеле и пред 1998 година, и никој од нив не беше избркан. Тука ни беше кажано да се изнесат апсолутни вистини. Апсолутна вистина е дека сите овие 1100 вработени што се наоѓаат на списокот само оние што се вработени после 1999 година. Тоа е едната вистина и просекот од 10 повторно е вистина, значи, донесуваме една работа што некој ќе треба изгледа да реализира нешто што ветува.

Судството донесе одлука 2 милиони марки да се платат на работниците од Електростопанство на Македонија, кои беа избркани од

1999 година, но никој за тоа не одговараше. Тие пари се платија, господата останаа во Електростопанство, и понатаму работат, некои се генерални директори, неки се помошници на генералните директори но одговорноста не ја зедоа.

Во однос на она што пред малку го прикажав како табеларна состојба за она што беше оставено 1998 година постојат записници и моја среќа денес е што тука е г-динот Черепналковски, кој на времето беше секретар во Министерството на г-динот Чадо, но не се сеќавам добро на тоа, кога беше повикан во РЕК Битола и кога лично имавме можност доби задача, односно задолжение од г-динот министер наредните три дена да ги помине во РЕК Битола, да ги побара сите документи, затоа што рудникот беше оставен во состојба после една недела или еден месец работа да може да се затвори поради големите ѓоа технолошки нестабилности, кои самиот имаше можност да ги види и да му бидат презентирани.

Што понатаму? Ние во моментов кажуваме до каде се стигнати, во моментов да ги оставиме оние работи што било и што завршиле, да се вратиме на она што значи денес и за она што значи отпуштање на овие работници, од каде би стартувале и со што би стартувале.

Моменталната работа на раководството и луѓето кои се вработени во ЕСМ, не е она што се претставува дека се е толку чисто и се работи толку перфектно што едноставно нема никаква потреба никој ништо да проверува, контролира или пак нема никакви материјални штети по работењето во Комбинаот. Што сакам да кажам? Во меѓувреме се случи една хаварија со генераторот во ХЕЦ Тиквеш, комплетно изгорен, донесен повторно на премотување. Се стопија лежишта во Хидроцентралата Маврово, направени се многу хаварии во РЕК Битола,

но еве да го оставиме тоа, да прашаме нешто што е директно и генерално.



СПИРО МАВРОВСКИ: (Продолжение)

Генерална работа е до каде се стигнало со трансформација на ниво на ЕСМ. Тоа е основно за да можеме нешто да прифатиме. Значи дали се почнало со одвојување на производството, одделување на преносот и дистрибуција. Таква работа сигурно нема. Инаку би знаел нешто повеќе. Понатаму до каде е стигнато со инвестицијата од Светската банка по однос на ревитализацијата на хидроцентралите; до каде е процесот со либерализацијата, бидејќи тие процеси многу брзо ќе дојдат. Ние имавме некои датуми и тоа тука не го добив. До каде е со трансферот на електрична енергија што може да носи големи пари, но во моментот не носи ништо за ЕСМ, за жал. Што се случува со наплатата на електрична енергија во Електродистрибуција Битола, каде што луѓето ја наплаќаат со физичка работа наместо казна затвор. Дали и тоа е дел од овие програмски реформи што ги предвидува ЕСМ. И на крајот колкава е цената на чинење на киловат час, точно сега, затоа што едноставно тоа е она што ќе ни даде податок за тоа дали одиме во права насока.

Ова што сакаме да го кажеме во случајот е дека Колективниот договор за кој зборувавме многу повеќе минатиот пат и кој укажува на работи што кажуваат дека едноставно по тие критериуми кажавме дека било кој вработен во ЕСМ, во секое време може да биде испуштен од работа, во зависност од тоа кој него го бодува. Значи да не се залажуваме и да не ја залажуваме македонската јавност дека тука учествувале многу луѓе дека тие толку сериозно, со некои мерки и критериуми, сето тоа го гледале, што едноставно се гледа работата, прво е направен списокот, па потоа се барани методи и начини како тие

луѓе повторно да се стават на списокот и да бидат избркани од работа. Тоа е она што со два збора можеме да го кажеме на луѓето за да го знаат, што некој овде ќе кажува тука дека некој ги вработил за да ги избркаат. Мислам таа теза не држи, многу е опасна, а ја пласирате цело време. Треба да се знае кој кого вработил и кој кого ќе избрка. Тоа се ќе биде во ред, затоа не постои ниеден начин понатаму за да најдеме методи по кои методи ние понатаму ќе продолжиме да работиме и да знаеме дали има начин овие луѓе да останат на работа или да не останат на работа.

Би сакал да кажам нешто директно за вработените.

Во ХЕЦ Глобочица има 7 градежни инженери и сите се вработени пред 1998 година. Ниеден од нив не е прогласен за технолошки вишок. Дали има потреба од толку инженери, сигурно знаат вработените во ЕСМ. Но, затоа се избркани три самохрани мајки и тоа мајката на четворката од Вевчани. Тука се избркани луѓе кои имаат Економски факултет, но затоа нивните шефови се со виша и средна школа кои и понатаму ќе работат и ќе бидат стручни да ја извршуваат својата работа. Истото се случува во Крива Паланка. Да се избрка правник од работа кој е единствен, а инкасаторите се со трет степен и основно образование. Се брка дипломиран електро инженер, а се унапредува референт по наплата со трет степен, автолакер. Се бркаат два инкасатори, два електро монтери кои се неопходни за нормално функционирање на фирмата. Во Штип истото се случува да има 21 илјада броила со два електро монтери што треба 500-600 броила да ги обавуваат годишно. Не би сакал тука да зборувам за РЕК Битола каде што има простор да се примаат нови електроинженери, електричари, рударски инженери, затоа што и вчера не можевме да се објасниме што

значи тоа што тие места биле понудени на јавен тендер. Вие на јавен тендер може да понудите место кое е празно, а јавниот тендр и фирмата што ќе го добие, може да го вработи секој оној кој е вработен во РЕК Битола, затоа што тие луѓе цело време работат во РЕК Битола, паралелно со нашите вработени, но за жал добиваат дупло помала плата и покрај тоа што комбинатот го чинат повеќе пари отколку нашите вработени.

Би сакал да кажам нешто за Електродистрибуција Скопје. Во Електродистрибуција Скопје има 5 екипи од по 3 луѓе кои ги одржуваат трафостаниците 10 на нула 4 киловолти. Овие луѓе треба да одржуваат 1500 трафостаници. Годишно треба да се вршат по три прегледи на секоја трафостаница од што еден генерален преглед. За да го извршат ова на нив им треба уште три такви екипи. Значи и во Електродистрибуција Скопје каде што има 200 илјади броила, повторно фалат 2 екипи. Истото тоа се случува и со оние екипи кои треба да ги баждарат сите тие броила. И минатиот пат кажавме дека се дава образложение и одлука за распоредување на работно место, во месец февруари, а веќе во јули месец му доделувате решение за бркање од работа. Значи или тогаш сте го излажале човекот, или сега.

На крајот би сакал да кажам неколку збора за големиот број на лаги кои ги слушнавме и не знам што понатаму да размислувам.

Првото беше дека ДДВ нема да се покачи од 5 на 18%. Меѓутоа, тоа се случи, ДДВ се покачи. Откако се покачи стапката на ДДВ, генералниот директор ни вети дека електричната енергија во Република Македонија до крајот на годината нема да биде покачена. Но за жал од 1 јули тоа се случи и веќе имаме 7% зголемена тарифа на електричната енергија. Дали овој проблем се наоѓа во Владата на Република

Македонија која сака да го стори ова, како што им беше презентирано на иницијативниот одбор на избрканите, или тоа е генералниот директор. Јас сеуште не можам да најдам кој точно треба да биде тој кој ќе почне и да ги спроведе овие реформи.

Сега во последно време е изваден еден документ од ММФ кој никој го нема видено. Прашувам дали и тоа не е дел од овие претходно искажани лаги.

Не видов ништо од она што требаше да го сторите, туку директно се удри на вработените. Тоа што требаше да го сторите е намалување на трошоци и загуби во преносот. Тука мислам и госпоѓата пратеник ќе треба да се вклучи малку повеќе, формирање на ДООЛ организации. ДООЛ организации што ги кажавме повеќе пати, организации кои учествуваат во ремонтите, организации кои учествуваат во одржувањето. Истото она што се стори во 1995 година, постои можност и начин да се седне и да се разговара и да видиме кои се тие производни единици кои може да се одделат и да можат независно да работат во склучени договори со ЕСМ.

Решавање на случаите, на оние кои сега имаат инвалидски решенија. Тоа е многу битна работа која се остава години со ред наназад и остануваат нерешени.

Од вашиот елеборат видовме, повеќе од 1000 луѓе се на возраст од 56-65 години, со повеќе од 31 година стаж. Значи тука можеме да направиме, да се најде некој начин како тие луѓе да се обештетат и безболно да може да основаат работни места. Видовме дека има многу наплати на прековремени работни часови. Значи имаме потреба од такви луѓе, штом се плаќаат прековремени часови.

Сето тоа откако ќе го видиме, гледаме дека од сето тоа, од сета таа реконструкција што требаше да се направи во ЕСМ, едноставно нема ништо. Останува заклучокот дека ова е чист политички реваншизам. Овие луѓе, како што кажав прво се напишани во списоците, а после тоа се барани критериуми.

Цело време тука слушаме од страна на позицијата - бевте на власт 4 години, не затворивте никој, бевте 4 години на власт не избркавте никој. Вие сега затоа сте на власт сите да не затворите и сите да не избркате од работа. Но, јас велам дека има утре, има и Господ. Затоа да се внимава на сите постапки што ги правите затоа што вие тука сте избрани од народот што едно време стигнавте во ситуација да го изневерите тотално.

Сакам уште еднаш да ја потсетам македонската јавност, како и актуелната Влада која очигледно заборавила дека меѓу двата круга во 1998 година односно во периодот од само 2 недели во државната администрација вработи над 2 илјади лица блиски до СДСМ. По преземањето на власта од ВМРО-ДПМНЕ не беше отпуштен ниту еден од овие 2000 илјади ново вработени.

Се поставува следното прашање, зошто актуелната Влада не примени реални и правични социјални и економски мерки, туку започна директно со бркање од работа? Зошто не се изготвија анализа и програми за реално и правично спроведување на реформите? Зошто не се слуша гласот на народот во чие име цело време се повикуваме, со ова е нарушено и едно правило на праведноста. Не прави им го она на другите што не сакаш да ти го направат тебе. Сепак ЕСМ не е приватна компанија за тој што е моментално на власт да ја чувствува како таква и да ги носи овие решенија што во моментот се носат.

На крајот би апелирал, како народни пратеници да го застапувате народниот интерес, а тој е демократија и работа што ќе донесат напредок на целата држава. Би Ве замолил да не поминувате бегло преку факти и вистини, да се грижите за вработените, затоа што без нив и без енергија нашата држава за кратко време ќе биде на колена, а после тоа, господа, дали сте позиција или опозиција е малку важно, затоа што ќе ја немаме државата.

На крајот, она што го започна господинот Макрадули.

Мене цело време ми е чудна една друга работа, како СДСМ без никаков имот, во опозиција на овие парламентарни избори 2002 година, да има таква ударна медиумска кампања. Од каде сето тоа? Тоа треба некој да му го објасни на народот. Тоа е прво.

Второ чудно е, како сегашниот премиер и после толку години премиерствување не направи ништо и пријавува само 5000 илјади евра. За што се работи? Да не ги штети тие пари за нови вработувања, или пак не му достигнуваат за негови лични потреби. Тоа еднаш треба да го разјасниме, затоа што се повикувате на такви работи. Јас морам да ве повикам и на тоа.

Кажавте дека тие се договори за кои се потпишани формулари кои биле исти, но господа, политиканството и квази популизмот од вашата страна нема граници. Вие го убедувате народот дека ова што ќе ги избркате луѓето на улица е тожно од овие луѓе што тука се обиделе да најдат вработување и обезбедиле позитивно економско работење кое вие самите го потврдивте. Кои се вашите тези, тоа што се извртени сите овие работи, она што им го ветивте дека на 15 септември народот ќе ја земе власта во свои раце, веќе се очекува, 15 септември е многу блиску, па народот ја зеде власта во свои раце, да

видеме како ќе реарига на сите ваши ветувања и сите оние работи кои што ги ветивте и ги исполнивте во овие 11 месеци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имаме многу репрелики и ќе одиме по редоследот на пријавените за реплики.

Има реплика госпоѓата Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Јас кажав дека Парламентот не го сметам за место каде ќе спорам за стручни наоди, со г. Мавровски. Меѓутоа сметам дека барем по три точки должиме објаснување на македонската јавност и на моите колеги од струката.

Првото прашање што најкратко можам да го објаснам е прашањето на увозот на електрична енергија во државата и како се планира тој увоз.

Секоја година, на почетокот на година Министерството за економија изготвува енергетски биланс за наредната година, врз основа на потребите што ќе ги прикажат потрошувачите во Република Македонија. Оваа година, врз основа на тој план предвидено е дека треба да се увозат 964 гига ват часови електрична енергија и врз основа на овој план во Министерството за економија ЕСМ објавува тендер за увоз. Овој план до сега не е реализиран. Ова е план за 2003 година. Овие бројки што ги наведе колегата Јордановски, тоа е реализирано до април 2004 година.

Зашто се јавува овој кусок на електрична енергија во Република Македонија и покрај тоа што акумулациите во хидро електраните се полни?

Имено, количината на потребна увезена енергија во Република Македонија во 2003 година речиси коинцидира со вкупните потреби на електрична енергија на двата комбинати Силмак Јагуновце што изнесува 595 гига ват часови и ... индустрија од 390 гига ват часови, вкупно 985 гига ват часови електрична енергија од 964 гига ват часови кои треба да се увезат.

Само овие два комбинати добиваат електрична енергија со милоста на претходната Влада по цена 2,2 центи за киловат час електрична енергија, додека енергијата која се увезува е со цена повисока од 3,2 центи по гига ват час. Тоа е првото прашање.

Колегата Мавровски тука себе си се промовира како рецензент на делата на академиците и стручњаците во Македонија. Не знам како тоа си го зема за право, но сакам да му објаснам дека далекуводите не се градат врз основа на тоа што некој кажал нешто, туку постои точно прецизна методологија и пресметки како се планира изградба и потреба од далекувод во електроенергетски систем. Тој токму затоа се вика систем затоа што еден далекувод не се гледа односно не значи ништо сам. Значи се е во функвија на целиот систем.

И на кратко третата точка што сакам да ја кажам. Имено второ пат се јавува потреба да ги подучувам колегите тука за содржината на законите што Собранието само ги носи, а тоа е за ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Борозан, Ви измина времето за реплика.

Господине Мавровски имате реплика една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да видиме колку ќе бидат репликите. Јас сум спремен, нема проблем, ако на некого му давате по 5 минути ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, пред да Ви дадам збор да Ви кажам две работи.

Прво Вие сте еден од ретките пратеници што зборува по еден час, а никој не му се уфрлува во збор. Исто така сте еден од ретките, кога зборуваат другите, постојано се уфрлувате. Јас сум тука претседател кој треба да води грижа да имаат луѓето мир кога зборуваат. Ве молам да не се уфрлате ниту во збор на претседател ниту во збор на пратеници кои дискутираат. За времето на пратениците колку зборуваат, има овде компјутер кој го мери. Ако вие зборувате 50 минути и ви се гледа малку, а нејзините 3 минути по Деловник ви се гледаат многу, тоа не е проблем на претседателот и на репликантот, туку на Вас.

Сега имате една минута реплика и не Ви дозволувам да спорите со времето на компјутерот и со мене по тие прашања.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господата Борозан упорно се обидува и понатаму да ни држи предавања за тоа што значи увоз на електрична енергија. Треба да каже дека 670 гига ват часови во тековната година хидропотенцијалот е поголем од оној што беше претходната година, токму тоа количество кое тука е прикажано за Југохром. Таа треба малку подобро да ги знае тие работи, а ФЕНИ работеше и претходните 4 години. Така што

зголемената потреба со ваков хидро потенцијал и со постоечките температури во тековната година мислам не држи место и за тоа нема што да спориме. Овде јас го изнесов мислењето на г. Томе Бошевски што е јавно искажано и не знам што треба да мисли г-ѓата Борозан дали да го прифати и што тука не и е јасно, може да спори со господинот академик. Со мене нема што да спори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Панде Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Нема да му одговорам на г. Мавровски за ваквите паушални дискусии и приказни од многу низок ранг.

Во 1998 година кога во ЕСМ се примени толку вработени колку што ги презедовме од енергетика и ... кои работеа во склоп на Железара, после трансформацијата на Железара. Проверете уште еднаш кој беше прв човек на оваа компанија кога падна Косиот мост, член на ВМРО-ДПМНЕ.

Мене од ова Собрание ме избраа да одам да ја санирам состојбата во РЕК Битола. Практично тој добро знае преносот на РЕК Битола почна откако ние го саниравме РЕК Битола.

ЏЏИИИ/1.- ЈМ/МЛ

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ: (продолжение)

Тој знае точно како работеше РЕК Битола пред паѓањето на филтерот, работеше со 160 мегавати и тн. исто така кој ја зголеми снагата во РЕК Битола три по 15, односно 45 мегавати, да не губиме многу време во тоа. Козјак уште еднш кажувам, тендерот го распиша вашиот човек. На тој тендер се јави само една фирма која беше

поддржана од Владата да финансира градежни работи, затоа што сега ќе имаме исти проблеми и со Матка 2, односно Света Петка, практично ќе се јават многу компании да обезбедат опрема, меѓутоа многу малку, или воопшто нема да се јават да финансираат градежни работи. Козјак, финансирањето на градежните работи се јави Кинеската влада преку нивна компанија Хајнен, а не фирма човек. Исто така, во 1998 година кога заминувавме направено е најмаксимално производство на копот Суводол, односно над 30 милиони кубици раскривка, а веќе следната 1999 година направено е под 24 милиони. Нека оценат луѓет што значат 6 милиони кубни метри раскривка и каков рудник е оставено после ваква максимална раскривка. Има податоци, нека се проверат. Во однос на квалитетот на јагленот што кажува стручњакот и одроните очиглендо нема ниту најосновни познавања и не сакам да одговорам на тоа прашање. Осломеј Запад, ако Панде Лазаров не беше испратен исто така да не кажам ако не од Собранието, од Владата во 1994 година, знае и градоначалникот, тука е, тогаш беше градоначалник, дали и каков ќе беше сега Осломеј и дали воопшто некој од таа гарнитура што ја кажува Мавровски знаеше воопшто што значи Осломеј Запад.Практично во 1996 година Осломеј ќе беше затворен и денеска немаше да работи. Меѓутоа, благодарение на нашата упорност ние го отворивме Осломеј Запад, а не неговата гарнитура. Кредитот од Светска банка за ревитализација на Хидроелектраната. Како можеш така да ја лажеш македонската јавност. Проверете кој го доби кредитот. Меѓутоа, вие кога дојдовте не знаевте да почнете да го реализирате кредитот и ден денес кредитот многу малку е реализиран. Кредитот го реализиравме ние оваа година. Шт се однесува на мајката на четворката од Вевчани, таа и понатаму си оди на работа и ќе си остане на работа. Немојте да ја заварувате македонската јавност.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Лазаров тука искажа многу работи. Кажа, ова е невистина, ова е невистина и сега јас во една минута не ќе можам да му одговорам на се, но ќе пробам.

Прво, ова што го кажува за Козјак за косиот мост дека тоа било дело на ВМРО-ДПМНЕ, конечно не знам дека во 1993 година, или 1995 година ВМРО-ДПМНЕ беше на власт во Република Македонија и кој премиер тогаш ги потпиша овие решенија. Знам дека кинеската фирма Хане компанија, сигурно господинот Лазаров сега знае дека воопшто не постои повеќе, дека тој договор знаеме како одеше, што одеше. Тоа е точно дека се направени три по 15 мегавати појачување, но сега со склучен договор за добиени зелени пет мегавати енергија договорот со ЕУМЗ ова раководство потпишан, го поништи.Ревитализацијата на хидроелектраните, ако е заинтересиран господинот Лазаров ќе му донесеме список што се е направено во претходните четири години, што е ревитализирано, ако не знае. А вие за ова што пишувате за Вевчани и што ни кажувате дека лажеме и дека братот на загинатиот човек во Вејце од Битола дека и тој ќе остане на работа, а можат да останат сите сега на работа откако беа на тие списоци, значи можеме да се вратиме ако почнеме сите 1100 луѓе да ги разгледуваме еден по еден, да ги вратите сите на работа. Ако тоа сте го гледале требаше да го направите пред да ги ставите на списокот. Сега е многу лесно да го вратите овој, да го вратите оној. А хаваријата на косиот мост сигурно дека, уште еднаш тврдам беше со полициско обезбедување кога беше штрајкот во РЕК Битола. Зад тоа морално, одговорно и секако стојам пред целата

македонска јавност. А хаваријата на ХЕЦ Тиквеш не ја спомна господинот директор за генераторот.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Јас би сакал да реплицирам во врска со искажаното за работењето на подружница РЕК Осломеј. До 1998 година беше направена таква ревитализација на блокот да може да работи многу подолго време без проблеми. Кондиционо беше спремна електраната за многу поголеми резултати. Останува прашањето отворено, каква е кондиционата спремност на електраната после овие четири години?

На второто прашање, средствата за рудникот Осломеј Запад беа обезбедени, опремата купена и ставена во функција, а на вас остана на три пати да ја сечете лентата за наводно отварање на рудникот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Илиевси не кажа ништо за тие нестручњаци што го водеа рудникот посебно, бидејќи се работи за рудникот, негови колеги, ценети луѓе и во Кичево и подалеку кажав. Дали тој рудник беше отворен тогаш, тој малку подобро знае и како се копаше рудникот кога пред тоа се вадеа трасите од постоечките системи за под нив да може да копаат јаглен. Тоа беше тоа што беше средено и оставено во рудникот Осломеј за да може понатаму без никакви проблеми да продолжи со работа.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, јас навистиа мислам дека не заслужува Мавровски да му се одговори после едни такви навредителни инсинуации што ги кажа за премиерот. Очекувам координаторот на

пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се огради од овие небулозни изјави на Мавровски. Така што да се откажам од реплицирањето и споменувањето на некои работи, се повикува на некои виши сили кои исто така како што кажувате и што велат да не се лаже и да не се краде. А битолчани знаат дали има 400 киловолтен далновод од Битола до Лерин изграден во овие четири години, или можеби безжичен сте го направиле.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас не знам за какви небулози господинот Макрадули зборува тука. А првото што почна беше со вашиот претседател лидер и не исплука сите и тоа за него се е во ред, не треба никакво извинување, дека сите тука што ги гледате од вашата страна се некои лопови и арамии кои што треба да бидат затворени и дека тие гледале во овие четири години само за нив, не гледале ништо за народот, сето ова другото што е правено било направено во штета на македонскиот народ. Господине Макрадули, што мислите вие, каде и кој ќе ви верува вас? Дали јас го кажав тоа за премиерот, јас го кажав она што е напишано, дека ги има 5000 евра и дека нема ништо друго имот. Ако е некој премиер толку години, сигурно дека и вие прикажувавте таму некој имот од 1000 евра. Не знам за што се работи. Сега имаме тука некој проблем што треба да го разјасниме. Нема никаква небулоза, ниту некоја изјава што треба да биде ваква, или таква, а најмалку да се извиниме на некого.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со дебата. Господинот Коце Трајановски бара збор. Меѓутоа, претходно би сакал во својство на претседател кој претседава со Собранието да соопштам нешто во врска со расправата. Веќе час и повеќе расправата се одвива во правец кој нема никаква врска со тоа што е предложено. Се расправа за коси мостови, за инвестиции, за пред 1998 година што не е предложено за дневен ред. Никого не прекинував за да не бидам сватен дека во таа насока се одвива.

Дозволете да се обратам на предлагачите на Информацијата. Во моментов се присутни од прилика половина од предлагачите на Информацијата. 22 луѓе имаат предложено Информација, од прилика половината во моментов се присутни во салата. Како еден аргумент. Дозволете да се обратам на опозицијата која предложи материјал за расправа, ако сакате да го послушате мојот совет. Имам впечаток дека добрата волја прво моја да закажам итна седница за една точка што досега многу ретко некој претседател применувал на барање на опозиција. Во изминатите четири години никогаш не го прифатиле тоа. Волјата на мнозинството пратеници да прифатат дневен ред по таква точка, имам впечаток дека почнува да се злоупотребува и да се оди во бесконечна дебата со постојано повторување на истото веќе два дена и особено со почнување на дебати и дискусии кои немаат врска со тоа што е предложено, туку историјат на ЕСМ од 1991 година, од 1992, 1993, па кој раководел со косиот мост и тн. Мислам, и ве советувам дека ако продолжите на ваков начин да го употребувате правото кое го добивте со мнозинството гласови во Собранието автоматски ќе го исключите вашето право во идните четири години мнозинството да ви гласа повторно барање за итна седница, затоа што влегуваме во варијанта кога дебатираме за истите работи постојано без никаков критериум дали

веќе има потреба за тоа да се дебатира и мислам дека правите лоша инвестиција во добрата волја на мнозинството на наредните точки кога ќе барате да се стават на дневен ред од ваков карактер да има добра волја, затоа што тоа почнува да се употребува на начин кој веќе моја оценка е дека нема да кореспондира со целите кои треба да се постигнат со таа расправа. Затоа советувам да не се употребува на таков начин таквата волја на Парламентот, затоа што во иднина ќе се соочите со фактот дека нема да се дозволи со едноставно гласање против вакви информации на дневен ред.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам да ве поправам дека  не се 22 предлагачи, туку се 17 плус 2. Значи 19 се. А во салата мислам дека се присутни повеќе од 15. Значи не се половината да ги нема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По Деловникот 20 пратеници можат да предложат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

20 има, можеби еден не сум избројал.

Денеска на дневен ред на оваа седница е Информација за состојбите во АД Електростопанство на Република Македонија и селективната примена на правото во процесот на реформите со отпуштањата на вработените. Сакам да кажам дека заедно со Либералната партија, значи пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија побараа итна седница на ова Собрание да се

расправа по оваа точка и благодариме што оваа седница се закажа и еве, се одржува. Меѓутоа, сакам да кажам дека од февруари наваму, еднаш со пратеничко прашање, а вториот пат и со информација од Владата сакавме ова прашање во врска со состојбите во Електростопанство да ги актуелизираме. Ние претчувствувавме дека ќе се случи ова што се случи со Електростопанство т.е. масовно отпуштање на 1100 вработени од АД Електростопанство. На оваа седница се разјаснија многу дилеми и недоразбирања и вистината за ЕСМ се слушна во јавноста во Република Македонија и притоа сакам да кажам, да не се манипулира дека се прави реформа, туку граѓаните треба да видат дека овде едноставно и еднострано се прави отпуштање на вработени кои што се вработиле во изминатите четири години во владеењето на претходната власт, дека се прави грубо кршење на Законот за работни односи со формулацијата дека се прават структурни, технолошки и економски промени, дека се злоупотребуваат одредбите од Колективниот договор член 199 и член 207 со кои се врши бодирање на лицата кои што треба да се отпуштат од работа, дека се прави упад во Синдикатот со цел да бидат поддржани овие бркања од работа. При ова сакам да истакнам дека состојбата на генералниот директор кој што се става во улога на работодавец заедно зо менаџерскиот тим на ЕСМ, а другите да се работници, во крајна линија е смешно, знаејќи дека ова не е фирма во приватна сопственост, дека до вчера и генералниот директор беше обичен работник, т.е. советник во АД Електростопанство, а можеби утре кога ќе се промени власта исто така. И велиме која е неговата мотивација за да направи исправни реформи во АД Електростопанство. Мислам дека предусловите не се такви за да можат да се прават вакви масовни отпуштања. Не се работи за приватна фирма. Ги нема

предусловите, ја нема мотивацијата за да направи чесна реформа во АД Електростопанство. Затоа што тој често како човек кој што од претходната власт беше оставен како советник и што е добро, мислам дека се тие и западни текови и ние треба да тежиме и се надевам дека тоа ќе биде во наредните десетина години кога директорот од опозиција во позиција кој што бил и стално во опозиција само ќе ја промени канцеларијата и ќе ја заземе на директорот, на заменик директорот на тоа јавно претпријатие, а не како сега што се прави отпуштање на сите оние кои што досега биле вработени во претходниот мандат.

За божемната лоша финансиска состојба која сака да се прикаже како еден и единствен аргумент за причината за бркање на 1100 вработени од АД на ЕСМ. Со ова практично се искажува немоќта на оваа Влада во преговорите со АД ЕСМ да се избори за да нема, за да реформите не бидат со масовни отпуштања, бидејќи имаме најави и за многу поголеми отпуштања и во другите јавни претпријатија. Исто така сакаме да укажеме и на последиците кои ќе настанат од овие масовни отпуштања од социјален, здравствен, криминална, семејна природа, емиграција на население и други последици кои што ќе настанат во Република Македонија. Дека ова е пробен балон за бркање од работа и во другите јавни претпријатија и државни органи во Република Македонија. И доколку ова успее, тогаш ќе се продолжи со нив, а веќе се прават списоци и во тие институции кои што ги наведов. Да не се кажува дека се прави реформа, туку едноставно дека ова отпуштање на сето она што било вработено во изминатите четири години. На крајот се надевам дека нема да биде срушено сето она што беше постигнато. Само би сакал да напоменам дека ние така не работевме кога дојдовме во 1998 година, дека последните години од 1992 до 1998 сите знаеме во

каква состојба ја затековме Република Македонија. Впрочем, и зошто народот ја изгласа недовербата на СДСМ, сигурно не беше поради љубов, туку напротив поради лошата состојба и најглавно поради големиот број на невработени. Значи секоја онаа Влада која што нема да направи доволен број на вработувања, нека не се надева дека ќе остане на власт. Претходната беше шест години, ние бевме четири години. Доколку продолжи овој процес на зголемување на бројот на невработени, не знам дали оваа Влада по оваа прогресија ќе издржи четири години. Главниот мотив е бројот на вработувањата, никакви дискусии, никакви програми, никакви демагогии.

Во 1998 година кога дојдовме на власт, вие претходно меѓу двата круга вработивте вкупно 5084 вработени од кои 2958 со договор на дело и 2136 со решение. Сите тие беа распоредени во јавни претпријатија и државни органи, не беа во приватни фирми, од кои што мислам дека околу 600 беа и во Електростопанство на Република Македонија. Ја плашевте јавноста тогаш дека ВМРО-ДПМНЕ ќе сруши се што било направено од претходната Влада.

ЏЏИВ/1.-ПЈ/ОМ

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ: (Продолжение)

Но, излезе спротивното. Со цел да се задржи макеоднскстоо единство и да се зачува државата и да се тргне кон позитивни реформи ниту еден од тие вработени 5084 кои што беа меѓу двата круга, како што некој кажа дека ние сакаме да ги уфрлиме овие исто така, тие беа примени само во еден месец со одлука на тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија беше заклучено ниту еден да не бид еизбркан од работа. Туку, напротив , и тие што беа со договор на дело полека да им се дадат решенија, иако имваме законски основ со непродолжување на договор на дело, тие автоматски да престанат со рабтоа и да станат невработени.

Што се случува сега? Се случува една партиска пресметка, со која што се бркаат сите оние кои што беа вработени во последните 4 години.

Значи, се разградува системот, се уништува Република Макеоднија о што ќе се случи доколку кога ќе дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт го примени истиот систем кој што вие сега го применувате. Едноставно ќе се разгради државата и ќе анстане колапс во Република Макеоднија. Сметам дека давате лоша порака за понатамошните влади кои што треба да доаѓаат. Не подавате рака, не разбирате дека на овој начин ќе се случи нешто кое може да биде лоша пракса во Република Македонија.

Со доаѓањето на господинот Панде Лазаров на власт на 4.11.2002 година, само за 2 дена на 6.11.барав да се достават списоци на сите вработени од 1999 година до 2002 година. Тука кажа дека е тоа потребно, заради согледување на состојбата. Се сложувам, меѓутоа, заради согледувањето на состојбата Електростопанство немаше вработено 1100 или 1200, колку што сметавмте дека се во овие 4 години. Требаше да барате за сите вработувања, за сите луѓе кои што се вработени во Електростопанство, со сите нивни податоци кои што ги имаат, за да би можеле да направите целосна анализа. Ова, само со тоа писмо кое што го праќате на 6, после 2 дена на вашето именвуање во Владата на Република Макеоднија, ги селектирате луѓето. Притоа, барате вработени последнито месец, последните три месеци, последните шест месеци, последните дванаесет месеци и од 1.01.1999 година, па се до 2002 година. Мислам дека уште тогаш дадовте јасен сигнал како и на кој начин ќе работите и каде ќе бидат насочени вашите активности. Затоа, после владеењето во овие 7 месеци, исто така, резултатите се катастрофални, заради тоа што единствено се бавите со опозицијата и со она што било работено на разгледување на сето тоа што е направено. Не само што господинот Панде Лазаров доби советничко место и што е добро , повторно ќе потенцирам туку

напротив, и други луѓе што беа против и други луѓе кои што беа родители или пријатели на истакнати политичари од опозицијата, тие не беа сменети од работа, напротив беа на усовршување во Америка, во Германија и во другите држави. Само би ги истакнал од фамилијата на госпоѓица Шекеринска. (Реакција на г-динот Јани Макрадули), г-дине Макрадули ќе имате право за реплика, па можете да искажете. Ги има докумените и можете да видите дека во 1999 година дали не било во ред, дали не било така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На двајцата ви советувам одржувањето на редот да не си го дозволувате самите. Ќе ве замолам сите генерално, ја претворивме оваа дводневна дебата , расправа за 10 илјади луѓе во Електростопанство по име и презиме. Мислете малку на приватноста на луѓето коине се јавни функционери како нас. Ние немаме право на приватност, тие имаат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас се извинувам претседателе, во позитивна смисла го кажав, во смисла на тоа дека на тие луѓе тоа не им е ускратено. Со првиот ден на г-динот Лазаров се отпуштени сите кои се со договор на дело и притоа се примени други и нови луѓе. Колкав е нивнито број, е знае генералниот директор. Јас не би сакал тука да прејудицирам. Меѓутоа, иамме сознанија дека се примаат луѓе кои учествувале во штајкови, во приватни фирми, какошто е случајот со Печатницата "Гоце Делчев". Целиот иницијативен одбор или дел од нив се вработени во Електростопанство. Дали времено, дали со решение, незнам, тоа би можел да го знае само

генералниот директор. Би сакал да истакнам дека ние не сме против реформи, меѓутоа, сакам да кажам дека ние сме против тоа реформите да се прават на ваков начин, само со едноставно отпуштање од работа на вработените. Реформите подразбираат нешто малку повеќе од тоа.

Врз основа на она што се прави со грубото кршење на Законто за работни односи, во одлуката за технолошки вишок е во спротивност со Законот за работни односи, со член 125 во Колективниот договор и со член 19о. Во членот 125 се вели, да не парафразирам, да не го читам многу е голем: "поради поголеми промени во производствеанта програма, реорганизација, структурни и технолошки, кои ќе предизвикаат потреба од намалување на бројот на вработени". Од анализата и од Елаборатот, кој го имавме достапен и Предлог -програмата може да се види дека нема ниту помали , камало поголеми технолошки, структурни или било какви промени, освен укинување на работни места и намалвуање на бројто на извршители, т.е. со промената на Систематизацијата. За сите тие работни места на кои работат или имаат решение вработени кои се од 1999 година до 2002 година. Овој член може да се употреби само ако навистина има подобрување на технологијата и се премине, на пример, од Драчево каде биле потребни 100 луѓе, па имаме нова технологија која што бара вработување од дваесетина луѓе. На ваков начин сметам дека се употребува овој член, со кој што законодавецот дал можност на фирмите кои што имаат технолошки промени, за да можат да прават реформи и во областа на бројто на вработените. Освен тоа овие луѓе упатуваат на судски процеси. Ние знаеме пред неколку седници го разрешивме судскито совет, нов Уставен суд и со тоа на некој начин се изврши партизација во

судството, така што овие луѓе незнам што ќе прават на судските процеси.

Околу злоупотребата на Одредбите од Колективнито договор, сметам дека со бодирањето е направена нееднаквост пред Законот, т.е. се применувани методи со кои што се бодираат само луѓето кои што се примени од 1999 година наваму. Покрај тоа , прво, се истакнати списоците за вработени на кои им престанува работнито однос, а потоа бодовните листи. Сметам дека ова требало да биде правено по обратен редослед и затоа има големо сомневање дека бодирањето практично било за да ги поткрепи листите кои што биле направени за луѓето да се отпуштат.

При бодирањето има неколку члена кои што сакам да ги истакнам и кои што укажуваат на тоа дкеа при бодирањето е употребена огромна субејктивност. Од можните 360 бода околу 260 се субјективни.

Прво, за квалитет и квантитет на извршенир аботи се добиваат 90 бода.

За навремено извршување на работи 60 бода.

За користење на средства 20 бода, за разионално користење на средства.

За значење на работното место 46 бода или вкупно 216 бода од можни 360 бода. Ова се крајно субјективни критериуми и слободно може да се ка1е дека може било кого и со билокаква стручна подготовка со она билокакво работно искуство со било коај социјална и материјална положба, да биде ставен на оваа листа, се во зависност од тоа како раководителот гледа на тоа и дали тој работник претходно е прејудициран. Исто така, направен е и упад во Синдикатот, бидејки Синдикатот единствено може да прогласи штрајк како крајно средство за

остварување на своите права на вработентие. Јас не би сакал да елаборирам повеќе, само би сакал повторно да потенцирам и тоа средство им е оневозможено на  овие вработени. Значи, пак ќе повторам дека лошата финансиска состојба која што се истакнвуаше како единствен критериум поради кој што се отпуштаат од работа овие вработени, сметам дека е само параф, поради неможноста на оваа Влада да преговара со ММФ и да издејствува реформи , кои што ќе значат не отпуштање од работа, туку ќе значат рационализација. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави господинот Панде Лазаров.

ПАНДЕ ЛАЗАРОВ:

Два дена слушав како Панде Лазаров бил советник во претходната власт. Не бев советник. Немојте и за тоа да парафразирате, затоа што два дена тоа го слушам, но бев трпелив, па сега тоа ви го кажувам.  Дазнаете дека не бев советник, бев обичен инжињер во развој.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика, Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, ние сега можеме 20 денна да зборуваме , тоа е кодот и затоа некој е координатор, некој не е и не можеме да го смениме. Јас мислам дека имавме еден фер, џентлменски, незваничен договор, не договор, туку разговор за тоа да не ги споменуваме имињата, посебно не

да измислуваме и да лажеме, а јас пак наивен помислив дека господинот Трајановски ќе се извини за небулозите на Мавровски, но тоа е сега, што да правиме, тие се луѓето.

Значи, еден директор со 28 години стаж беше поставен за обичен инжињер. Исто така, еден човек со 28 години стаж од трите можни скалила во својот сектор што работеше беше поставен на најниско ниво. Не мешајте проекти што се добиени со стручност и компетентност од Светската банка со патувања што беа диктирани од раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, се откажувам од дискусијата, со цел да го зачуваме дигнитетот на Собранието. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван директор на Електростопанство, почитуван претставник од Владата на Република Макеоднија,

Ќе бидам, навистина концизен. Тука два дена расправаме за нешто што мислиме дека е наша вистина. Вистината индивидуално се

докажува, таа сама излегува на виделина тогаш коа ние најмалку очекуваме и тогаш кога можеби и ќе не изненади. Едноставно нашата политичка лексика, припадноста на политички блокови илипак коалиции или политичка партија, не ни дозволува ни метафизички ни дијалктички да ја согледаме вистината и ние упорно тврдокорно си седиме во нашите ровови и дискутираме за нешто што претставува со еден збор реформа. А, туак треба да се договориме за следното. Дали реформите во Република Македониај можеме да ги изведуваме во согласност со сите меѓународни финансиски институции, ММФ и Светската банка, во согласност со она што претставува наш процес за стабилизација и асоцијација со ЕУ и во согласнсност со она што го направивме како членка на Светската европска организација, или не можеме. Дали притоа заборавame на човечка судбина или на човечки судбини. Дали можеме да правиме реформи во услови ког аимаме 384 илјади невработени, а треба да отпуштимеуште 1100. Тоа е круцијалното прашање и ние тука треба да се лоцираме, да и помогнеме и на ЕСМ и на Владата како парламент, како највисок законодавен дом. Ако има резерви, а зборувавме многу, независно како беа тие тука етикетирани предлози од наша страна, ние како Парламент може врз база на нашите информации како предлагачи да дадеме заклучоци, кои што понатаму ќе бидат препорака на Владата во тој контекст да постапи. Да му помогнеме на раководството на ЕСМ, ако имаме сила да се договориме тука, независно дали сме опозиција или позиција, луѓето да не ги отпуштаме од работа, да се изнајдат ресурси, потенцијали кои што ќе значат барем во овој момент наш курс на концептот. И, верувајте, тој тренд ако почне во ЕСМ, сега зборуваме за ЕСМ, навестените гласини во здравството, во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор,

независно од нашата политичка опција, ќе значат натамошно зголемвуање на бројот на невработените. Во тој контекст беше дискусијата дек ание независно од позиција или од опозиција да смогнеме сили, да дадеме препорака, да ја изгласаме таа препорака тие заклучоци во насока да не се отпуштаат луѓето,а притоа со внатрешнир езерви или со помош коај што ние тука во законска форма можеме да ја изгласаме за методологија, која што ќе значи, тука имаше разни предлози, за 5, 6 можни, решавањето на проблемто на невработените. Едоставно, јас мислам дека имаме сила, се работи за човечки судбини, да изгласаме сите заедно да не ги отпуштаме вработените, со сета почит кон критериумите, со сета почит кон Програмата за функционална реорганизација, со сета почит кон елаборатот кој е изготвен таму, да не ги отпуштаме луѓето, за нив сме тука. Тоа е крајната поента, тоа да го направиме како позиционен и опозиционен блок и мислам дека тука леѓи одговорот зошто овие два дена бевме тука и така мислам дека треба да постапиме. Доколку се најдат можности, комбинирани со социјална димензија, со димензија на преструктуирање, со димензија на внатрешни резерви, тогаш сигурно пак тука во парламентарната дебата во позитивна и конструктивна смисла, ние тоа би го подржале. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој веќе не бара збор.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратниците што се во ходник да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Координаторите на пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и на ЛП, господата Коце Трајановски и Стојан Андов поднесоа Предлог заклучоци кои се поделени.

Со оглед дека немаме кворум за гласање тука ќе ја завршиме седницата, а гласањето ќе го извршиме, да не доаѓаме само за едно гласање, пред почетокот на седницата закажана за 16 овој месец.

Има измена во планот што ви го соопштив минатиот пат, ќе имаме уште една седница после 16, ќе ја закажам за 22, затоа што Владата бара уште неколку закони да поминат пред годишните одмори.

Благодарам на присуството.

Седницата заврши со работа во 19,00 часот.